РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ “СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ” - СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СТУДИИ ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

Магистерски Труд

# Влијанието на Лисабонската Декларација врз реформите во средното образование во Р. Македонија

Ментор :

Проф. д-р Зоран Матевски

Студент :

Ивановски Петар

Скопје, Јуни 2012

# Содржина

Вовед ........................................................................................................ 1

## I - ДЕЛ

### ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМИТЕ И НИВНИ ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

1. Образование ........................................................................................ 6

2. Средно образование ............................................................................. 7

## II - ДЕЛ

### ЛИСАБОНСКИТЕ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

1. Лисабонска Декларација ..................................................................... 10

2. Растеж ................................................................................................. 13

3. Конкурентност и динамичност ........................................................... 13

4. На знаење базирана економија и општество ........................................ 14

5. Повеќе и подобри работни места ......................................................... 15

6. Финансирање во јавната потрошувачка за образованието и обуката ........... 15

7. Јасен недостаток во приватното финансирање во клучните области

за економијата базирана на знаење ......................................................... 17

8. Инвестирање во обука и задржување на персоналот во образованието........ 18

9. Инвестирање во нови основни вештини ................................................ 19

10. Инвестиции за обезбедување пристап до доживотното учење за сите ....... 19

11. Зголемување на мобилноста и размените .............................................. 20

12. Инвестирање во ИКТ ........................................................................ 20

13. Натпросечни високи стапки на неуспех и осипување ................................ 21

14. Инвестирање во иновирање на курикулумите ........................................... 22

15. Зајакнување на врските со бизнисот ........................................................ 23

16. Пристап до интернет и мултимедиски извори ........................................... 24

17. РТД – Пробудување на апетит за наука кај младите ................................... 24

## III – ДЕЛ

### ВЛИЈАНИЕТО НА ЛИСАБОНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА ВРЗ РЕФОРМИТЕ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

1. Реформите во средното образование во Р. Македонија ............................. 25

2. Лица кои прерано го напуштиле образованието (ЛПНО) ......................... 30

3. Читање со разбирање на Програмата за меѓународно оценување

на учениците (ПИСА – тестирање) ............................................................ 33

4. Лица со завршено средно образование ..................................................... 34

5. Финансирање ........................................................................................ 37

6. Децентрализација и либерализација ......................................................... 37

7. Граѓанска одговорност ............................................................................. 41

8. Поврзаноста со пазарот на трудот ............................................................ 43

9. Зајакнување на регионалната и на европската соработка во

области на пазарот на трудот ................................................................... 46

10. Интеграција во Европската Унија пред пазарот на труд ......................... 46

11. Средно образование на надарени и на талентирани ученици ................. 47

12. Доживотно образование ........................................................................ 49

13. Средни училишта за возрасни ................................................................ 52

14. Еднаквост .................................................................................................... 54

15. Наставен план .............................................................................................. 55

16. Екстерно оценување во образованиeто ........................................................ 58

16.1. Државна матура ........................................................................................ 58

17. Европска интеграција .................................................................................. 62

18. Квалитет ...................................................................................................... 62

19. Информатичко – комуникациски технологии – ИКТ ................................... 67

20. Транспарентност .......................................................................................... 72

21. Обука на наставниците и стручниот кадар ................................................. 74

## IV – ДЕЛ

### МЕТОДОЛОШКА ПОСТАВЕНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Формулирање на проблемот на истражувањето ......................................... 77

2. Цели и задачи на истражувањето ................................................................ 78

2.1. Научна цел на истражувањето ................................................................. 78

2.2. Практична цел на истражувањето ........................................................... 78

3. Задачи на истражувањето ........................................................................... 78

4. Предмет на истражувањето ......................................................................... 79

4.1. Дефинирање на основните поими во истражувањето ............................. 79

5. Генерална хипотеза ..................................................................................... 81

5.1. Посебни хипотези ..................................................................................... 81

6. Методи и техники на истражувањето ......................................................... 81

## V – ДЕЛ

### РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ


1. Резултати од анкетните истражувања кај професорите ...................... 84
2. Заклучок од анкетниот прашалник со професорите ..................... 103
3. Резултати од анкетните истражувања кај учениците .......................... 108
4. Заклучок од анкетниот прашалник со учениците .............................. 124

Заклучок ........................................................................................ 127

Користена литература ........................................................................ 131


### ПРИЛОЗИ


Анкетен прашалник за ученици ................................................................ 139

Анкетен прашалник за професори ......................................................... 149

# Вовед

Образованието претставува носечки столб во развојот на секоја држава и е основен двигател во сите пори на државата. Тоа е фундаментално човеково право. Образованието им овозможува на децата, младите и возрасните, моќ критички да размислуваат, да прават избор, а со тоа и да си го подобрат животот. Помага да се намали сиромаштијата и претставува клучен елемент на економскиот и социјалниот развој на едно општество. Знаејќи го ова, развиените земји во Европската Унија, за стратешки цели ги поставиле задачите - образованието и обуката во Европската Унија да станат најконкурентни и најдинамични, се со цел да се доближат со останатите најразвиени земји во светот (САД и Јапонија), кои со помошта на силното и конкурентно образование, се во самиот врв на економскиот и технолошкиот развој.

Спогодбата од Лисабон (првично позната како Реформска спогодба) официјално наречена Спогодба од Лисабон, претставува меѓународен договор потпишан во Лисабон на 13-ти декември 2007 год. Таа има за цел да го промени, но и прошири делувањето на ЕУ. По ратификацијата од страна на сите земји на ЕУ, Спогодбата стапила на сила на 1-ви декември 2009 год. (Европски социјални политики: Нов процес на социјално вклучување на Европската Унија, 2002:5)

Лисабонската Декларација е насочена кон ширењето на најдобрите пракси и побрзо приближување на главните цели на ЕУ. Таа е осмислена да помогне на државите – членки истовремено да ја развијат сопствената политика со целосно децентрализиран пристап. Таа вклучува дефинирање на инструкциите на ниво на ЕУ во комбинација со посебен распоред за постигнување на целите кои се поставени, утврдување на показателите и мерилата кои ќе послужат како средство во споредување на најдобрите пракси, оценување и изедначено известување организирано така да послужи како процес на взаемно учење (Европски социјални политики: Нов процес на социјално вклучување на Европската Унија, 2002:5)

Во Европската Унија постои согласност дека едукативните системи мора да се адаптираат во свет на доживотно учење, а во неколку држави – членки ова води кон

размислување во врска со вклучување на едукацијата и нејзиниот придонес во борбата против социјалното раслојување со важноста од охрабрувањето за континуирано учење во групите кај повозрасните (Извештај од Европската Комисија: Конкретните идни цели на едукативниот систем, 2001:8)

Зголемувањето на стандардот на учење е многу важно ако Европа сака да стане конкурентно општество со другите најразвиени земји во светот. Тоа е, исто така, потребно ако Европа посакува да им овозможи на своите жители подобро да ги развијат нивните способности и спремности, да ги остварат нивните потенцијали како индивидуи, како членови на развиено општество. Сите држави членки ја препознаваат важноста на квалитетот, како и препораките од Европскиот Совет и Парламент за квалитет на училиштата, како и обезбедувањето на високите стандарди на учење за секој во Европската Унија.

Потребата на училиштата и институциите да се поврзат со светот на бизнисот е општо прифатена во ЕУ. За таа цел, ќе се настојува поврзувањето да биде што поприсутно со компаниите, а сето тоа е составен дел од процесот на обезбедување вработување (Извештај од Европската Комисија: Конкретните идни цели на едукативниот систем, 2001:14)

За таа цел, Лисабонскиот Европски Совет во март 2000 год. ги постави следните стратешки цели на Европската Унија:

- Подобрување на квалитетот и ефикасноста на системите за образование и обука во Европската Унија;
- Овозможување пристап кон системите за образование и обука;
- Отворање на системите за образование и обука кон поширокиот свет;
- Зголемување и подобрување во вложувањето во знаењето;
- Поттикнување на иновации, зголемување на употребата на информациските и комуникациските технологии;
- Општество втемелено на знаење, кое ќе мора да тежнее кон здрава и силна економија;

- Спроведување на Програмата "Доживотно учење", кое ќе ги опфати сите фази на образование на луѓето, стремејќи се кон континуитет во образованието и обуката;

- Зголемување на мобилноста на учениците во земјите членки на ЕУ

Овие поставени цели сè со цел Европа да стане најкомпетитивната и најдинамичната економија во светот, способна за одржлив економски раст со повеќе и подобри работни места, како и поголема социјална кохезија. Европскиот Совет, исто така, изјави дека Советот и Комисијата треба да поднесат извештај со детална програма за работа до Барселонскиот европски совет, во март 2001 год. Иако, постоеле и претходни програми со слична цел во образованието (како особена важна се смета програмата која била потпишана во Мастрихт, 1992 год.), сепак, Лисабонската Програма – Образование и обука 2010, е главната насока по која се движат европските земји, како и останатите земји кои се кандидати за влез во големото европско семејство. Во согласност со принципот на супсидијарност, оставено е на самите земји – членки да решаваат за акциите што ќе ги преземат при заклучоците и самите да ја имаат целосната одговорност во содржината и организацијата на нивните образовни системи. Советот на министрите и Комисијата, на секои две години усвојуваат заеднички извештај за спроведувањето на "Образование и обука"[1], со којшто се следи напредокот и се даваат препораки на земјите – членки на ЕУ.

Како земја кандидат за членство во ЕУ, од Р. Македонија се очекува да ги зголеми и подобри инвестициите во човечкиот капитал и да изгради и усвои систем на образование и обука, што ќе биде во согласност со барањата и потребите за новите компетенции. Р. Македонија е исправена пред серизони предизвици, за кои сè обврза дека ќе ги исполни, иако при исполнувањето на задачите ќе наиде на тешки одлуки и реформи, кои понекогаш ќе бараат големи отстапки и откажувања од традицијата и менталитетот. Во Р. Македонија започна проект на подобрување на капацитетите на училиштата со цел да работат во децентрализиран систем преку спроведување на самоевалуација на училиштата и развојно планирање на училиштата со помош на

---

[1] Деталната програма за работа за последователните активности на целите на системите за образование и обука воЕвропа COM (200)501 може да се најде на: http://www.europa.eu.int/comm/education.doc/official/keydoc/keydoc_en.html

грантови од Светската Банка, УСАИД, УНИЦЕФ и ЕУ за развој на училиштата. Р. Македонија настојува да го зголеми бројот на учениците и подобри нивниот успех, како и квалитетот на наставата преку создавање и креирање на нови наставни планови и програми, да се врши квалитетно оценување на постигнатото кај ученицте, да се подобри квалитетот и понудата на обука за професионален развој на наставниците.

Патот кој нашето општество треба да го изоди води преку подобрување на капацитетите за стратешко и финансиско планирање на образовни менаџери на локално, општинско и финансиско планирање со цел креирање на политика за подобрување на ефективноста и ефикасноста на образовниот систем преку воведување на формула за финансирање, подобрување на аналитичките капацитети и воведување на информационен систем за менаџмент на образованието, како и преку редифинирање на улогите и зголемувањето на надлежностите на владините агенции (МОН: Проект за модернизација на образованието: Извештај за напредокот на проектот, 2005:6)

За таа цел, Европската Комисија преку претпристапната помош која ја дава за Македонија, има за цел да ги поддржи напорите на земјата во исполнувањата на Копенхашките критериуми и да ги постигне главните цели на Лисабонската стратегија.

Денес во светот постои силно изразена тенденција за создавање на претприемничко општество, како во развиените земји, така и во земјите во транзиција. Основата на секое претприемничко општество е создавање на претприемничка свест и култура кај секој поединец и општество во целина. Во нашата држава евидентно е дека постои слабо приспособен систем на образование и обука, како еден од аспектите на човековите потенцијали. Образовните институции имаат проблем со справувањето со растечките потреби, но и со бројот и разновидноста на целните групи. Една од причините за ова е големиот недостаток на флексибилност и адаптација на овие институции и нивниот пристап кон промените (Национална програма за развој на образованието на Р. Македонија, 2005 – 2015:7)

Имено, во нашите образовни институции потребно е да се едуцираат индивидуи, способни да се справат со предизвиците на времето во кое што ќе живеат и работат. Интерактивниот процес на учење што од децата ќе создаде, како што метафорички се изразил, познатиот филозоф Едгар Морен, "глава што мисли, а не глава што памти", би требало да е суштината на севкупните реформи во образованието, не само кај нас, туку

и пошироко. Модернизацијата на македонските образовни институции е еден од основните услови за успешно придвижување кон економијата, која ќе се базира на знаење. Ситуацијата во која се наоѓа Р. Македонија, предизвиците со кои се соочува денес и ќе се соочува во перспектива, ги прават неопходни реформите во сите пори во образованието.

# I – ДЕЛ
# ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМИТЕ И НИВНИ ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

## 1. Образование

Образованието е глобална категорија и педагошки процес, кој се состои од усвојување на нови научни знаења од целиот свет. Образованието мора да го карактеризира динамички и флексибилно поставена структура, која ќе овозможи непречена мобилност на учениците, студентите и наставните кадри, да функционира по јасно утврдени механизми кои ќе овозможат негова адаптибилност и подготвеност да се излезе во пресрет на променливите потреби на поединците и општеството во целост. (Образовните системи во Европската Унија, 2010:9)

Основната функција на образованието е да ги всадува најзначајните општествени вредности кај поединците и редовно да ги пренесува од генерација на генерација, Тоа придонесува да се зајакне хомогеноста на општеството, при што, долгорочно гледано, е важно за преживувањето на општетвото (Социологија на образованието, 2002:107)

Образованието мора да ги надминува проблемите и да ги елиминира факторите кои предизвикуваат осипување на корисниците на образовните услуги.

Благодарение на секојдневните училишни сознанија, се развива интелектот, се развиваат способностите за вреднување и познавањето на различните вредности кај луѓето. Се запознаваат високо морални вредности, се оспособува индивидуата постепено, преку сите нивоа на образованија, да стане независна единка. Само на овој начин, индивидуата ќе може по завршувањето на неговото образование, да биде способна за креативно и активно учество во производствено - технолошките, научно и уметнички и општествени процеси во едно современо општество.

Образованието се дефинира како активност чија цел е развивање на знаењата, моралните вредности и сфаќањата кои се бараат во сите области од животот (Коковиќ,1994:57)

Преку образованието се пренесуваат и општествените вредности и одредена традиција, обичаи, верувања, морал и се она што е специфична култута за одредена култура за одредено општество и народ (Социологија на образованието, 1999:59)

Образованието претставува важен механизам со кој се одбираат поединците за нивната улога во оптшеството, па така тоа функционира за да ги распредели човековите ресурси според структурата на улогата на оштеството (Социологија на образованието, 1999:189)

Образованието делува на промената и на одржувањето на општеството – истовремено.

Постојат два вида на образование: формално или институционално, кое се изведува низ училиштата во основното и средното образование и се изведува спонтано, каде може да се следи од самообразување на идивидуата до индиректно воспитно и образовно влијание надвор од формалниот систем на образование (Социологија на образованието, 1999:61)

## 2. Средно образование

Средното образование е потсистем во образовниот систем, каде се остваруваат планови и програми за гимназиско и стручно образование и трае 4 години. Средното образование се остварува во средни училишта, кои се организираат како јавни училишта - државни и општински, како и приватни училишта. Дејноста, што се остварува во средното училиште е од јавен интерес и се врши како јавна служба. Во стручното образование се запишуваат редовни и вонредни ученици кои завршиле основно образование. Стручното образование може да биде од тригодишно и

четиригодишно траење, како и специјалистичко образование. Во стручното оспособување до двегодишно траење се вклучуваат и лица без завршено основно образование, но непосредно со стручно оспособување се завршува и пропишаната програма за основно образование. За да се организира настава за стекнување на средно образование, потребно е да бидат исполнети повеќе услови меѓу кои: потребен број наставен кадар, соодветна опрема за наставната технологија, потребен простор, според пропишаните педагошки стандарди и нормативи, програма за воспитно - образовна дејност и сл. (Образовните системи во Европската Унија, 2010:17)

Според законот на Р. Македонија, може да се организираат следните видови средни училишта: гимназии за гимназиско средно образование, стручни училишта за средно стручно образование, уметнички училишта за средно уметничко образование и училишта за средно образование на хендикепирани ученици.

Средното образование по однос на структурно – организациската и програмско – курикуларната насоченост може да се насочува во следните воспитно – образовни подрачја: јазично – литературно подрачје, општествено – хуманистичко подрачје, производно, техничко – технолошко подрачје, природно – математичко подрачје, подрачја на одредени струки и занимања.

Организацијата на средното образование треба да овозможи стекнување на современи знаења, потребни за вработување во соодветните струки и занимања, продолжување на образованието на факултетите и академиите (Образовните системи во Европската Унија, 2010:17)

Гимназиското образование има општообразовен карактер и претставува интегрален дел на системот на средното образование. Се организира и развива самостојно како процес. Овој тип на образование претставува темелна подготовка на учениците за понатамошно образование, за успешно вклучување и завршување на студиите на високото образование, како и системско развивање на индивидуалните и интелектуалните способности (анализирање, проучување, синтетизирање, истражување). Истовремено, гимназиското образование им овозможува на учениците стекнување на хуманистички, морални, естетски и граѓански вредности, поттикнување на творештво, толеранција, разбирање и соживот со останатите припадници на заедницата.

Средното образование во Р. Македонија, во учебната 2009/2010 година е организирано во 100 училишта. Според Државниот завод за статистика на Р. Македонија, во 2009/2010 год. во нив се школувале 95.343 ученици, а наставата ја изведувале 6.880 професори. Исто така, постојат и 2 верски средни училишта, во кои се образувале вкупно 257 ученици, а наставата ја изведувале 39 професори. Во Р. Македонија има и 4 специјални средни училишта, каде наставата ја посетувале 311 ученици, а наставата ја изведувале 72 професори.

# II – ДЕЛ

# ВЛИЈАНИЕТО НА ЛИСАБОНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА ВРЗ РЕФОРМИТЕ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

# ВО Р. МАКЕДОНИЈА

## 1. Лисабонска Декларација

Во март 2000 год. во Лисабон, Европскиот совет ја поставил пред ЕУ амбициозната стратешка цел, до 2010 год. Унијата да стане најконкурентна и најдинамична на - знаење базирана економија во целиот свет, способна за одржлив економски раст, со повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија. Потврдувајќи дека Унијата стои пред квантно поместување, предизвикано од глобализацијата и економијата раководена од знаење, Европскиот совет нагласил дека има потреба не само од радикална трансформација на европската економија, туку и од предизвикувачка програма за модернизацијата на системите за социјална грижа и образование. Советот укажал дека иднината на европската економија и општество, зависат од вештините на неговите граѓани и дека тие треба постојано да се осовременуваат, што е карактеристично за општества базирани на знаење (Коминике од Европската Комисија: Ефикасно инвестирање во образование и обука. Брисел, 10.01.2003: 5).

Според Лисабонската Декларација, предвидено е самите земји членки на ЕУ да донесуваат одлуки за акциите што ќе ги преземаат според принципот на супсидијарност (жаргон во ЕУ за донесување одлуки на пониско ниво од владата).

Советот на министрите и Комисијата, на секои две години усвојуваат заеднички извештај за спроведувањето на "Образование и обука 2010", со којшто се следи напредокот и се даваат препораки на земјите – членки на ЕУ.

Извештајот на напредокот во 2007 год. се состоел од 5 репери и 16 индикатори, за да го анализира напредокот, постигнат од 2000 год. (Македонското образование во

светло на реперите и индикаторите за “Образование и обука 2010” – Програма за работа на Европската комисија, 2009:18)

Петте репери со кои се следи имплементирањето на Програмата, се следниве:

- Да нема повеќе од 10% лица кои прерано го напуштаат образованието
- Намалување за најмалку 20% на процентот на ученици со ниски постигнувања во читање со разбирање на Програмата за меѓународно оценување на учениците (ПИСА – тестирање)
- Најмалку 85% од младите треба да имаат завршено средно образование
- Зголемување за најмалку 15% на бројот на студенти кои ќе дипломираат математика, природни науки и технологија, со истовремено намалување на родовиот дисбаланс
- 12.5% од возрасното население треба да учествува во доживотното учење.

Шеснаесетте основни индикатори за следење на напредокот кон остварување на Лисабонските цели за образование и обука се:

- Учество во предучилишно образование
- Образование за деца со посебни потреби
- Лица кои прерано го напуштиле образованието
- Писменост – читање со разбирање, математичка писменост и писменост по природни науки
- Јазични вештини
- Граѓански вештини
- Вештини за учење
- Лица со завршено средно образование
- Професионален развој на наставниците и обучувачите

- Дипломирани студенти

- Крос – национална мобилност на студенти во високото образование

- Учество на возрасните во доживотното учење

- Вештини на возрасните

- Образовното ниво на населението

- Инвестирање во образованието и обуката

- ИКТ – вештини

Индикаторите се групирани во 8 стратешки области кои ги одразуваат политичките приоритети на "Образование и обука 2010":

- Доживотното учење да стане реалност

- Развој на училишното образование

- Развој на средното стручно образование (ВЕТ)

- Клучни компетенции кај младите луѓе

- Подобрување на еднаквоста во образованието и обуката

- Можност за вработување

- Инвестирање во образованието и обуката (Македонското образование во светло на реперите и индикаторите за "Образование и обука 2010" – Програма за работа на Европската комисија, 2009:18)

При усвојувањето на Работната програма за целите, Европскиот совет и Комисијата, подвлекле дека за да биде ЕУ во светот водечка економија, базирана на знаење, ќе биде потребно образованието и обуката да функционираат како фактори на економски растеж, истражување и иновации, конкурентност, одржливо вработување, социјална инклузија и активно граѓанство.

Придонесот на образованието и обуката за постигнување на Лисабонската цел до 2010 год. ќе биде од извонредна важност во следните области:

## 2. Растеж

Пресметано е дека инвестициите во образованието и обуката им се враќаат на поединците (приватен повраток) и на општеството (општествен повраток) со подеднаква мера, како и инвестициите во физичкиот капитал. Растечкиот удел на услугите во економијата, брзината на технолошки промени, растечкиот научно - информациски удел на вредноста на производството, како и степенот на економско и општествено реструктурирање, ја зајакнуваат потребата за такво инвестирање. Во еден неодамнешен извештај, направен за потребите на Европската Комисијата, заклучено е дека инвестирањето во човечки капитал, во голема мера придонесува за пораст на производството и претставува атрактивна инвестиција, споредено со алтернативните трошоци, и на микроекономско и на социјално ниво. На социјално ниво, докажано било дека инвестирањето во човечки капитал е одговорно за значителен дел од вкупниот пораст на продуктивноста. Проценките на земјите од ОЕЦД (Организација за економска соработка и развој) велат дека уште една година повеќе школска наобразба, го зголемува економскиот растеж веднаш за околу 5%, а долгорочно за нови 2.5%. Според ОЕЦД, подобрувањето на човечкиот капитал е одговорно за пораст од половина процент или повеќе од годишниот пораст во неколку земји од Унијата, во текот на 90-те години во споредба со претходната деценија (Коминике од Европската Комисија: Ефикасно инвестирање во образование и обука. Брисел, 10.01.2003:6)

## 3. Конкурентност и динамичност

Конкурентноста и динамичноста се два аспекта каде ЕУ во моментов заостанува зад САД. Образованието и обуката треба да одиграат одлучувачка улога во привлекување и задржување на талентите во Европа. Јазот во продуктивноста меѓу ЕУ и САД продолжува да се продлабочува. Пренасочувањето на овој тренд, бара инвестирање не само во истражување и развој во ИКТ, туку и во развој на човечкиот капитал. Постојат докази дека причините за потфрлувањето на Европа во оваа област, се подлабоки од

само очигледната несоодветност меѓу стекнатите знаења и потребите. Тие се многу длабоко вкоренети во незадоволителното ниво на образовни постигнувања, кај популацијата на работоспособни лица.

На ЕУ ѝ биле потребни многу години да го зголеми времетраењето на просечното образование од 70% на нивото во САД во 1971 год., на 87% во 1999 год. Одливот на висококвалификувани кадри од Европа, најчесто во САД продолжува, особено во науката и технологијата. Затоа, ЕУ е одлучна да се бори против овој процес, преку инвестирање на 1.6 милијарди евра во шестата Рамковна програма за развој на истражувањето и технологијата (Коминике од Европската Комисија.Брисел, 10.01.2003:7)

Образованието, исто така, придонесува кон претприемништво, преку подигање на свеста за самовработување, како и преку развој на соодветни вештини

## 4. На знаење базирана економија и општество

Познато е дека степенот и квалитетот на човековите ресурси се главни детерминанти за создавање знаење. Главни фактори се: понудата на нови научници и инженери, зајакнување на научната работна сила, како и општото образовно ниво на населението на работоспособна возраст и интензитетот на активностите за доживотно учење. И образованието игра клучна улога во грижата за унапредување на науката и технологијата во едно општество, кое се базира на знаење. Секторот знаење, зависи од способноста на образованието, како и од привлекувањето на доволен број квалификувани лица во областите - наука и технологија. Исто така, иако иновациите вклучуваат активности за истражување и развој, тие сепак зависат и од способноста на социјалните партнери да гарантираат дека доволно добро образована и креативна работна сила, ќе ги стимулира, користи и поттикнува (Коминике од Европската Комисија. Брисел, 10.01.2003:7)

## 5. Повеќе и подобри работни места

Европскиот совет во Лисабон повикал на повеќе и подобри работни места и ги поставил целите за вработување. Образованието и обуката кон ова придонесуваат на повеќе начини. Неодамнешните истражувања прикажуваат дека ширум Европа посетување на дополнителна настава во училиште, ја зголемува платата на поединецот за околу 6.5% и дури 9% во земјите со пошироки разлики во висината меѓу платите. Во позитивната врска меѓу образованието и приходите, средното образование претставува пресвртница по која повисокото образование носи, особено високи премии. Така, доказите покажале дека стапката на невработеност се намалува со повисок образовен статус, воедно намалувајќи ги и поврзаните социјални трошоци. Јасно сé покажува дека стапката на вработување, се покачува според постигнатото образовно ниво, вклучувајќи ги и постарите лица, што е особено важно со оглед на ниската стапка на вработеност за оваа старосна група во ЕУ и рапидното стареење на популацијата во ЕУ.

Подобрување на квалитетот на работа, придонесува за зголемување на вработеноста, продуктивноста и социјалната кохезија. Две важни димензии на квалитетот на работата во ЕУ се: обуката (која се покажала дека има позитивно влијание, особено врз продуктивноста) и мобилноста (која налагала отстранување на бариерите на пазарот на трудот) (Коминике од Европската Комисија. Брисел, 10.01.2003:8)

## 6. Финансирање во јавната потрошувачка за образованието и обуката

Земјите членки на Европската Унија, просечно трошат нешто над 5% од својот БДП за јавно финансираното образование и обука, со големи разлики меѓу себе. Процентот е ист како и во САД, а повисок е отколку во Јапонија (3.5%), но е зголемуван во последните години. Во 1995 год. и 1996 год. дошло дури и до мало опаѓање, од 5.2% од БДП, на 5.1% во 2000 год., со најниска вредност од 5% во 1998 и 1999 год. кое се должело на значителни редукции во некои земји. Сепак, во истиот период, учеството на вкупната јавна потрошувачка, направена во образованието и обуката е малку

зголемена (од 10% на 11%), делумно, како последица на опаѓањето на нивоата на вкупната јавна потрошувачка во ЕУ, но и како сигнал за релативна смена на приоритетите во корист на образованието во неколку земји (Коминике од Европската Комисија. Брисел, 10.01.2003:13)

Слични показатели има и во пер капита јавната потрошувачка: бројот на новозапишаните во основното образование во последните години се стабилизирал по повеќегодишен период на опаѓање, но ова опаѓање се избалансирало со продолжениот престој на учениците во образовниот процес, што значи дека пер капита потрошувачката на генерално ниво останала стабилна, но се зголемил во корист на лицата на основно и средно образовна возраст. Во делот на доживотното учење, се јавуваат нови потреби за инвестиции, со промовирање на активно стареење во ЕУ, како придонес кон повисоки стапки на вработување и подолг работен век. Луѓето во ЕУ на возраст меѓу 55 и 64 год. имаат голем јаз во образовните вештини. Инвестирањето не се враќа во иста мера, во сите нивоа на системите за образование и обука. Така, некои стапки на социјален и приватен повраток, варираат во зависност од земјата. Некои стапки на враќања, можат да ги одразуваат и недостатоците на пазарот на трудот (невработеност меѓу нискоквалификуваните емигранти, ригидност при утврдувањето плати, низок процент на вработување жени и сл.).

Сегашните пресметки за ЕУ навестуваат дека такво враќање на инвестиции е најмало во нордиските земји, а највисоко во Обединетото Кралство и Ирска, како и фактот дека враќањето за жени е значително повисоко од она за мажи. Споредувајќи ги стапките на враќање во различните потсистеми во образовниот систем, сé забележува дека средното образование станува основен степен на образование за на-знаење базираното општество.

Постојат непобитни докази дека траењето (а со тоа и трошоците) на периодите на невработеност, драстично се намалуваат штом просечното ниво на образование од под средно, се покачи на средно образование. Денес, во ЕУ, 25% од оние на возраст меѓу 25 и 29 години и 52% на возраст меѓу 55 и 64 години, не се стекнале со завршено средно образование (Training and Learning for Competence, CEDEFOP, 2001:246).

Потребни сé инвестиции за да се обезбеди дека во иднина, секој ќе го заврши барем ова ниво.

## 7. Јасен недостиг во приватното финансирање во клучните области за економијата базирана на знаење

Постојат големи разлики меѓу ЕУ и САД, во нивото на приватно финансирање на образованието и обуката. Приватната потрошувачка за образовните институции е многу малку зголемена во ЕУ од 1995 год. па до денес (од околу 0.55% на околу 0.66% од БДП). Во Јапонија, процентот е повеќе од двоен (околу 1.2% од БДП), додека во САД, тој е дури три пати повисок (1.6%) (Коминике од Европската Комисија. Брисел, 10.01.2003:14)

Трошоците на претпријатијата за континуирана стручна обука во ЕУ, се зголемени во периодот од 1993 до 1999 год. (од околу 1.6% на околу 2.3% од вкупната цена на трудот, т.е. од околу 0.8% на 1.1% од БДП), но сепак, остануваат недоволно за обезбедување на соодветните ресурси (Коминике од Европската Комисија. Брисел, 10.01.2003:14)

Европската Унија, во целост значително помалку инвестира во образованието, отколку САД. И покрај огромното зголемување на партиципацијата и последователниот пораст на јавната потрошувачка во образованието, сегашното ниво во вкупни (јавни и приватни) инвестиции на терцијарно ниво, останува многу пониско во Европа, отколку во САД. По однос на БДП, просекот на Унијата е само 1.1%, наспроти 2.3% во САД (Education at a glance, OECD, 2002:22)

Поради овие поразителни факти, целта на ЕУ е да го подигне нивото на инвестиции во истражување и развој на 3% од БДП до 2010 год. Истовремено, сé јавува и зголемено барање за да сé обезбедат дополнителни ресурси, кои би пружиле повисок квалитет, пониски стапки на неуспех и осипување, како и подобрена социјална рамноправност во пристапот до образованието.

Другата област каде има јасна потреба од повеќе приватни инвестиции е континуираното стручно образование и обука и образованието за возрасни.

Доживотното учење сé уште е далеку од тоа да биде реалност за сите, а веќе се појавиле знаци на проширување на јазот во користењето на можностите за учење, меѓу оние со ниски вештини и оние со повисоко образование, како меѓу помладите, така и помеѓу постарите возрасни групи. Затоа е потребно да се преземат сериозни мерки за

да сé прошири пристапот и да се зголеми партиципацијата, а особено внимание треба да се насочи кон возрасните, кои се најмалку подготвени или желни, или кои имаат најмалку можности за учење.

И покрај порастот на трошењето средства на приватните претпријатија за стручна обука, сегашното ниво на финансирање, не соодветствува на предизвикот кој стои пред Европа во оваа област.

Сé уште постојат големи разлики од земја до земја. Само 40% од вработените Европјани, посетуваат курсеви за континуирана стручна обука (23% во средните и мали претпријатија) и само 62% од сите работодавци обезбедуваат некаков вид обука за нивниот персонал (56% во средните и мали претпријатија). Ова поставува сериозни прашања во врска со дијалогот меѓу јавните власти и социјалните партнери (CVTS 1 i CVTS 2, Eurostat).

## 8. Инвестирање во обука и задржување на персоналот во образованието

Како главни области се наведуваат:

а) Младите, професионално ориентираните наставници, особено во областите на отворени и флексибилни наставни методи и е-учењето, употребата на ИКТ, иновирање на курикулумите во основите и средните училишта;

б) Директорите и административниот персонал од сите нивоа, како носители

на децентрализацијата на курикулумите и менаџментот и

в) Персоналот за обезбедување, советување и водство.

Застарениот профил на наставници, обучувачи и помошен персонал во целата ЕУ, отвора посебни потреби за инвестиции, во форма на обука и мерки за привлекување нови луѓе во наставничката и обучувачката професија (Коминике од Европската Комисија. Брисел, 10.01.2003:19)

## 9. Инвестирање во нови основни вештини

Под нови основни вештини сé подразбира дигитална писменост, учење како да се учи, социјални компетенции, претприемнички вештини и учење јазици, достапни на сите возрасни групи. Повисоките нивоа на основни вештини да се прилагодени на сите возрасни, како и на вработените и на невработените. Потенцијалот на методите на ИКТ и на новото е-учење, треба и понатаму да се истражува и искористува, за да се подобри процесот на учење, да се допира до повеќе луѓе и да се намалат трошоците.

## 10. Инвестиции за обезбедување пристап до доживотното учење за сите

Јавната потрошувачка во оваа област, во голем дел е зголемена и има примери за споделена одговорност во финансирањето, вклучително и зголемената потрошувачка на бизнисот за континуираната обука. Од 1997 год. земјите членки на ЕУ, вложуваат напори насочени кон стратегиите за кохерентно доживотно учење и зголемени инвестиции во квалитет и пристап во рамките на контекстот на Европската стратегија за вработување.

Коминикето за доживотно учење, повикува на обезбедување соодветни ресурси и нивна прераспределба низ целиот спектар на учење. Целта на Лисабонската Декларација е зголемување на стапката на учество на возрасните (25 – 64 години) до 2010 год. да изнесува 12.5%.

Европската комисија изготвила Референтна рамка, која се состои од осум клучни компетенции, за доживотно учење: 1) комуникација на мајчиниот јазик; 2) комуникација на странски јазици; 3) математичка компетенција и базични компетенции во наука и технологија; 4) дигитална; 5) учење како да се учи; 6) социјални и граѓански; 7) чувство за иницијатива и претприемништво; 8) свест за култура и изразување (European Commission (2007), The Key Competences for Lifelong Learning – European Reference Framework, Office for Official Publications of the European Communities, Luxembourg, 30 December 2006:394).

Овие компетенции треба да се постигнат на крајот од задолжителното образование и потоа треба постојано да бидат обновувани.

Клучни услови за успех се развојот на нов финансиски и друг потстрек за учење и вклучување на социјалните партнери во овие стратегии.

## 11. Зголемување на мобилноста и размените

Лисабонските решенија ја потцртале потребата од зголемување на мобилноста и размените во сите земји членки на ЕУ во средните училишта. Целта е учениците да се насочуваат кон потребата да се создаде пријателска околина, да се стекнат различни знаења, искуства, идеи, но и нивно споделување, учење на странски јазици, запознавање со различните култури и народи.

Исполнувајќи ги неопходните реформи предвидени со Декларацијата, во сите средни училишта низ ЕУ во последните 10 години се зголемил интересот за програмите како Сократ, Леонардо, Младина и др. Со ова, многу училишта се отвориле кон мобилност и размените.

Ова придонело за кружен проект - поврзан со учење; каде учениците сами можат често да се предводат во вкрстување предмети и учење во тимска работа; и за нови форми на мотивација на учениците. Меѓутоа, потребата за поголема мобилност на учениците и нивната размена, не се однесува само кај учениците, туку Лисабонската Декларација предвидува и можност и учителите да поделат добра пракса со нивните странски колеги и да учат еден од друг.

## 12. Инвестирање во ИКТ

Потребно е инвестирање во хардвер, софтвер, одржување и обука, како и во развој на активности за е - учење и наставен материјал, во согласност со новата програма за е - учење. Во последните години, во сите земји се направени големи инвестиции во опремувањето на училиштата со ИКТ, спроведување интернет врски во речиси 100%

од нив, создавање мрежно базирани информации и образовни ресурси и тн. Сепак, ИКТ и понатаму ќе биде скапо средство сé додека темпото на технолошката промена не забави и тоа нé стане универзален артикал, како и приборот за пишување, што може да се случи до 2010 год. Потенцијалот за соработка меѓу јавното образование и институциите за обука и за партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор, како извор на комплементарно финансирање во оваа област, досега не бил искористен во целост (Commission Action Plan on Skills and Mobility, op.cit., точка 8)

**13. Натпросечно високи стапки на неуспех и осипување**

Во ЕУ, сé уште околу 30% ученици го напуштаат образованието без да завршат средно образование, а во некои земји висока е и стапката на незавршување на високото образование. Повисоката стапка на неуспех/осипување, можеби е резултат на прераното наметнување избор на идната насока на образование на учениците (или родителите). Воочено е дека причината лежи во нефлексибилни системи или социо - економски услови. Прерани или неинформирани одлуки, можат да водат кон повисоки стапки на неуспех, осипување или други манифестации на демотивација (Коминике од Европската Комисија. Брисел, 10.01.2003:21)

Во овој контекст, потребно е да се нагласат индиректните трошоци на перцепција на стручно образование и обука како образование од втор ред, како во средното, така и во високото образование.

За да се подобрат нештата во оваа област, заклучено е дека е потребно попродуктивно инвестирање во образованието, како и редовно осовременување на курикулумите (Commission Action Plan on Skills and Mobility, op.cit., точка 3)

## 14. Инвестирање во иновирање на курикулумите (наставни планови)

Најосновната потреба за реформи во образованието и обуката поврзана со појавата на општеството базирано на знаење се однесува на иновирање на курикулумите во општото образование, средното стручно образование и обука, високото образование и образованието на возрасни - со други зборови, низ целиот спектар на доживотно учење. Таквото иновирање треба да го одразува приоритетот што им се дава на основните вештини; диверзификацијата на патиштата и методите за учење да одговараат на разни видови ученици; ефективната употреба на ИКТ во наставата и учењето; промоцијата на одржливо вработување за мажи и жени; интеграција на европска димензија во сите курсеви, вклучително и преку ефективно учење на странски јазици и можноста за ученици и обучувачи да учат во друга земја, како и поголема проодност меѓу патеките за образование/обука (Коминике од Европската Комисија. Брисел, 10.01.2003:26)

Прашањето за иновирање на курикулумите ги опфаќа сите земји, но сепак тоа е од особена важност и итност за некои од земјите апликанти, каде што постои ризик дека финансирањето може да се насочи кон непродуктивни делови на системите за образование и обука, доколку реформите на курикулумите и понатаму се одложуваат. Обезбедувањето на квалитет е поврзано со реформите на курикулумите. Не се исплаќаат сите инвестиции во гарантирањето на квалитетот. Тоа се случува само таму каде приоритет им се дава на реформите во курикулумите, поврзани со потребите со потребите на економијата и општеството.

Обезбедувањето ефикасност на инвестициите во средното образованието и обука и остварување напредок кон Лисабонската стратешка цел, несомнено бара одлучни решенија врз посочените области, базирани врз јасни приоритети.

Лисабонските глобални цели договорени за образованието и обуката, како и оперативните цели кои произлегуваат од нив, стануваат сѐ позначајни. Намерата на Декларацијата не е да се укаже што треба да се направи во секоја од земјите членки, туку таа треба да биде водич кон која сите членки треба да се стремат. Јасно е дека ако регионите и земјите не инвестираат повеќе и поефикасно во сопствениот народ, ќе бидат сведоци на заостанувањето на сопствената економска и социјална перфоманса, како и на Европа како целост.

Поради сето ова, Европската Комисија ја нагласува важноста од стриктно придружување кон договорените цели и следење на инвестициона политика, каде доволно фондови се насочени кон овие области во кои најмногу ќе придонесат за постигнување на целите поставени на национално и европско ниво.

Постигнувањето на овие цели денес е потешко да се остварат, отколку што се мислело на почетокот: поради зголемените европски амбиции, посилната конкуренција до која дошла по зголемените инвестиции во системите за знаење во некои други реони во светот и предизвиците поврзани со демографијата и проширувањето.

## 15. Зајакнување на врските со бизнисот

Лисабонската Декларација ја потенцирала потребата на зајакнување на училиштата и образовните институции со бизнис околината во земјите членки во ЕУ. Тренингот во многу земји членки на ЕУ е присутен како нераздвоен дел во присуството на социјални партнери во организацијата на тренирање и предвидува да биде составен дел од процесот на обезбедување вработување.

Потцртано е дека самите училиштата, но и локалната власт, да воспоставуваат контакти со бизнисот во нивното локално општество и да набават модели со улога на успешни бизниси, како дел од нивниот граѓански едукативен програм.

Истражувањата покажале дека ЕУ има ограничен приватен сектор, вовлечен во едукацијата. Но, искуствата насекаде во светот покажуваат дека бизнисот има долгорочен интерес во гледање квалитетно производство од училиштата.

Затоа, Декларацијата предвидува поттикнување, а не со негово оддалечување, па дури и отстранување на бизнисот (Извештај од Европската Комисија. Конкретните идни цели на едукатвниот систем. Брисел, 31.01.2001:14)

## 16. Пристап до интернет и мултимедиски извори

Лисабонската Декларација предвидува сите училишта во ЕУ да имаат пристап до интернет и мултимедиските извори до крајот на 2001 год. а сите потребни учители да се оспособени да користат интернет и мултимедиски извори до крајот на 2002 год.

Предвидено е сите земји во Унијата да ги забрзаат нивните национални ИКТ полиси, што се однесуваат на образование и тренинг, преку финансиска помош да се покријат трошоците од користењето на ИКТ, да се организира национален форум на ИКТ во средните училишта, да се креира истражувачки и раководителски структури поврзани со ИКТ - асистирано учење и да се вложува во компјутерската опрема и инфраструктура.

## 17. RTD - пробудување на апетит за наука кај младите

Комисијата ја прифатила идејата именувана како "европска истражувачка област", насочена кон истражување и кариерите во науката. Имајќи на ум дека истражувањето и технологијата вбројуваат 25 - 50% од економскиот пораст, секоја земја во Европската Унија, забележала незаинтересираност за научни студии меѓу младите (Извештај од Европска Комисија. Конкретните идни цели на едукатвниот систем. Брисел, 31.01.2001:28)

Затоа, Европската Комисија предлага напредна координација на националните кампањи за подигање на свесноста на младите.

# III – ДЕЛ

# ВЛИЈАНИЕТО НА ЛИСАБОНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА ВРЗ РЕФОРМИТЕ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

## 1. Реформите во средното образование во Р. Македонија

Р. Македонија настојува да биде рамноправен и респектабилен член во европското и светското опкружување и тоа претставува нејзина трајна ориентација. Таа е цврсто решена да чекори по патеките на современото уредување на државата, каде образованиeто и обуката, културата, науката и иновациите, претставуваат клучни фактори за јакнење на националната економија, а воедно и на државата.

Активното учество на Р. Македонија во глобалните интеграциски процеси, подразбира и преземања на одговорност за остварување на глобалните политики во сферата на образованието.

Како земја кандидат за членство во Европската унија, Р. Македонија континуирано врши реформи во сите области, меѓу кои и во образованието, сé со цел, усогласување со законите и принципите на големото европско семејство.

Како одговор на предизвиците што ги наметнала потребата за осовременување на образовниот процес, Министерството за образование и наука започнало со имплементација на Проектот за модернизација на образованието.

Активностите опфатени во Проектот, произлегле од развојната политика на Министерството, кое е насочено кон подобрување на работата на училиштата и кон унапредување на организацијата на самото Министерство.

Министерството за образование и наука, имплементирало компоненти кои се неопходни за што поквалитетно и посеопфатно реформирање на образовниот систем во средното образование, меѓу кои се:

- Подготовка на Национална стратегија за развој на образованието 2005 – 2015;

- Реструктурирање на МОН, со цел да одговори на своите нови улоги и одговорности и на барањата на Европската унија;
- Воведување на процедури за сертификација на училишни директори;
- Овозможување на користење на компјутери во наставниот процес во основните и средните училишта.

Проектот за модернизација на образованието, има за цел да обезбеди поддршка за Министерството, во постигнувањето на неговите цели:

1. Подобрување на капацитетите на училиштата со цел да работат во децентрализиран систем преку спроведување на самоевалуација на училиштата и развојно планирање на училиштата со помош на грантови за развој на училиштата;
2. Зголемување на бројот на учениците и подобрување на нивниот успех и на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на планирањето на наставата, зголемување на квалитетот преку обуки за професионален развој на наставниците;
3. Подобрување на образовните менаџери на локално, општинско и централно ниво за ефикасноста и ефективноста на нивните активности, преку обезбедување на веродостојни податоци за образовниот сектор;
4. Подобрување на ефективноста на образовниот систем преку воведување на информативен систем за менаџментот на образованието (Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005 – 2015 со придружни програмски документи:161)

Како резултат на реформирањето на образовниот систем во Р. Македонија, Министерството за образование и култура, потпомогнато од Бирото за развој на образованието, ја донела и "Националната програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005 – 2010".

Програмата била усвоена во 2005 год. и претставува прв стратегиски документ за образованието во Р. Македонија, по нејзиното осамостојување, за кој бил обезбеден широк политички консензус.

Националната програма за развој на образованието треба да овозможи поголема компатибилност на националните стандарди со стандардите на ЕУ, усвоени со Лисабонската Декларација, развој на демократијата и унапредување на граѓанското општество и развој на современо и интегрирано пазарно стопанство во земјата.

"Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015", главен акцент има во следните стратешки области:

- Образование за сите/обезбедување на образовна рамноправност;
- Унапредување на културата на живеење;
- Зголемување на социјалната партиципација;
- Зголемување на образовната, културната и економската компетентност на македонското општество;
- Засилување и унапредување на меѓународната соработка и
- Управување со промените (Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005 – 2015: 20)

Со усвојувањето на "Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015", поставени се насоките, по кои ќе се стреми и реформира образовниот систем на Р. Македонија:

- Еднакви можности за вклучување во средното образование и спречување на маргинализација на одделни групи;
- Флексибилно образование во структурата, изборот на програмите и структурите, методите, организацијата, етапите и местото на реализирање на образованието;
- Стекнување на животни вештини, неопходни во современото информатичко општество и приближување на образованието до бизнисот;
- Примена на современи стандарди на образование и стандарди на занимања;
- Примена на усовршени наставни планови и програми, модули и курсеви, како и рамнотежа помеѓу теоријата и праксата и

- Промовирање на културата на самоевалуација и на развојното планирање на училиштето (Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005 – 2015:161)

Со цел реформирањето на образовниот систем да се одвива непречено и со несмалено темпо, Р. Македонија добила заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), во износ од 5 милиони американски долари, надополнет со грант од Холандската Влада во износ од 10 милиони американски долари, за поддршка на Проектот за модернизација на образованието (ПМО), додека 3 милиони американски долари вложила и Р. Македонија (Проект за модернизација на образованието.Извештај за напредокот на проектот, 2004 – 2005:7)

Проектот започнал во април 2004 год, додека датумот за завршување бил предвиден за 31 март 2009 год. Проектот предвидувал во рок од пет години да се вклучат сите основни и средни училишта во Македонија, во програмата за доделување грантови за развој на училиштата (Проект за модернизација на образованието.Извештај за напредокот на проектот, 2004 – 2005:7)

Пилот – проектот започнал да се спроведува во јануари 2004 год. со десет училишта, од регионот на Скопје. Во проектот биле вклучени седум основни и три средни училишта (8 Септември, Браќа Миладиновци и Зеф Љуш Марку).

Првата компонента од Проектот се состоела од четири под – компоненти: (Проект за модернизација на образованието.Извештај за напредокот на проектот, 2004 – 2005:8)

1. Развојно планирање на училиштата
2. Грантови за развој на училиштата
3. Оценување во образованието
4. Обука на наставниците во текот на работата

Според потребите за обука биле поделени на:

- Обука на наставници за информатичка технологија
- Обука на настава за оценување на учениците
- Обука на наставници за современи наставни форми и методи
- Обука на наставници за оценување на ученици
- Обука на наставници за работа со ученици со специјални потреби

- Обука на наставници за англиски јазик (Проект за модернизација на образованието.Извештај за напредокот на проектот, 2004 – 2005:16)

Во соработка со Бирото за развој на образованието, биле организирани и 11 пред – тестирања. За таа цел, се одржале 91 семинари за обука на училишните координатори и 581 семинари за обука на тест администратори. На семинарите, учествувале наставници и од средните училишта (Биро за развој на образованието на РМ). По завршувањето на тестовите, се организирале 11 дополнителни семинари за евалвација на отворените прашања од тестирањата, каде биле организирани за 20 наставници од средните и за наставници од основните училишта. Бил организиран и трет циклус за обука за градење на наставниците за аналитичко описно оценување, со вкупно 132 организирани семинари (Проект за модернизација на образованието. Извештај за напредокот на проектот, 2005:31)

Биле извршени обуки за подготовка на испитни програми и пишување прашања/задачи за гимназиско образование, изработени испитни програми, како и програмите за оценување. Како една од поважните резултати, кои се реализирале со Проектот за модернизација на образованието, се смета потпишаниот договор со консултанска фирма за спроведување на компонентата за децентрализација на образованието и одобрувањето на новата систематизација на МОН. Систематизацијата овозможила реконструкција на постојната структура на централно и на регионално ниво.

Дополнителни десет лица од Државниот просветен инспекторат, биле префрлени од регионалните одделенија на ДПИ (Државен Просветен Инспекторат), во централните, со цел да се осигури доволен човечки потенцијал за новите улоги и одговорности. Испитниот центар успешно го спровел националното оценување за меѓународно оценување ПИРЛС со 11 пред- тестирања (Проект за модернизација на образованието.Извештај за напредокот на проектот, 2005:32)

Програмата за развој на училиштата, продолжила со својата реализација, во која сите средни училишта имале право да аплицираат за грантови, почнувајќи од 2005 год. Р. Македонија преку Националната стратегија за вработување, воспоставила цел за намалување на бројот на оние кои го напуштаат образованието на максимум 10% до 2010 год., преку подобрување на квалитетот на образованието и на наставните планови на сите нивоа на образование, преку спроведување на средното стручно образование,

зголемување на конкуренцијата преку приватни средни училишта, како и со мерки за елиминација на причините за прерано напуштање на образованието (Национална Програма за развој на образованието 2005-2015:293)

## 2. Лица кои прерано го напуштиле образованието (ЛПНО)

**Табела 1**

| ЕУ репер | Цел на ЕУ До 2010 г. | ЕУ – 27 просек | Најдобри постигнувања на земјите од ЕУ SI CZ PL | Постигнувања на земјите од ЈЕИ HR BG | Р. Македонија |
|---|---|---|---|---|---|
| Лица кои прерано го напуштиле образованието (18-24%) | Не повеќе од 10% | 17.6% (2000) 14.8% | 7.5%, 5.5%, 7.9% 4.3% 5.5% 5.0% (2007) | 8.3% 20.3% 3.9% 16.6% (2007) | 32% (2002) |

Извор: Еуростат; единствените достапни податоци за Македонија се од Пописот 2002 год.

Од табелата 1 се забележува дека во ЕУ и покрај напредокот со 14.8% лица кои прерано го напуштиле образованието во 2007 г. е сè уште далеку од исполнувањето на реперот од 10% до 2010 год. Од земјите кои имаат најдолго задолжително образование (до 18 – 19 години.), како Белгија (со 12.3% ЛПНО), Германија (со 12.7%) и Унгарија (10.9%), се забележува дека сè уште не го исполнуваат критериумот предвиден со Програмата, а исклучок е само Полска, со 5.0 % ЛПНО.

Како една од мерките кои се предлагаат за да се намали бројот на ЛПНО во земјите членки на ЕУ е да се понудат различни содржини на образовните содржини, со што би се мотивирале младите да останат што подолго во училиште. Понатаму,

истражувањата[2] направени од Европската Комисија покажувале дека националните политики на ЕУ за проширување на средното стручно образование, треба да обезбеди насоки што ќе резултираат со квалификации кои што се доволни за вклучување на пазарот на труд. Како една од мерките кои треба да се применат е погрешното советување на послабите ученици да се насочуваат во стручните училишта.

Во Р. Македонија, според табелата 1 јасно се гледа дека има негативен тренд, односно стапка од 32.2% на ЛПНО во 2002 год. Податоците јасно укажуваат дека Р. Македонија е далеку под европскиот просек од 14.8% ЛПНО и уште подалеку од просекот на државите од Југоисточна Европа, Бугарија со 16.6% и Словенија со 4.3% на ЛПНО во 2007 год. Поради овие поразителни бројки, преку усвојувањето на "Националната Програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005 – 2015" на Министерството за образование и наука (МОН), сé предвидело образование за сите, под еднакви услови, без оглед на родот, личните способности, етничката и религиозната припадност. НПРО предвидува намалување на бројот на лицата, кои прерано го напуштаат образованието на максимум 10% до 2010 год. преку подобрување на квалитетот на образованието и на наставните планови и програми, како во средните, така и во останатите нивоа во образованието. Предвидено е спроведување реформи преку спроведувањето на средното стручно образование (ВЕТ) и на реформите на тригодишното стручно образование, зголемување на конкуренцијата преку приватни средни училишта (Национална програма за развој на образованието 2005-2015:299). Со спроведувањето на бесплатните учебници од Министерството за образование и наука (МОН), за учениците од семејствата кои се корисници на социјалната помош во учебната 2008/2009, како и дистрибуирањето на првите бесплатни учебници, се означил почетокот на проектот "Бесплатни учебници", во 2009/2010 год, со што биле опфатени сите македонски основни и средни училишта, и е чекор што Р. Македонија го направила за драстично намалување на лицата кои прерано го напуштаат образованието (Министерство за образование и наука на Р.М. 2008).

---

[2] European Commission DG EAG;(2005),Study on Access to Education and Training: Early School Leavers,London:94

Како една од најзначајните реформи извршени во средното образование во Р. Македонија се смета Законот за средно образование [3], со што средното образование станало задолжително и со тоа се зголемил бројот на годините за задолжителното образование во земјата. Во завршните забелешки од Комитетот за економски, социјални и културни права на ОН, во извештајот за Македонија (2006), Комитетот забележал висока стапка на осипување на ученици од средното образование, особено кај децата во руралните области и кај ромските деца.

Извештајот на УНДП, покажал дека само 19% од Ромите се запишуваат во средно образование, додека податоците од пописот во 2002 год. укажуваат дека само 9.2% од Ромите имаат завршено средно образование, а само 0.3% од нив имаат завршено некаква форма на потсредно образование (National Vulnerability Report for Macedonia (2006) – Focus on Roma, Skopje)

Р. Македонија, соочена со ваквиот горлив проблем, донела имплементација на Декада за вклучување на Ромите 2005 – 2015, меѓутоа, споредувајќи ги резултатите со другите европски земји, во врска со институционалните структури, во него се заклучува дека постои ограничена реална вклученост и ограничено користење на буџетските средства за мерки и програми за вклучување на Ромите (World Bank; OSI (2008) Decade Watch: Roma Activists Assess the Progress of the Roma inclusion, 2007) Стипендиите што ги обезбедило Министерството за образование и наука за учебната 2008/2009 год. за сите средношколци – Роми од прва година, е чекор кој е преземен како прва системска реформа во образованието, што резултирало со поголема стапка на влез и задржување на учениците – Роми во образованието.

---

[3] Закон за изменување и дополнување на законот за средното образование, Службен весник бр.49/2007,достапно на http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/ID_srednoto-obrazovanie_49_18042007.pdf

## 3. Читање со разбирање на Програмата за меѓународно оценување на учениците (ПИСА – тестирање)

**Табела 2**

| ЕУ репер | Цел на ЕУ до 2010 год. | ЕУ – 27 просек | Најдобрите постигнувања на земјите од ЕУ<br>FL IE NL | Постигнувања на земјите од ЈЕИ<br>BG SI | Р. Македонија |
|---|---|---|---|---|---|
| Ученици со ниски постигнувања во читање со разбирање | Намалување од најмалку 20% споредено со 2000г. | 21.3%<br>(2000)<br>24.1%<br>(2006) | 7.0% 11% 11.5%<br>(2000)<br>4.8% 12.1% 15%<br>(2006) | 40.3% Н/А<br>(2000)<br>51.1% 16.5%<br>(2006) | 63%<br>(2000) |

Македонија учествуваше во истражувањето ПИСА + во 2000 г. (Писа 2000 – Постигања на учениците во РМ., Биро за развој на образованието, 2009:15)

Реперот за учениците со ниски постигнувања во читање со Програмата за меѓународно оценување на учениците со разбирање, се мери според процентот на ученици на возраст од 15 години, каде 1 е најниско ниво, а 5 е највисоко ниво. И покрај позитивните резултати забележани кај Финска, Ирска и Холандија, сепак во ЕУ постои општа тенденција на зголемување на процентите на оние кои имаат недоволни оцени кај читањето со разбирање во 2000 год. (ПИСА - Програма за меѓународни ученички процени е меѓународна студија која започна во 2000 год. Има за цел да оцени образовни системи во светот, од тестирање на вештините и знаењето на 15 годишни ученици од земјите - учеснички / економии. Од 2000 год. повеќе од 70 земји и економии имаат учествувано во Писа)

Од табелата 2 се забележува дека македонските ученици постигнале исклучително слаби резултати на ПИСА – истражувањето, одржано во 2000 год, каде ниту еден од нив не го постигнал нивото 5 на тестирањето (Р. Македонија не учествувала на следно ПИСА – истражување). Од земјите во регионот, само Албанија има полоши резултати,

со 71% ученици на ниво 1, додека на глобално ниво, Македонија заедно со Албанија и Перу се наоѓаат на дното на табелата (Реџепи,Л,Андонова-Митревска,Т.Самарџич-Јанкова (2004), Писа 2000 – Постигања на учениците во РМ., Биро за развој на образованието, Скопје). Како мерки за подобрување на ваквите негативни резултати, Министерството за образование и наука на Р. Македонија, започнало извесни реформи, преку воведување на екстерно оценување на учениците на национално ниво, преку воведување на компјутери во сите училишта до крајот на 2008/2009 год. и подготовка на тестови по сите предмети од страна на Бирото за развој на образованието - БРО и Државниот испитен центар.

## 4.Лица со завршено средно образование

**Табела 3**

| **ЕУ репер** | **Цел на ЕУ до 2010г.** | **ЕУ – 27 просек** | **Најдобри постигнувања на земјите од ЕУ**<br>**CZ PL SI** | **Постигнувања на земјите од ЈИЕ**<br>**HR BG** | **Р. Македонија** |
|---|---|---|---|---|---|
| Лица со завршено средно образование (20-24%) | Најмалку 85% | 76.6% (2000)<br>78.1% (2007) | 91.2% 88.8% 88% (2000)<br>91.8% 91.6% 91.5% (2007) | 90.6% 75.2% (2000)<br>94.6% 83.3% (2007) | 65.4% (2002) |

Извор: Еуростат, единствените достапни податоци за Македонија се од Пописот 2002 год.

Од табелата 3 можеме да заклучиме дека во поголем број кај европските земји, стапката на млади луѓе на возраст од 20 – 24 години со завршено најмалку средно образование е во постојан пораст. Од 50% од популацијата во деведесеттите, оваа стапка се зголемила на 76% во 2000 год.

Според резултатите од табелата 3, се забележува дека Чешка, Полска, Словенија и Словачка, имаат стапка од над 90% на лица со завршено средно образование, додека

Малта и Португалија имаат најслаби резултати во ЕУ, но и тие покажуваат извесни позитивни резултати, со зголемување за повеќе од 10%.

Податоците за Р. Македонија, (Еуростат – 2002 год.) покажуваат дека само 65.4% од населението на возраст од 20 – 24 години, имаат завршено средно образование. Машката популација е опфатена со нешто повисок број од женската популација, додека 6.5% од населението во Македонија, има завршено високо образование.

Како резултат на поразителните бројки од извршените анализи, можеме да констатираме дека во Македонија, има дефицит на високообразовни луѓе, што резултира со огромна стапка на невработеност од 36.3% во 2006 год. и 35.2% во земјата (Министерството за финансии на РМ (2008). Годишен економски извештај на Р.Македонија, 2007:56)

За поефикасно и помасовно образование, Европската комисија во април, 2008 год. ги претставила плановите за европски систем на кредити во средното стручно образование и обука, наречен ЕКТВ – EKTV (European Credit System for Vocational Education and Training), што е целосно компатибилен со ЕКТС во високото образование и со националните системи за средно стручно образование и обука (Долг е патот до општество базирано на знаење: 35)

ЕКТВ е во функција да им овозможи што поголема мобилност на граѓаните и да им обезбеди подобар пристап кон доживотното учење. Истовремено, ќе им овозможи полесно доаѓање признавање на знаењето, вештините и компетенциите стекнати во друга земја.

Со ова не се настојува да се замени националниот систем на некоја земја, туку да го олесни трансферот меѓу нив.

Европската комисија поднела и посебна Препорака за европска референтна рамка за обезбедување квалитет (EQARF – European Quality Assurance Reference Framework), како нова референтна алатка што треба да им помогне на земјите членки на ЕУ со размена по добри практики за средно образование и обука (Долг е патот до општество базирано на знаење: 35)

Како една од причините, зошто Р. Македонија сè наоѓа на вакво ниско ниво во однос на образованието, споредено со останатите членки на ЕУ, веројатно треба да се побараат и во одвојувањето на малиот процент за буџетот за образование.

За да се намали бројот на ученици кои прерано го напуштиле средното образование, како и да се спречи понатамошното осипување, Р. Македонија вовела задолжително средно образование од учебната 2008/2009 год., со очекување да се зголеми образовниот статус на национално ниво. Со буџетот за 2009 год. се подготвила подготовка на концепција за задолжителното средно образование, како едно од задачите што Бирото за средно образование – БРО треба да ги спроведе во рамките на средното стручно и потсредно образование во 2010 год. Министерството за образование и наука објавило дека 95% од завршените осмоođеленци се запишале во средно училиште – над 25.700 од 27.286 ученици, во учебната 2008/2009 год., споредно со 90% во 2007/2008 год. и 88% во 2006/2007 год. (Министерство за образование и наука, 2008. Презентација од пресконференцијата од 06.11.2008 год. за првите 100 дена на Владата)




**Графикон 1: Запишани ученици во средно образование во Р. Македонија**

**Извор: Министерство за образование и наука на Р. Македонија (2008).**

Како една од преземените реформи е и мерката за бесплатен превоз за сите ученици во средните училишта, како и мерката за бесплатни учебници во средните учебници, почнувајќи од учебната 2009/2010 год. Во многу европски земји, започнал тренд на вклучување на децата со посебни потреби во редовните училишта, каде и Р. Македонија започнала да ги интегрира децата со посебни потреби. За таа цел, биле распишани конкурси за дефектолози во неколку средни училишта.

Преземените реформи во македонските средни училишта дале позитивни резултати, каде во редовните средни училишта, бројот на ученици на крајот на учебната 2009/2010 год. изнесувал 94.284, што претставувало зголемување за 1.2%, во однос на претходната учебна година (Завод за статистика, Р. Македонија)

## 5.Финансирање

**Табела 4**

| **Година** | **Број на ученици** | **Буџет** | **За Наука** | **За научно – истражувачка работа** |
|---|---|---|---|---|
| 2008 | 94.545 | 974.700 | 721.500 | 180.100 |
| 2009 | 93.843 | 725.629 | 269.209 | 86.160 |
| 2010 | 95.343 | 586.350 | 222.278 | 83.900 |
| 2011 | | 777.599 | 381.104 | 68.562 |

Извор: Министерство за финансии на Р. Македонија. Буџет за 2008/2009/2010/2011

Во 2003 год. буџетот за образование во Р. Македонија, како процент од БДП изнесувал 3.5%, што покажува намалување од 0,8 % во периодот 1996 - 2003 година. Во 2004/2005 год., процентот од БДП потрошен на образование изнесувал 3,6%, што

претставува ниско ниво во споредба со другите европски земји (Министерство за Финансии на Р.М. Буџет на Република Македонија за 2003,2004 и 2005)

Повеќе од половината од вкупниот буџет за образование е насочен за основното образование; средното образование добива помалку од една четвртина од буџетот, а високото образование добива нешто повеќе од 10 %.

Помалку од 10% од буџетот се трошат за подобрување на стандардот на учениците. Речиси 80 проценти од финансиите што ги добиваат училиштата ги користат на плати за вработените, додека универзитетите за таа намена трошат повеќе од 90 проценти. (Министерство за финансии,2004). Во моментов, Министерството за образование и наука го поддржал развојот на образованието со дополнително финансирање, врз основа на Националната Програма за развој на образованието 2005 – 2015.

Планираниот буџет за реформи во образованието за 2005 год. изнесувал 1.4 милиони американски долари, а 81.5 % од овој износ доаѓаат од заеми, главно од Светската банка. Оваа бројка претставувала 0.55 % од вкупно планираните расходи за образованието (Министерство за финансии на Р.Македонија, буџет за 2005:183)

Се доаѓа до заклучок дека финансиите предвидени за средните училишта во Р. Македонија не се доволни за подигнување на едно повисоко ниво на образование, каде има недостаток на показни наставни средства, но и каде покрај значителното подобрување во реновирањето на училиштата, сепак е потребен поголем опфат на реконструкции на сите училишта ширум Р. Македонија. Недостиг на финансии, особено се чувствува во делот на науката, каде се забележува значително мали средства на вложувања.

Досега, платите и инвестициите се финансирале од националниот буџет, врз основа на бројот на квалификувани часови и наставници, а не врз основа на бројот на учениците.

Со новиот Закон за локалната самоуправа, трошоците за инвестиции во училиштата, одржувањето, набавките и обуката на наставниците треба да се покриваат од општинскиот буџет.

Во почетокот, платите на наставниците останале на одговорност на централната Влада, но подоцна, и овој трошок им бил пренесен на локалните самоуправи. Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ја уредува методологијата за префрлање на средствата од централната на локалните власти, но сѐ уште не се

развиени и/или целосно спроведени сите критериуми за распределба на средствата во практиката.

Бројот на учениците се зема предвид само при распределбата на националните фондови на општинско ниво за инвестиции во училиштето и за трошоци за одржување. Оваа распределба зависи и од густината на населението во општината. Училиштата и локалните самоуправи можат да ги надополнат трошоците за образование со сопствени ресурси, па овие дополнителни средства, најчесто се потребни за да се покријат трошоците за одржување на училиштата.

## 6.Децентрализација и либерализација

Образовниот потсистем за средно и за потсредно образование во Р. Македонија до 1.06.2005 год. бил централизиран. На тоа ниво одредени биле: целите; структурата; формирањето и укинувањето на образовните установи; наставниот план и програмите; воспитно – образовната работа; оценувањето и испитите статусот на ученикот, наставникот и соработниците; усовршувањето и унапредувањето на наставникот и надзорот (стручен и административен).

Меѓутоа, поради брзите промени во економијата, производството, технологијата, обемот и структурата на знаењето, не можело да се задржи централното планирање на образованието.

Реформите во делот на децентрализацијата, означуваат ново поглавје во образовниот систем во Р. Македонија.

Децентрализација значи управување со образовните содржини на нов, пофлексибилен начин. Притоа, главен акцент се ставил на поместувањето на ингеренциите од државно кон училишно ниво, со што доаѓа до израз професионалноста во работата и одговорноста на образовните установи и на локалната заедница.

Децентрализацијата претпоставува поголеми демократски односи. Тоа подразбира и зголемено учество на општината, граѓаните и родителите во активностите на образовните установи за средно и за потсредно образование. На сите одлуки ќе им

претходат преговори и консултации помеѓу образовните установи, од една страна, и работодавците и релевантните органи на власта од друга страна, заради воспоставување на образовен потсистем, кој ќе гарантира соодветно функционирање и потребно финансирање.

Во Р. Македонија, децентрализацијата во образованието е донесена со закон и притоа, таа е поврзана со јасни цели и тоа: установите за средно и за потсредно образование да ги прифаќаат новините и како стабилен потсистем за да ја следат динамиката на промени. Тоа треба да помогне во избирање на соодветен начин на структурирање на наставните програми, во создавање на нови услови за управување, во реорганизација на администрацијата, во намалување на државните трошоци врз база на зголемување на учество на граѓани во финансирањето на образованието.

Децентрализација треба да претставува рамка, да создава подобар амбиент за примена на регулативите и механизмите, со кои овие цели ќе се остваруваат во практиката.

Со извршените реформи во областа на децентрализацијата во образованието, главна одговорност за реализацијата на средното образование има Министерството за образование и наука.

Тоа воедно значи:

- Сопственичките права за зградите на основните и средните училишта се пренесуваат на општините;
- Основач на училиштето ќе биде општината;
- Училишниот персонал (наставниците и административниот персонал) и најголемиот дел од регионалните претставници на МОН ќе бидат пренесени на општинско ниво;
- Трошоците за работењето и одржувањето на училишните згради ќе се финансираат со пренесување на финансии од централната на локалната власт (Национална програма за развој на образованието 2005 – 2015:25)

Со процесот на децентрализација, Министерството за образование и наука ќе ги децентрализира главните образовни одговорности на локалните влади. На локално ниво, со образованието ќе раководи Комисијата за образование, којашто ќе биде

основана во рамките на секој општински совет. Општините ќе бидат одговорни за основањето, финансирањето и за администрирањето на основните и на средните училишта. (Децентрализацијата во Македонија (рамномерен регионален развој и образование, 2008:10). Објектите ќе бидат во сопственост на општините и тие ќе учествуваат во раководењето со училиштата, а градоначалниците ќе именуваат директори на училиштата, по препорака на училишните одбори. Единиците на локалната самоуправа ќе имаат одговорност да сугерираат промени во мрежата на училиштата и да предлагаат нова стручна обука. Прераспределбата на моќта и одговорноста од државно на локално ниво треба да биде фокусирано на: пренесување на одговорноста за основање на основните и средните училишта на локалните власти, што подразбира дека тие ќе бидат сопственици на училишниот имот; ќе ги дефинираат годишните финансиски планови на училиштата и ќе ги усвојуваат годишните завршни сметки; ќе влијаат на изборот на училишните директори преку своите претставници во училишните одбори; ќе го назначуваат избраниот кадидат и со текот на времето ќе бидат одговорни за училишната мрежа, што значи дека тие ќе имаат право да отвораат и затвараат училишта (Национална Програма за развој на образованието, 2005-2015:24)

Исто така, се очекува дека децентрализацијата ќе ја зајакне и педагошката, административната и финансиската автономија на училиштата, со кои ќе управуваат директори именувани од училишните одбори, во кои има родители, наставници и претставници на општината.

Децентрализацијата треба да претставува рамнотежа помеѓу централното и локалното управување на општините во Р. Македонија, а со тоа и во делот на образованието.

## 7. Граѓанска одговорност

Прифаќањето на основните политички вредности, владеењето на законот, човековите права, но и обврските кои ја детерминираат релацијата граѓанин – граѓанин, граѓанин – општина и граѓанин – држава, како елементи на политичката култура, се пресудни за кохезијата и за опстанокот на заедницата. Поради тоа, Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015 предвидува нивно

интегрирање во наставата и во воспитните активности, како и во воведувањето на нови облици на вонндаставни активности во оваа насока. При концепирањето на образовната стратегија во средното и во потсредното образование, како стратешка цел предвидена со Лисабонската Декларација, се истакнува планираниот и контролиран процес на учење и прифаќање на хуманите и општествени вредности. Различните облици на граѓанско образование, треба да претставуваат еден од најбитните механизми за стекнување вештини од страна на граѓанинот за активна партиципација во образовните установи и унапредување на критичката свест во нашето секојдневие.

Во Р. Македонија се направени почетоци на граѓанско образование, во сите училиштата за средно образование.

Во средното стручно и гимназиско образование, се воведени наставни предмети за граѓанско образование (граѓанско образование, граѓанска култура, култура за заштита, одбрана, мир и толеранција), со наставни програми, учебни помагала и едукација на наставниците, како потребен предуслов за изведување на наставата (Национална програма за развој на образованието, 2005 – 2015:177)

За предметите социологија, политички систем и човекови права, право, економија, историја, етика во гимназиското образование, подготвени се програми со однапред дефинирана цел да одговорат на барањето на граѓанското образование.

Воведените реформи имаат цел да создадат граѓанин кој ќе поседува знаења и способности, кои ќе ги применува во секојдневниот живот, ќе оформи ставови за соработка, за толеранција и за меѓусебна комуникација.

Една од целите на средното и на потсредното образование е градењето на граѓанска одговорност, како општ принцип во процесот на образованието. Како една од мерките што се предвидува е активното вклучување на невладините организации, како и нивно вклучување во неформалното и граѓанско образование и реализирање програми во доменот на образованието и добивање согласност за реализација на одреден број на паралелки во некои државни училишта.

Повеќето од овие програми ги вклучуваат темите за решавање на конфликти, меѓуетничка толеранција, човекови права, намалување на предрасудите и сл.

## 8. Поврзаност со пазарот на трудот

Во Р. Македонија, стопанството со години е запоставувано, кое оптоварено со постојани проблеми, не покажувало заинтересираност во делот на креирање на потребата за профили, за нивно обликување и за нивна обука. Периодот на транзиција предизвикал потреси на економски план и појава на масовна невработеност, особено кај младата популација.

Во вкупниот број невработени лица, учеството на популацијата до 30 години во 2003 год. изнесувал 47.01% (Национална програма за образование, 2005 – 2015: 204) Поради овие поразителни бројки, Р. Македонија има потреба од брзи и темелни промени во сферата на образованието.

Како една од посериозните причини за невработувањето е посочено непродолжувањето на образованието по основното образование, но и осипување на учениците во текот на средното образование. Оваа популација, во учебната 2002/03 год. изнесувала 15% што дополнително влијаело врз зголемувањето на бројот на невработените. Од вкупниот број на средношколци во учебната 2003/04 год. 40.24% биле вклучени во гимназиско образование, 58.82% биле вклучени во стручно образование и 0.95% во уметничко образование (Национална програма за развој на образованието, 2005 – 2015: 205)

Со усвојувањето на "Националната програма за развој на образованието, 2005 – 2015", се детектирале причините за ваквата некоординираност на образованието со пазарот на трудот, каде со децении се образувале вишоци на кадри, кои не се вклопувале во потребите на пазарот на трудот.

Програмата за развој на образованието ги дала насоките потребни за извршување на потребните реформи во образованието, поврзани со македонското стопанство.

Предвидени се образовните услуги да го напуштат светот на формализирани стандарди и нормативи, на сметка на актуелните потреби на стопанството, потсистемот на средното и на постсредното образование да изгради сопствена специфична структура и организација, која ќе овозможи негова функционална поврзаност со пазарот на трудот (Национална програма за образование, 2005 – 2015: 205)

Понатаму, современата поставеност на средното и на постсредното образование да ги почитува принципите на:

- флексибилност;
- функционалност и
- отвореност

Социјалниот партнер да е присутен во сите сегменти на промените, каде преку образовните институции ќе обезбедат јасна дефинираност на потребите за профили, стандардизирање на неопходните знаења и вештини како барања кои ќе се реализираат во наставниот процес. Процесот на обука според предвидените реформи предвидува заедничка одговорност на просветните и на приватните субјекти, кои на учениците им обезбедуваат усвојување на потребните знаења.

Воведената реформа во делот на децентрализацијата во подрачјето на средното и на постсредното образование и вклучувањето на социјалните партнери, треба да создава поволни услови стручното образование и образованието стекнато во стручните гимназии да се насочи кон потребите на трудот, кои се со интернационален карактер. Главните активности кон кои се движат промените во образовниот потсистем, се фокусирани на:

- воведување на модуларни форми на работа, кои ќе овозможат флексибилност на потсистемот и подигање на негова способност навремено да одговори и да се адаптира на сите промени во општеството, кое водено значи, промени во организирањето на наставниот процес (промени во наставниот план за секој вид средно и потсредно образование, намалување на бројот на ученици во паралелка и сл.).
- редефинирање на општите знаења кои учениците ги добиваат во средното стручно образование и идентификување на вистинските комбинации помеѓу општиот, теоретскиот и практичниот трансфер на знаења, што ќе овозможи подобра подготвеност за пазарот на трудот; повремени иновации на наставните планови и програми, особено во стручно теоретските предмети, како и воведување на нови форми на работа (групна работа, интерактивно учење, проектна работа и сл.), иновации на опремата и наставниот материјал; вклучување на стопански субјекти во група кои го дизајнираат средното и постсредното образование, со што ќе се овозможи зголемување на флексибилноста и функционалноста на образованиот систем. Навремените сугестии добиени од стопанските субјекти, за промените кои се случуваат во

нивната сфера, можат да бидат драгоцени за планирањето на: образованието и обуката на идната работна сила; обука преку преквалификација на возрасните (кои немаат квалификации или се долго време невработени) и стручно и професионално усовршување на наставниот кадар по стручно теориските предмети и наставната обука. За надлежноста за обуката и преобуката треба да ја имаат повеќе министерства, меѓу кои: Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и Министерството за економија (Национална програма за образование, 2005 – 2015:208)

За да постигне корелација помеѓу образованието во средните училиштата и потребата на пазарот и стопанството, Министерството за образование и наука на Р. Македонија, најавило значајни реформи во средните стручни училишта, кои ќе се применуваат од учебната 2011/2012 год.

Реформите предвидуваат воведување на едногодишно, двегодишно и постсредно образование. Стручното средно образование ќе им овозможи на оние кои сакаат да работат, да имаат минимална обученост. Концепциите за тој степен на образование предвидуваат струки од пониско ниво, поврзани со физички труд или работа покрај машина или погон. На овој начин, се настојува да се задоволи и законската обврска за задолжително средно образование.

Реформите, исто така, предвидуваат и воведување на постсредно образование. Тоа ќе претставува систем кој би се наоѓал помеѓу средното образование и универзитетите, кој ќе треба да врши прилагодување на знаењата и вештините на оние кои стекнале средно образование, но поминал одреден период или пак кај оние кои ќе сакаат да стекнат повисоко ниво на квалификации, за да можат да се вклучат на пазарот на трудот. Се предвидува, постсредното образование да трае од 6 месеци до 2 години. Наставата ќе се изведува во училишта, а учениците ќе можат да добијат посебна диплома (Министерство за образование и наука на Р. Македонија)

## 9. Зајакнување на регионалната и на европската соработка во областа на пазарот на трудот

Според “Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015”, образовниот систем во Р. Македонија треба да се стреми да изгради специфична структура и организација, која ќе овозможи негова функционална поврзаност со пазарот на трудот, на патот за интеграција. Се предвидува интензивирање на европските, а уште повеќе и на меѓуопштинските видови на соработка во областа на пазарот на трудот, преку потсистемот за средно образование.

Во согласност со тоа, средното образование во ова подрачје треба да: обезбеди систем на откривање; следи и поттикнува талентирани ученици и кадри; да ги подржи и осмисли соработките кои носат интерес, како прогресот и унапредувањето на научно – техничката и образовната дејност; овозможи конкуренција во образованието и создавање пазар на образование; усоврши мрежи на образовни институции, кои ќе овозможат покомплексно и поекономично организирање. Се препорачува значајно стратегиско поврзување со социјалните партнери: поврзување со општината (управување, инвестициска политика, дополнителни форми на работа, финансирање, планирање), поврзување со пазарот на трудот на општинско ниво, поврзување со стопанските претпријатија, поврзување со професионалните асоцијации, поврзување со претприемништвото, поврзување со институциите, како и со неформалното образование (Национална програма за образование во Р. Македонија, 2005 – 2015: 208-209)

## 10. Интеграција во Европската Унија преку пазарот на трудот

Следејќи ги промените со кои што Европската Унија и останатите земји од целиот свет ги доживуваат во сите сфери, особено во: економијата, културата, политиката, науката, технологијата, општествените односи, Р. Македонија за да одговори на новите предизвици во следните децении, во својата “Национална програма за развој на образованието 2005 – 2015”, во делот за средното и потсредното образование

предвидела: стекнување на потребно знаење, стручни (професионални) вештини, кои се повеќе софистицирани со технолошките промени во процесот на работа: широки компетенции на работниот кадар, кои се потребни во современото производство, како и во сферата на услугите: давање поддршка на самовработувањето и зајакнување на вработеноста.

Бидејќи компјутерската технологија станува секојдневие на секој човек, на секој управувачки систем, на секој производствен и технолошки процес, се наметнала и потребата и во македонското образование да се воведе изучување на оваа технологија и оспособување за работа со неа.

Според предвидените реформи, напорите за промени во овој домен треба да се одвиваат во правец на: зголемување на обемот на наставните содржини од областа на информатиката во сите степени на образование; опремување на образовните институции со современа опрема, неопходна за совладување на наставата; организирање на сите форми за оспособување за информатичка технологија (вежби, курсеви, секции, натпревари и сл.), кои ќе ја надополнуваат основната настава и ќе ја афирмираат оваа област во иднина, со усовршување, преквалификации и континуирано учење на вработените граѓани паралелно со работата, бидејќи промените во технологијата стануваат се побрзи и бараат од вработените нови знаења, флексибилност, кое воедно значи и нова култура на трудот: изработување на нови програми и соодветни форми за преквалификации, доквалификации и обновување на знаењата (Национална Програма за развој на образованието Р. Македонија, 2005 – 2015: 219)

## 11. Средно образование на надарени и на талентирани ученици

Предвидено е според потребните реформи за средно образование со "Националната програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005 – 2015" да се идентификуваат надарените и талентирани ученици со посебен пристап (тестирање) и да се создадат можности преку факултативните програми и други индивидуални облици на менторска работа или во посебни центри, да се овозможи забрзано

напредување и да се овозможи посеопфатен и позабрзан развој на овие ученици, според нивните идентификувани и манифестирани предиспозиции.

Програмите за работа со надарените и со талентираните ученици треба да ги подготвува образовната установа во соработка со соодветни стручни и научни институции, според усвоени стандарди за нивно програмирање (што го подготвува Бирото за развој на образованието). Се предвидува организацијата на работата со надарените и и со талентираните ученици да биде разгранета и да се остварува низ:

- редовната настава, по пат на индивидуализација со учениците со изградени способности;
- групната настава за посебно формирани групи ученици (10 – 15) со приближно исти предзнаења, способности и интереси;
- слободните ученички научно – истражувачки и куктурно – уметнички активности, каде учениците ќе се упатуваат кон пословжени активности;
- консултативната настава за надарени ученици што сакаат позабрзано да напредуваат;
- специјализирани паралелки, училишта или меѓуучилишни паралелки за надарени и за талентирани ученици во одредени области (Националната програма за развој на образованието во Р. Македонија, 2005 – 2015:218)

Предвидено е покрај редовните наставници во училиштето, во зависност од видовите на надареност и талентираност и формите на работа во работата со надарените и со талентираните ученици да се вклучат и стручњаци од науката, стопанството, уметници, студенти и др.  (Националната програма за развој на образованието во Р. Македонија, 2005 – 2015:235)

## 12. Доживотно учење

Зголемувањето на учеството во доживотното учење е веројатно најважниот предизвик со којшто се соочуваат земјите од Европската унија, на полето на образованието, социјалната инклузија, активното граѓанство, вработувањето, како и за личната исполнетост на луѓето.

**Табела 5**

| ЕУ репер | Цел на ЕУ до 2010 г. | ЕУ просек | Најдобри постигнувања на земјите од ЕУ | | | Постигнувања на земјите од ЈИЕ | | Р. Македонија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Шведска | Данска | В.Британија | Словенија | Хрватска | |
| Учество во доживотно учење (25 - 64%) | Најмалку 12.5%* | 7.1% (2000)<br>9.7% (2007) | 32% (2007) | 29.2% (2007) | 26.6% (2007) | 14.8% (2007) | 2.9% (2007) | 1.9% (2007) |

Извор: UOE, LFS (Унеско/ОЕЦД/Еуростат, Преглед на работната сила)

Просекот на земји од ЕУ од 7.1% возрасни, кои учествувале во активности поврзани со образованието и обуката во 2000 год. се зголемил на 9,7%, што јасно покажал континуиран напредок, но сепак премногу бавен за да се постигне реперот до 2010 год. Земји со најдобри постигнувања во 2007 год. биле Велика Британија и скандинавските земји (Шведска и Данска). Словенија со 14.8% е една од земјите членки што најбрзо напредуваат. Истражувањата спроведени на ниво на ЕУ, покажале дека возрасните кои имаат високо ниво на образование, најчесто учествувале во доживотното учење.

Во Р. Македонија, стапката на возрасните (25 – 64 години) во образованието и обуката е само 1.9% во 2003 год. (ЕТФ, 2003 г.) и 2.4% во 2005 год. (ЕТФ, 2007 г.) што претставува далеку под просекот на ЕУ од 9.7% во 2007 год. каде целта од Лисабонската Декларација е зголемување на 12.5%. Учеството на невработените на возраст од 25 до 64 години во образованието и обуката е уште помало, со само 1.3% во 2003 год. (ЕТФ, 2004 год.). Состојбата во Р. Македонија покажува дека 45% од

популацијата на возраст од 25 до 64 години, се со средно образование (ИСЦЕД 3 – 4), 41% се со основно образование (ИСЦЕД 0 – 2) и само 14% се со високо образование (ИСЦЕД 5 – 6). Податоците кои ја покажуваат состојбата на нашето образование, на сите нивоа се далеку под просекот, како според реперите, така и според целите на ЕУ, предвидени со Лисабонската Декларација. Така, просекот на ЕУ за популацијата на возраст од 24 до 65 години со завршено најмалку средно образование, бил 65.7% во 2001 год., додека реперот за до 2010 год. предвидува 80% (Еуростат, European Union Force Survey – Annual results, 2007: 27/2008)

До 2005 год. учеството во средното образование е над 85% во сите земји членки на ЕУ.

Сакајќи состојбите значително да се подобрат, Р. Македонија изготвила во 2006 год. "Програма за образование на возрасни", која е во контекст на доживотното учење, како интегрален дел на "Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015".

Според НПРО (Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015) приоритети на образованието на возрасните се:

- Намалување на стапката на неписменост кај возрасните;
- Зголемување на образовните можности и опции;
- Проширување на базичното образование на возрасните;
- Добивање вештини и вредности за подобар квалитет на живот (НПРО, 2006:446)

Како една од главните причини за високата стапка на невработеност кај младите на возраст од 15 до 25 години која изнесува 62.6% (Еуростат, ЛФС – Преглед на работната сила), во 2005 год. и за неповолните услови на пазарот на трудот е неусогласеноста меѓу потребите на пазарот на трудот и системот за образование и обука (НПРО:17). Стапката на писменост (лица постари од 15 години кои умеат да читаат и пишуваат), според податоците од пописот од 2002 год. во нашата држава има 63.562 (3.62%) неписмени лица, постари од 15 години.

За да се подобри стапката на писменост и да се продолжи со континуираното доживотно учење, Р. Македонија во јануари 2008 год., донела посебен Закон за образование на возрасните (Службен весник бр.7/2008) со што се поставила основна рамка за образованието на возрасните.

Според Законот за образование на возрасните, донесен во 2008 год., освен одделението за образование на возрасни во рамките на МОН, се предвидува и Министерството за труд и социјална политика, единиците за локална самоуправа, работодавачите, да бидат одговорни за спроведување на реформите, предвидени со Програмата за доживотно учење кај возрасните.

Законот предвидел:

Формирање на две нови национални тела: независен Национален центар за образование на возрасни, што ќе ги преземе обврските за образование на возрасните:

1.Совет за образование на образование;

2.Обезбедување на квалитет на образованието на возрасните (Службен весник бр.7/2008)

Со почетокот на учебната 2009/2010 год. во Р. Македонија започнале значителни реформски промени за 36 основни и средни училишта. Од 6.05.2009 год. Република Македонија, рамноправно се вклучила во еТвининг програмата (спроведување на заеднички педагошки училишни проекти), кое воедно претставувало и почеток на првите еТвининг искуства, акција која што е дел од Програмата за "Доживотно учење" на Европската Комисија[4]. Со тоа, тие станале дел од најголемата заедница на училишта во Европа.

Во Програмата за "Доживотно учење" на Европската Комисија, се зачлениле 54 наставници од Р. Македонија, додека 7 од нив основале или се приклучиле во партнерски проекти со училишта од Европа. Поддршката за средните училишта од Р. Македонија за е-Твининг ја обезбедил Националниот сервис за поддршка при Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (Национална агенција за европски образовни програми и мобилност)

[4] Националната агенција за европски образовни програми и мобилност за Р.Македонија

## 13. Средни училишта за возрасни

Средното образование за возрасни, преставува интегрален дел на редовната воспитно – образовна дејност во училиштата за средно образование.

Според препораките од Лисабонската Декларација, Р. Македонија усвоила нов Закон за средно стручно образование во 2002 год. Законот предвидел запишување на редовни и вонредни ученици (оние кои ја надминале возраста дозволена за редовна настава) и на оние кои завршиле основно образование.

Јавното стручно образование може да биде од две, три и четиригодишно траење и специјалистичко образование. Специјалистичкото образование се остварува според посебни програми. За вклучување во овие програми, кандидатите треба да имаат завршено програми со четиригодишно траење, да имаат работно искуство од 2 до 5 години, во зависност од насоката, односно видот на специјалистичкото образование.

Според извршените реформи во Законот за средни училишта за возрасните, во стручното оспособување до двегодишно траење, се вклучуваат и лица без завршено основно образование, но непосредно со стручното оспособување се завршува и пропишаната програма за основно образование.

Програмите за стручно оспособување и стручно образование од тригодишно и четиригодишно траење за вонредни ученици, можат да се остваруваат и во установи за образование на возрасни, како и во други установи, предвидени со Законот од 2002 год.

Образованието и обуката на возрасните се најзастапени во неколку видови програми:

- Стекнување на стручно образование во училиштата, според верифицирани програми од државните институции;
- Програми и курсеви во работничките универзитети што се разработени врз основа на сознанија, стекнати со следење на пазарот на труд и личните потреби на кандидатите;
- За стручно оспособување, доусовршување и специјализација по средното стручно образование (Стратегија за образование на возрасните 2010 – 2015.Скопје, 2010)

Во средното образование за возрасни, најчесто се вклучени кандидати кои низ процесите на преквалификација и доквалификација обезбедуваат ново вработување, напредување во кариерата или опстанок во фирмата во која работат.

Законот предвидел, трошоците за дооформување на основното образование да ги обезбедува државата, а за средното образование да издвојуваат фирмите или најчесто, самите кандидати.

Постојните образовни програми имаат три цели: подготвување за високошколско образование; вработување и унапредување во работата.

Основна цел на средното образование на возрасните е:

- Стекнување за прв пат на одреден вид стручно образование, со редовно вклучување во воспитно – образовната дејност;
- Доквалификација на возрасните учесници за здобивање на повисоко ниво на работни задачи;
- Преквалификација на возрасните учесници, за здобивање со друго занимање (Стратегија за образование на возрасните 2010 – 2015.Скопје, 2010)

Дипломите добиени по завршувањето на овој вид образование се вреднувани исто како и дипломите стекнати во редовното средно образование. Дел од средните стручни училишта, делуваат и во сферата на неформалното образование со изведување на обуки надвор од програмите за формалното образование.

За реализирање на овие посебни програми/проекти, реформите во оваа област предвидуваат, тие да имаат и финансиска поддршка во вид на грантови, целосно финансирање, кофинансирање и самофинансирање од страна на обучуваните.

Како општи насоки за образование и обука на возрасните се предвидени: продолжување на процесот на дообразување; соработка со пазарот на трудот на регионално ниво; соработка со локалната заедница; соработка со Стопанската комора на Р. Македонија и креирање на политиката на наставните програми во соработка со работни организации.

Во областа на планирање, договарање и супервизија на програми и проекти, главни проекти на средните училишта се: Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО),

МОН, центри за обуки и оценувања, додека спроведувањето на активностите го извршуваат во соработка со МОН и ЦСОО.

Според извршените реформи, се очекуваат позитивни резултати и собирање на искуства во делот на постигнување усовршување на вработени лица од области, поврзани со работното место, реализирани преку специјалистички програми за образование и обука, голем број на обучени кадри кои соодветно се вработени, унапредување на работата и стручните и општите компетенции на вработените во центрите кои нудат услуги и образование на возрасни.

## 14. Еднаквост

Доживотното учење во Р. Македонија ја нагласило потребата од достапност на сите степени на образование на сите членови на општеството под еднакви услови, без разлика на полот, возраста, етничката припадност, социо - економската состојба и др.

Поради ова, "Националната програма за развој на образованието на Р. Македонија 2005 – 2015" предвидува градење на општество со еднакви услови за сите, кое е важно не само за неговиот демократски развој, туку и претставува и услов за оптимално користење на човековите ресурси во правец на општествениот и личниот развој.

Под принципот на еднаквост во образованието, не се подразбира само еднаквост на можностите, туку и осигурување на условите, потребни секој да го оствари неопходното за поединецот. Затоа, Р. Македонија во својата стратегија за еднакво образование, следејќи ги во чекор европските земји, а особено спроведувањето на Лисабонската Декларација, важен акцент ставила на еднаквоста сите да можат да добијат образование, без разлика на материјалната и економска моќ на секој поединец, поединечно.

За да се постигне еднаквост во средното и во постсредното образование, образовните институции заклучиле дека македонското образование треба да води грижа за индивидуалните потреби на секој ученик, а особено за оние кои имаат тешкотии во психофизичкиот развој, како и за надарените ученици во образовниот процес.

Како следен чекор е предвидено образованието да се прилагоди на потребите на различните целни групи, при што особено да се има предвид на припадниците на потенцијално дискриминираните групи по полова, етничка, социо – економска и територијална основа. Потребно е образованието да се прилагодува на променливите потреби на поединците и на општеството во целина, со цел што е можно повеќе да се остварат потенцијалите на секоја единка (Национална Програма за развој на образованието, 2005 – 2015:181). Еднаквост во образованието е остварливо единствено преку принципот на достапност, проодност, флексибилност, индивидуализација, советување, развивање на поддршката на училишната клима и финансиската поддршка на учениците во образовниот процес, чијашто материјална положба е ограничувачки фактор за продолжување на образованието.

## 15. Наставен план

Во периодот 2000/01 година, Бирото за развој на образованието извршило значителни измени и дополнувања во Наставниот план и наставните програми за гимназиското образование, кои значеле своевидна реформа во овој вид образование во Р. Македонија. Реализацијата започнала една година подоцна, без претходни подготовки и пилот истражувања за понудените измени. (Биро за развој на образованието на РМ. 2007)

Тоа воедно значело почеток на реформирањето на воспитно – образовната работа во средното образование, без однапред подготвена концепција, недоволно оспособен наставен кадар, необезбедени соодветни услови за работа, недефинирана методологија и организација на наставната работа.

Дополнителна причина за неуспехот на Наставниот план претставувало и недоволната подготвеност на наставниците за начинот на реализацијата на новите наставни програми, претходната анализа на барањата на учениците и нивните родители. (Гимназиското образование во Р.Македонија, состојба, проблеми, промени, стр.43)

Како резултат на посочените недостатоци во гимназиското образование, се создало големо незадоволство кај учениците и родителите, наставниците, директорите на

училиштата и пошироката јавност (Гимназиското образование во Р. Македонија – состојба, проблеми, промени, 2003: 46)

Сето ова довело до потреба да се извршат определени интервенции во Наставниот план, како и изнаоѓање на концепциски решенија за гимназиското образование.
Поради ова, Бирото за развој на образованието направило анализа на фактичките состојби во гимназиското образование.

Работната група била составена од советници во Бирото за развој на образованието, која од месеците март – мај, спровела истражувања, со кои биле опфатени 1348 ученици, 1228 родители на ученици, 963 наставници, 35 директори на гимназии и училишни координатори (Гимназиското образование во Р. Македонија – состојба, проблеми, промени, 2003:46)

Добиените податоци и резултати од истражувањето ги потврдиле констатираните состојби на новиот Наставен план за гимназиско образование.
Се пристапило кон измени и дополнувања на Наставниот план.

Како основа за дефинирање на предметот на проучување, Бирото за развој на образованието ги поставил следните критериуми:

- растоварување и рационализација на Наставниот план;
- растоварување на наставните програми и содржини согласно со психофизичките можности на учениците;
- обезбедување на поголема самостојност и активност на учениците во воспитно образовниот процес (Биро за развој на образованието на Р. Македонија)

Како резултат на извршените реформи, извршени биле голем број на измени и тоа во делот на Наставниот план кои се однесуваат на изборните програми и нивната застапеност; на статусот на застапеноста на подрачјето "Задолжителни изборни програми и содржини" и на статусот и функцијата на подрачјето "Изборни содржини". Извршени биле и извесни промени и во називите на одделни наставни предмети и изборни подрачја, а корекции претрпел и вкупниот фонд за часови.

Во наставното подрачје "Изборни предмети" во Наставниот план во прва година, повеќе не постојат часови за изборни предмети (2 -3 часа). Ова значи дека прва година е иста за сите ученици во гимназиското образование. Во втора година, бројот на часовите за изборните предмети од 3 до 5 е намален на 2 часа. Во трета година, наместо до 8 часа има 6 – 7 часа, а во четврта година наместо до 10 часа, постојат 9

часа (Гимназиското образование во Р. Македонија – состојба, проблеми, промени, 2003:47)

Направени се и промени и на називите на изборните подрачја. Изборното подрачје "Литература и уметности" е преименувано во "Јазично уметничко", Хуманистичко – општествени науки" во "Општествено хуманистички науки", додека "Природни науки и математика" во "Природно – математичко подрачје".

Измени се воведени и во називот на наставното подрачје "Задолжителни изборни програми и содржини" во "Задолжителни изборни програми".

Во рамките на наставното подрачје, намален е бројот на часовите за "Спорт и спортски активности" во прва година од 3 на 2 часа и во втора година од 3 на 2 часа, додека во трета и четврта година, бројот на часовите останал ист.

Наставното подрачје "Изборни содржини" во Наставниот план е преименувано во Проектни активности, каде се изоставиле некои области, како на пример, здравствено воспитание, екологија и невладини организации, информатички знаења и се вградени во соодветните наставни програми по задолжителните изборни предмети. Но, затоа се воведени Спортски активности, за сметка на намалувањето на часовите во прва и втора година, активности од областа на музиката и ликовно – уметничките активности.

Со вака направените измени и дополнувања, се овозможило растоварување на Наставниот план, во смисла на намалување на бројот на наставните предмети и на намалување на вкупниот фонд на часови во сите години (Гимназиското образование во Р. Македонија – состојба, проблеми, промени, 2003:47/48)

Со измените и дополнувањата, вкупниот годишен фонд на часови е намален:

- во I година од 34 – 35 (36 – 37) на 32 (33 часа);
- во II година од 35 – 37 (37 -39) на 33 (35) часа;
- во III година од 33 (35) на 31 – 32 (33 – 34) часа;
- во IV година од 30 (32) на 29 (31) часа

Намалувањето на вкупниот фонд на часови изнесува:

- во I година – 3.5 часа
- во II година – 3 часа
- во III година – 1.5 часа
- во IV година – 1 час

Вака изменетиот Наставен план, предвидува компоненти кои се задолжителни за сите ученици и рамките во кои треба да се движат училиштата при утврдувањето на останатите компоненти на Наставниот план, каде им се дава извесна слобода во креирањето на изведбените наставни планови.

Од учебната 2011/12 година во средното образование (гимназиско образование, уметничко образование и средно стручно образование) во делот на општо образовните предмети во прва година се воведува нова наставна програма по информатика. Во месец септември, Бирото за развој на образованието организирало обуки со наставниците кои изведуваат настава по информатика за успешно реализирање на програмата (Биро за развој на образованието на Р. Македонија)

Исто така, во учебната 2011/12 година се воведува програмата образование за животни вештини. Програмата се планира да се реализира на часот на класната заедница со учениците од прва до четврта година во сите видови средно образование (гимназиско образование, уметничко образование и средно стручно образование) (Биро за развој на образованието на Р. Македонија)

Бирото за развој на образованието во месец септември 2011 год. организирало обука на претставници од сите средни училишта за реализација на програмата.

## 16. Екстерно оценување во образованието

### 16.1 Државна матура

Како една од најважните интервенции за подобрување на квалитетот на образованието во Р. Македонија, се смета воведувањето на екстерните матурски

испити во средните училишта. Потребата од промени произлегла и од воочените слабости на постојните испити на крајот од средното образование, кои не давале повратно влијание на квалитетот  на образовниот процес и не биле доволна добра основа за селекција при упис во високото образование. Резултатите од постигнувањето на учениците, според МОН, е да  можат да послужат како основа за дијагностицирање на добрите страни, но во исто време и на слабостите во системот на средното образование.

Поради ова, Министерството за образование и наука (МОН), назначила државна комисија за матура, која требало да подготви Концепт за матурски испити.

По двегодишна работа, во 2004 год.  комисијата го завршила Концептот и бил одобрен од МОН. Концептот бил поддржан од повеќето факултети од Универзитетите во Р. Македонија. Со ваквото признавањето на резултатите од матурата, универзитетите, всушност, дале дозвола дека тие самите нема да организираат приемни резултати за одредени факултети.

Воведувањето на централизираните испити на крајот од средното образование е во функција на контролата на квалитет и подобрување на квалитетот на средното образование.

Пилот матурата била спроведена во средните уметнички училишта во учебната 2003/04 год. под координација на Одделението за оценување, кое функционира во составот на Бирото за развој на образование.

Со воведувањето на матурата, утврдени се шест модели на испити: Гимназиското образование се заокружува со државна матура или со училишна матура, четиригодишното стручно образование со државна матура или со завршен испит, а средното уметничко образование со државна матура или со училишна матура (Концепција за матура и за завршен испит во средното образование со четиригодишно траење во Р. Македонија, 2009:13)

**Државната матура** е наменета за учениците од гимназиското и од четиригодишното средно стручно образование.

Државната матура опфаќа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача.

Задолжителниот дел го сочинува еден наставен предмет: македонски јазик и литература (албански јазик и литература или турски јазик и литература).

Изборниот дел од државната матура го сочинуваат три наставни општообразовни предмети, кои ученикот ги бира од поширока листа на наставни предмети

Проектна задача е проверување на проблем, што ученикот го избира од некои од наставните предмети или пошироко од образовните области.

**Училишната матура** е наменета за учениците од гимназиското образование, кои не се определиле за државната матура. Целта на овој испит е добивање сертификат за завршено гимназиско образование (Концепција за матура и за завршен испит во средното образование со четиригодишно траење во Р. Македонија, 2009:26)

Училишната матура опфаќа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача.

**Завршен испит** е наменет за учениците од четиригодишното средно стручно образование, кои не се определиле за државна матура. Целта на овој испит е добивање на сертификат за завршено четиригодишно средно стручно образование.

Завршниот испит се полага според посебни испитни програми, кои се темелат на наставните програми за соодветните наставни предмети.

Преку воведување на матурата, целите на испитите се:

- подигање на квалитетот на средното образование;
- следење и контрола на реализацијата на наставните програми (засновани на образовни стандарди на државно ниво);
- стекнување диплома за завршено средно образование (заокружување на образованието со испит);
- селекција на универзитетско образование;
- информирање на учениците, родителите и образовните институции за постигањата на учениците добиени преку валидни и веродостојни мерења;
- испитите се показател за постигнувањата во средното образование;
- функционално поврзување на средното образование со високото образование и со пазарот на трудот (Концепција за матура и завршен испит во средното образование сочетиригодишно траење во Р. Македонија, 2009:9)

Во државната матура е понагласена селективната, а во училишната матура и во завршниот испит е сертификатната улога.

Проверувањето на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите и оценувањето за сите наставни предмети и од задолжителниот и од изборниот дел од државната матура, се врши екстерно, преку писмени испити, а за одделни способности интерно, преку усни испити. Проверувањето на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите за подготвување на проектна задача, се врши интерно (Концепција за матура и за завршен испит во средното образование со четиригодишно траење во Р. Македонија, 2009:27)

Воведувањето на испити во средното образование, има за цел да го зголеми кредибилитетот на дипломите за завршено средно образование, повратно да влијае на подигање на квалитетот на образованието, а особена придобивка за учениците што го продолжуваат образованието е немањето на приемен испит за влез на универзитетите, како и подигање на испитната култура во образованието и надминувањето на субјективноста во оценувањето.

Потребата од промени, произлегла и од вообичаените слабости на постојните испити на крајот од средното образование, кои немаат повратно влијание на квалитетот на образовниот процес и не биле добра основа за селекција при упис во високото образование (Концепција за матура и за завршен испит во средното образование со четиригодишно траење во Р. Македонија, 2009:5/6)

Воведувањето на централизираните испити на крајот од средното образование е во функција на контрола на квалитетот и подобрувањето на квалитетот на средното образование. Резултатите од постигнувањата на учениците, можат да послужат како основа за дијагностицирање на добрите страни, но, во исто време и на слабостите во системот на средното образование.

Со матура, за прв пат се започнало во 2008 год.

## 17. Европска интеграција

Со Националната програма за развој на образованието 2005-2015 на Р. Македонија, се предвидува интеграција во европскиот образовен систем, која наметнува потреба од примена на стандарди, како во основната структура на образовните установи, така и во евалвацијата на постигнатите резултати на училиштето.

Поради ова, Националната програма предвидува компарација со европските образовни системи, каде предмет на анализата треба да биде:

- менаџирањето со училиштата
- квалитетот на наставата
- мотивираноста на учениците
- соработка со социјалните партнери

Определбата за европска интеграција во образованието, значи и подготовка на кадри, кои успешно ќе се вклучат во европскиот пазар на трудот; воспоставување образовни стандарди, кои се компатибилни со европските, давање европска димензија на образованието преку усогласување на образовните цели, содржини и образовниот процес; размена на информации преку информациско – комуникациска технологија и Интернет системи и соработка со образовните институции од Европа и од светот; обезбедување поголема мобилност на наставниците и на наставниот кадар во Европа (Национална Програма за развој на образованието 2005 – 2015:174)

## 18. Квалитет

Квалитетот претставува основно барање на секоја дејност во современите општества.

Преку исполнувањето на високите образовни стандарди, образованието ќе може да стане важен фактор во социо – економскиот развој на Р. Македонија.

Квалитетот на воспитно – образовниот процес зависи од квалитетот на наставните програми, наставниот кадар, наставата, организацијата и раководењето на работата во

училиштата и евалвација во воспитнообразовната работа. Според Националната програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005 – 2015, за да се обезбеди висок квалитет во сите сегменти од образовниот систем, неопходно е да се направат следните реформи: (Национална Програма за развој на образованието, 2005 – 2015:175)

- Изградување на наставни стандарди за: наставните програми, наставниот процес, обученоста на наставниот кадар;
- Стандардизирање на постапките за мерење и за оценување на постигањата на образовните стандарди: усовршување на работата на центарот за образовни стандарди и евалвација за обезбедување на професионално и квалитетно организирање и реализација на истражувањата. Системот на евалвација, како составен дел на системот на образование, треба да обезбеди континуирано следење и зголемување на квалитетот на образовните услови, наставниот процес во образованието;
- Системот на евалвација треба да го подржи процесот на реформи во останатите аспекти на потсистемот за средно и за потсредно образование (демократизација и децентрализација)
- Да се формираат приватни установи за средно и за потсредно образование, со цел задоволување на потребата од конкуренција во областа на образованието.

Со започнатите реформи, бил донесен и нов Закон (Закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование - Член 108, став 3), со што се зајакнала улогата на Државниот просветен инспекторат – ДПИ. Практиката покажала дека не постоела соодветна институција или установа, која на стручен и квалитетен начин би го вршела надзорот над квалитетот на воспитно – образовниот процес.

Реформата предвидела ДПИ да врши мониторинг и евалвација на исполнувањето на образовните стандарди, ефикасноста во обезбедувањето квалитетно образование и спроведувањето на законите и другите прописи на сите нивоа на образованиот систем.

Со измените во Законот за средно образование од 2008 год. средните училишта во Р. Македонија, добиле законска обврска да вршат самоевалуација и да подготвуваат Програма за развој (Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, член 29, став 2). Врз основа на законот за самоевалуација, сите средни

училиштата во Р. Македонија извршиле самоевалуација од страна на училишна комисија, во соработка со Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука. Извештаите со резултатите од самоевалуацијата, училиштето го доставува до Државниот испитен центар. Самоевалуацијата се врши врз основа на Индикаторите за квалитет на работата на училиштата (ДПИ, Индикатори за квалитет на работата на училиштата, 2009:4), бидејќи претставуваат и заедничка основа и за екстерното и за екстерното вреднување на квалитетот на воспитно – образовниот процес во училиштата.

Интегралната евалуација[5], како и самоевалуацијата, опфаќа седум Индикатори или подрачја од работата на училиштето:

- Наставни планови и програми
- Постигања на учениците
- Учење и настава
- Поддршка на учениците
- Училишна клима
- Ресурси
- Управување, раководење и креирање политики

Преку интегралната евалуација на училиштата, државните просветни инспектори вршат надзор на квалитетот на образовниот процес и неговата ефикасност во средните училишта. Преку резултатите, Државниот просветен инспекторат согледува колку училиштата реално се евалуирале, односно колку успешно ги препознале своите силни и слаби страни и ги идентификувале приоритетите за развој. Резултатите од досега извршените интегрални евалуации, покажале дека процесот на вршење во училиштето треба и понатаму да се подобрува, затоа што дел од училиштата сé уште немаат извршено втора самоеавалуација. Меѓутоа, и извештаите од извршените самоевалуации кај најголемиот дел од средните училишта не ги отсликуваат реалните состојби во училиштата, а програмите за развој не се засноваат врз реално согледаните слаби резултати од самоевалуација (Квалитет на воспитно – образовниот процес во основните и средните училишта во Р. Македонија, 2009/10)

[5] http://www.dpi.mon.gov.mk/images/stories/Indikatori.pdf

Во текот на учебната 2009/2010 год. Државниот просветен инспекторат, спровел интегрални евалуации во 90, од вкупно 427 воспитно – образовни установи во Р. Македонија (ДПИ, Квалитет на воспитно – образовниот процес во основните и средните училишта во Р. Македонија, 2009/10:9). Притоа, голем акцент бил ставен на вреднувањето на квалитетот на средните училишта, односно интегралната евалуација била извршена во 36.36% од сите средни училишта во државата.

Следејќи ги Индикаторите за квалитетот на работа во училиштата, Државниот просветен инспекторат дал генерална препорака до Министерството за образование и наука, за надминување на негативните состојби во училиштата: во поголемиот број училишта постои добра соработка меѓу Училишниот одбор и раководниот кадар; во поголемиот број училишта просторните капацитети ги исполнуваат условите за изведување настава според Нормативот; најголем број од наставниот кадар во училиштата е со соодветно образование за реализација на наставниот процес; поголемиот број училишта имаат еднаков и правичен третман кон учениците од различна полова, етничка припадност и социјално потекло; во училиштата се врши советодавна помош за понатамошно образование на учениците; наставниците подготвуваат годишни, тематски планирања и дневни подготовки; училиштата ги следат постигањата на учениците преку подготвување периодични, полугодишни и годишни извештаи; наставата во училиштата се реализира врз основа на наставните планови и програми донесени од страна на Министерството за образование и наука, изработени од Бирото за развој на образованието.

Како негативности што Државниот просветен инспектор ги дава како препораки за оценка за квалитетот на воспитно – образовниот процес се посочени: Училиштата не ги приспособуваат содржините од наставните програми на потребите на учениците со посебни образовни потреби; не постои систем за идентификување и работа со талентирани и надарени ученици во редовната настава; средината за учење не секогаш е мотивирачка и не ги стимулира учениците за учење поради недостиг од нагледни средства; најголем број училишта немаат физичко приспособување на просторот за движење на лица со физички хендикеп (ДПИ, Квалитет на воспитно – образовниот процес во основните и средните училишта во Р. Македонија, 2009/10:13)




Графикон 2: Оценка за квалитетот на воспитно – образовниот процес

Извор: ДПИ, Квалитет на воспитно – образовниот процес во основните и средните училишта во Р. Македонија, 2009/10:10

Биле извршени реформи и кај Бирото за развој на образованието, кое останало со помали надлежности, но фокусот сепак, останал во четири области: подготвување на наставната програма за претшколско; основно; општо средно образование и образование за возрасни; професионален развој на наставниците; печатење учебници и друг наставен материјал и создавање база на податоци за информирање и за документирање. (Биро за развој на образованието на Р. Македонија)

Исто така, се оформил Центар за стручно образование и обука – ЦСОО, (основан во 2007 год.), кој е задолжен да гарантира квалитетно стручно образование, преку негово приспособување на пазарот на трудот. (Лична карта на Центарот за стручно образование и обука – ЦСОО)

Неговите стратешки определби за периодот 2010 – 2015 год. се:

- Да развива програма за подобрување на квалитетот на наставата по стручните предмети во средните училишта, врз основа на извештајот од спроведената интегрална евалвација од страна на Државниот просветен инспекторат;
- Да изготвува предлог мерки за подобрување на квалитетот на наставата и оценувањето на наставниците по стручните предмети;
- Да изготвува и предлага Листа на стандарди за занимања за стручното средно образование и обука:

- Да обезбедува поддршка на стручното средно образование преку советување и менторирање на наставниците и обучувачите по стручните предмети во стручното средно образование;
- Да дава мислење за исполнетоста на условите на установите кои бараат верификација за реализирање на стручното образование и обука;
- Да изработува стандарди за простор и опрема на училиштата;
- Да посредува во кариерниот развој и професиналната ориентација на учениците во средното стручно образование и обука и
- Да предлага решенија за подобрување на врските меѓу стручното средно и оштo образование (Стратегија за развој на Центарот за стручно образование и обука 2010 – 2015, 2010:7)

Со извршените реформи во Министерството за образование и наука, одговорностите на Државниот испитен центар, кој претходно бил одделение во рамките на Бирото за развој на образованието, се концентрирани на постојаната контрола на квалитетот на основното и на средното образование, поставувањето стандарди за постигнувањата на учениците и организирање на државни испити (Национална Програма за развој на образованието, 2005-2015: 64)

## 19. Информатичко – комуникациски технологии - ИКТ

Интензивниот и брз развој на информациски – комуникациски технологии (ИКТ) ширум целиот свет, како и предвидените реформи со Лисабонската Декларација, ги поттикнала државните институции да размислуваат за потребата од адекватни системски реформи во образованието. Реформите биле потребни и да се одговори на барањата на конкурентноста, компетентноста и поврзаноста, наметнати од страна на глобалните и европските општества. Во таа смисла, реформите во образованието се однесувале на интензивно воведување на ИКТ и стратешко реструктурирање на образовниот систем , кои ќе водат кон општествен и образовен развој.

Македонскиот контекст на компјутеризација и дигитализација на образованието интензивно започнал да се развива по 2002 год.

Како резултат на тоа, во 2005 год. започна да се реализира "Националната Програма за развој на образованието 2005 – 2015", Нацрт програмата за развој на ИКТ во образованието (2005 – 2015), Националната политика за информатичко општество и Националната стратегија за развој на информатичко општество (Употребата на компјутери и интернет во образовниот систем на РМ. 2010)

Според Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015, образованието треба да оди во прилог на развој на информатичкото општество. Познавањето и ефективната употреба на ИКТ од страна на младите, претставува неопходна вештина за нивна ефективна интеграција во општествениот, образовниот, економскиот живот. Покрај воведувањето на новите информациско – комуникациски технологии (ИКТ), образованието претпоставува интензивирање на ИКТ образованието и обуката, компјутерско оспособување – писменост, како задолжително континуирано унапредување на образовниот систем (Националната Програма за развој на образованието, 2005 – 2015:425)

Пред да се започне со интензивната компјутеризација на образованието во 2002 год. користењето на ИКТ во склоп на наставата се изведувала во склоп на предметот информатика и со употреба на неколку компјутери по училиште. Предметот информатика во средното училиште за прв пат се вовел во 1986 год (Употребата на компјутери и интернет во образовниот систем на РМ, 2010:8)

По започнувањето на интензивните реформи со компјутеризацијата во 2002 год. се донеле неколку стратешки мерки, кои се од големо значење за употребата на ИКТ во средното образование:

- Постоење на подобра инфраструктурна поврзаност на училиштата и образовните институции;
- Креирање на менаџерски информациски систем во образованието
- Квантитативно и квалитативно присуство на ИКТ во средното образование;
- Промена на постојните наставни програми и воведување на нови, флексибилни облици на учење (интерактивно, континуирано, на далечина );
- Креирање и користење на мултимедијални и повеќе јазични дигитални содржини (Употребата на компјутери и интернет во образовниот систем на РМ, 2010:5)

На самиот почеток од реформирањето на образовниот систем во Р. Македонија, агенцијата на САД за меѓународен развој - УСАИД, се вклучила како стратешки партнер во реализирањето на ефективната интеграција на ИКТ во наставата. Агенцијата започнала да ги реализира програмите "е – Училиште" (2003 – 2008) и "Македонија се поврзува" (2004 – 2007).

Во септември, 2003 год. проектот "е – Училиште", распоредил 2.000 донирани компјутери во 91 средно училиште и започнал со обезбедување на тренинг на наставниците (двајца наставници од училиште). На почетокот, биле поставени во три пилот компјутерски лаборатории, во три средни училишта, до крајот на 2004 год. (Употребата на компјутери и интернет во образовниот систем на РМ. 2010)

Сите средни училишта добиле компјутерска лабораторија со 20 компјутери (Нацрт – програма за развој на ИКТ во образование, 2005; Hosman & Cvetanoska, 2009)
На почетокот на учебната 2005 – 2006 год. компјутерите во средните училишта биле поврзани со интернет преку проектот "Македонија се поврзува", реализиран од страна на УСАИД, МОН и Агенцијата за развој на образованието на Р. Македонија.

Во рамките на проектите "е – Училиште" и "Македонија се поврзува", спроведени биле серија обуки за наставниците од средните училишта за основни ИКТ вештини; како и обуки за интеграција на специфични софтверски решенија во интерактивната настава; обуки за изработка на веб – страници и употреба на интернет за пребарување; соработка и комуникација.

Во изминатите и актуелни проекти на УСАИД, се реализирале обуки кои придонеле за успешно совладување на наставниците со ИКТ вештините и на ваквиот начин биле ставени во позиција активно да учествуваат во процесот на обука, како и во процесот на создавање материјали за обука и настава (Hosman & Cvetanoska, 2009)

При реализирањето на веќе започнатите проекти, Фондацијата отворено општество Македонија - ФИООМ и УСАИД, дополнително донирале уште 400 компјутери во 18 средни училишта (Нацрт-програма за развој на ИКТ во образование, 2005:15)

Употребата на ИКТ во наставата била опфатена и со програмата на Министерството за образование и наука на Р. М. за осовременување на образовниот процес.

Проектот "Модернизација на образованието" (2004 – 2009) е иницијатива на Министерството за образование и наука, финансирано од Р. Македонија, со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка) и грант на Холандската

амбасада на Холандија. Со проектот се предвидувало осовременување на образованието, каде секое училиште ќе може да ги планира промените и обуките, потребни за осовременување на наставните методи.

Во 2006 год. паралелно започнал да се спроведува проект за компјутеризација и дигитализација на образованието “Компјутер за секое дете”, со цел модернизирање на македонското образование (Употребата на компјутери и интернет во образовниот систем на РМ. 2010:19)

Овој проект предвидувал компјутер за секое дете, софтверски решенија и алатки за секој наставен предмет, напредни ИКТ вештини и кај наставниците и кај учениците, национален систем на тестирање на учениците и интерактивна интернет настава. Во соработка со Бирото за развој на образованието, МОН било одговорно и за координација и адаптација на училишното раководење и администрација во однос на ефективната интеграција на ИКТ во наставата; педагошките и дидактичките измени и дополнувања во наставната програма; изборот и примената на образовните софтверски алатки и дигитални содржини; спроведување на обуки и обезбедување соодветни провајдери за обуките, како и за наставниците.

Според официјалните извори на Министерството за информатичко општество, ова претставувало најголема инвестиција во образованието, во последните 17 години во Р. Македонија. Инвестицијата чинела 21 милион евра и со неа се инсталирале речиси 100.000 компјутери во сите македонски училишта. Проектот “Компјутер за секое дете”, започнал да се реализира во јануари 2007 год. и се предвидува да заврши до 2012 год.

Во 2009 год. проектот “Компјутер за секое дете”, започнал со реализација и на третата компонента на дигитализација на образовни содржини. Во склоп на оваа компонента, се распишале тендери за програми за електронски содржини по шест наставни предмети во средното образование – историја, географија, математика, физика, хемија и биологија и тоа на четирите наставни јазици во Р. Македонија – македонски, албански, турски и српски јазик. Според проектот “Компјутер за секое дете”, се предвидувало и организација и изведба на веб – портал www.e-obrazovanie.mk, кој треба да претставува систем за менаџирање на учењето (LMS).

Во периодот декември – февруари 2009 год. наставниците од средните училишта добиле и 22.000 преносливи компјутери (Употребата на компјутери и интернет во образовниот систем на РМ. 2010:27). Воедно, во софтверот е планирано да се користи и електронски дневник (Е – дневник). Е – дневникот започнал со работа во февруари

2011 год. и претставува електронска апликација, преку која родителите ќе имаат увид во оцените кај своите деца во средните училишта, увид во отсуствата во училиште и за содржините што ги усвојуваат на часовите. Во својата почетна фаза, родителите ќе добиваат извештаи по електронска пошта или со најавување на системот. Засега, во системот се внесени податоци, кои се обработуваат и презентираат податоци само за средните училишта.

Во април 2010 год, Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество, оспособиле веб – сајт за прикажување на дигитални верзии на стандардните учебници за наставата во основно и средно образование, достапни во пдф формат, со можност да се прелистуваат и да се користат од страна сите заинтересирани, но најмногу од страна на учениците. Меѓутоа, иако било најавено, дигитална верзија на учебници за средно образование се уште не е достапна (Употребата на компјутери и интернет во образовниот систем на РМ., 2010:15)

Во март 2011 год. за прв пат во Р. Македонија најавена е употреба на дигитална табла. Предвидени биле да се набават 400 електронски табли, од кои 150 да бидат поставени низ училиштата во Скопје. Засега, проектот со интерактивните табли ќе се спроведува само во средните училишта (Министерство за образование и наука на РМ) Националната стратегија за развој на информатичкото општество е придружена со националната политика за информатичко општество, со цел да се развие ефикасен модел за развој на Е – општество и Е – образование, кое ќе овозможи понатамошна хармонизација со современите трендови и процеси во Европската Унија. Оваа стратегија го дефинира Е – образованието како: нова форма на образованието со тежиште на ученикот, во која со иновативна употреба на информациско – комуникациски технологии, треба да се подобри традиционалниот систем на учење, преку суштинска трансформација на содржината и начинот на учење и да се избришат границите меѓу ученикот и наставникот. Оваа форма треба да овозможи развивање на вештини и капацитети за подобро функционирање во модерниот свет.

Меѓутоа, според заклучоците кои произлегле од анализата на досегашната компјутеризација и дигитализација во образованието, во сите јавно достапни национални документи, евалуациски извештаи од спроведени програми (Фондација отворено општество Македонија – ФИООМ; "Употреба на компјутери и интернет во образовниот систем на РМ", 2010:30), произлегува дека постои слаба инклузивна стратегија за компјутеризација и дигитализација на образованието на директните

имплементатори на реформите, директорите, учениците и родителите. Слабост се воочила и во склоп на проектот " Компјутер за секое дете, каде не се евидентирало постоење на раководно тело или одделение за раководење со процесот на компјутеризација и дигитализација на образованието. Од страна на одговорните институции, не постојат јавно достапно документи за концепциската и планирана реализација на проектот и неговата буџетска структура. Како недостаток во реформите за информатичко – комуникациско технологии во македонското образование се јавуваат и: немањето план за амортизација и санирање на штети; немање одговорни лица за техничко одржување на информатичката технологија, како и немање педагошка и методолошка поддршка на спроведувањето на ИКТ во наставата и нерешен технички и финансиски аспекти при штети кај ИКТ опремата.

## 20. Транспарентност

Според Лисабонската Декларација, транспарентноста во Европската Унија е една од најважните предуслови за функционирањето на образованието како показател на корелација на сите инволвирани во училиштето, образовниот систем и пазарот на труд. Поради тоа, голем акцент во "Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015", е ставено токму на транспарентноста.

Се предвидува потсистемот на средното и на постсредното образование да биде јасен и разбирлив за учениците, наставниците, родителите и работодавците. Тоа значи постоење на јасни и познати образовни стандарди за секој вид средно и постсредно образование; разбирлива структура на наставните програми и патишта за хоризонтална и вертикална проодност, која се наоѓа зад секој сертификат и диплома; познавање на вредноста што ја имаат сертификатите и дипломите на пазарот на трудот. Заклучено е дека транспарентноста во средното образование ќе се зголеми доколку подготвените национални стандарди им бидат достапни на сите заинтересирани (Национална Програма за развој на образованието, 205-2015:182)

Преку одделението за оценување, постојат активности за обезбедување на поголема транспарентност, преку извештаи од реализираните проекти (матура, учество во меѓународни мерења на постигнувањата на учениците и сл.). Некои училишта што

биле вклучени во проектите, чувствувајќи ја потребата да информираат за квалитетот на својата работа, почнале да подготвуваат информативни брошури за родителите со основни податоци за работата на училиштето, но нивниот број се уште е мал, поради недостиг од финансиски средства. Се покажало дека брошурите стигнувале само до училиштата, а не до поширокатa јавност.

Образовните установи за средно образование се затворени за родителите и за работодавачите и тие немале можност непосредно да се запознаат со образовниот процес (Национална програма за развој на образованието, 2005 – 2015:181).
Благи реформи во наминувањето на овие состојби се прават преку формирање на совети на родителите, како и со формирањето на родителите на државно ниво.

Се покажало дека учениците се недоволно информирани за можностите за вработување, потребните квалификации, како и патиштата и начините кои водат до нив. Сето тоа е резултат на непостоење на изграден систем за информирање и комуникација помеѓу образовните установи, недостаток на активности и интерес на фирмите за стручен кадар и интерес на фирмите за стручниот кадар, што е се уште во образовниот процес.

Се смета дека причина за тоа е презаситеноста на пазарот на трудот, како и застареноста на системот на професионално советување и водење во училиштата.
За да се коригираат и изменат овие недостатоци, Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015, предвидела дека транспарентноста може да се зголеми доколку; подготвените национални стандарди им бидат достапни на сите заинтересирани; се зголеми вредноста на сертификатите за завршен степен на образование; преку поставување на јасни стандарди за завршните испити; се усоврши системот на екстерни национални оценувања, што ќе овозможи релевантни информации за постигнувањата на учениците; се контролира квалитетот врз основа на јасни стандарди, а показателите за квалитетот им се достапни на корисниците на образовните услуги; образовните институции се отворени за влијанија од страна на корисниците на услугите; се воспостави двонасочен систем за информирање што ќе значи информациите собрани од Министерството за образование и наука, треба да бидат достапни на поширокатa јавност.

Досега, имало извесни промени во гимназиското образование, со ФАРЕ и ВЕТ 3 проектот во средно стручно образование, кои претставувале начин за надминување на недоволната информираност на работодавците за вредноста на дипломите,

сертификатите и содржините што се изучуваат, како и нивно вклучување во завршните испити (Национална Програма за развој на образованието, 205-2015:182)

## 21. Обука на наставниот и стручниот кадар

Министерството за образование и развој на Р. Македонија, спроведувајќи ги започнатите реформи предвидени со Лисабонската Декларација, спровело обука на наставниот и стручниот кадар. Во извршувањето на предвидените мерки, утврдени со Законот за Бирото за развој на образованието (член 8 точка 2) биле организирани и се спровеле активности за професионалниот развој на воспитно – образовните и раководните кадри за предучилишното, основното, средното, образованието на учениците со посебни образовни потреби и уметничкото образование.

Во рамките на надлежностите за професионален развој, Бирото за развој на образованието спровело:

- Обука на наставниците, стручните соработници и директорите на училишта за примена на новите наставни програми (дидактичките насоки и интерактивните методи на реализација на наставата);
- Обуки според програми приоритетни на национално ниво и според програми развиени од потребите на училиштата (со акредитирани понудувачи);
- Обуки за поддршка на определени програми и новини во образовниот процес во соработка и поддршка со други институции и организации

За успешна реализација на активностите на Бирото за развој на образованието, се инвестирало во обуки за професионален и стручен развој на вработените во БРО преку континуирани обуки, советувања и учество во проекти. Во таа насока, биле организирани следните обуки:

Сумарна табела за реализирани обуки во 2010 год. од Бирото за развојот на образованието

**Табела 5**

| Ред. Бр. | ОБУКА | Број на видови обуки | Број на учесници | Времетраење на обуката (во часови) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Обуки реализирани од Бирото за развој на образованието** | 28 | 12329 | 212 |
| 2 | **Обуки реализирани преку акредитација на програми и понудувачи на обуки и услуги** | 8 | 6782 | 288 |
| 3 | **Обуки реализирани од Бирото за развој на образованието во соработка со други институции** | 41 | 30851 | 861 |
| 4 | **ВКУПНО** | **77** | **49962** | **1361** |

Извор: Биро за развој на образованието

Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието (БРО), во соработка со институции и странски партнери (УСАИД, УНИЦЕФ, Светска банка, Институтот "Гете", Британскиот совет), во 2010 год. спровеле 77 различни обуки со вкупно траење од 1.361 часа. Биле опфатени 50.000 наставници во основното и средното образование или секој наставник поминал во просек две обуки (Биро за развој на образованието)

Се одвивале три вида на обуки – за новововедените наставни предмети, обуки за одредена тема по избор на наставниците и обуки, кои произлегле од актуелните реформи во образованието. (Биро за развој на образованието на РМ)

Според извршените обуки, најпосетувани биле обуките за користење дигитални содржини за наставници – почетници, за одделенските наставници и стручните служби во училиштата (педагозите и психолозите).

Од досегашните обуки кои продолжиле и во 2011 год., најголема потреба за продолжување на обуката, се појавила во употребата на компјутерите, бидејќи се увидело дека информатичката писменост е се уште слабост кај повозрасниот наставен кадар.

Обуките што ги посетувале наставниците и знаењата што преку нив ги стекнуваат, сигурно ќе влијаат на нивното професионално унапредување. Со предвидените

реформи, Министерството за образование и наука на Р. Македонија подготвува правилник за кариерен развој на наставниците во средното образование, утврден преку работна група, која ќе биде одговорна за критериумите. Реформите предвидуваат за кариерниот развој на наставниците како позитивни поени да се земаат учеството и сертификатите, добиени на обуките, кои ќе бидат услов за стекнување на повисоко звање. На тој начин, се настојува да се мотивираат наставниците за посетување на обуките, бидејќи тоа подоцна ќе им овозможи професионално унапредување и стекнување на повисоко ниво на примања. Се предвидува, покрај обуките и добиените сертификати, да се воведат и тестирања меѓу наставниците. Обуките со тест ќе доведат до поголеми бодови во кариерата на наставникот **(Биро за развој на образованието на РМ)**

# IV – ДЕЛ

# МЕТОДОЛОШКА ПОСТАВЕНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊАТА

## 1. Формулирање на проблемот на истражувањето

Преку влијанието на Лисабонската Декларација која претставува главна насока за образованието во Р. Македонија, ќе се извршат голем број на реформи. Нашата држава има низа недоследности во делот на спроведувањето на нејзините цели и задачи. Имено, во делот на финансирањето на образованието, според Лисабонската Декларација потребно е секоја земја да издвојува 3% од БДП, но во последниот извештај на Европската Комисија за 2009 год. за Р. Македонија, се констатира дека издвоените средства од буџетот за 2009 год. не се доволни за предвидените реформи, предвидени со националната стратегија.

Исто така, спроведувањето на програмата "Доживотно учење" не се спроведува целосно ефикасно, потоа во делот на подобрувањето на квалитетот на наставата, како и во делот на обезбедување на еднаков пристап до средното и високото образование.

Имајќи ги предвид овие состојби, се поставува прашањето дали Р. Македонија ќе може во целост да ја имплементира Лисабонската Декларација, во делот на образованието.

## 2. Цели и задачи на истражувањето

### 2.1. Научна цел на истражувањето

Истражувањето има за цел да утврди колку се имплементираат целите и задачите предвидени според Лисабонската Декларација и како влијаат врз образовниот систем во средните училишта во Р. Македонија. Потоа, треба да утврди колкава е поврзаноста за локалната самоуправа, државата и приватните фирми во Р. Македонија, споредено со земјите – членки на ЕУ; како и да утврди дали и колку се реализира меѓународната соработка на учениците во средните училишта во  Р. Македонија со земјите членки на ЕУ.

### 2.2. Практична цел на истражувањето

Анализата на резултатите од оваа истражување ќе ги прикаже:

- Мерките кои треба да се преземат, за да се обезбедат кавлитетни реформи во образованието во Р. Македонија, а  се совпаѓаат со препораките на ЕУ;
- Реформите кои се одвиваат во наставниот процес за да се обезбеди кавалитет и развој на образовните системи во Р. Македонија, предвидени според Лисабонската Декларација.

## 3. Задачи на истражувањето

Истражувањето има за задача да утврди колку се започнати реформите во средното образование во Р. Македонија, како се извршуваат и дали се спроведуваат според утврдената динамика предвидена со Лисабонската Декларација.

## 4. Предмет на истражување

Централен предмет на ова истражување е начинот на кој ќе се извршат подобрувањата во однос на еднаквоста во образованието и обуката во средните училишта во Р. Македонија, предвидени со Лисабонската Декларација. Со ова истражување ќе се испита тврдењето дека Програмата "доживотно учење" станува реалност во образовниот систем во Р. Македонија. Исто така, за предмет на ова истражување ќе биде земен и степенот на инвестирање во средните училишта во Р. Македонија.

### 4.1 Дефинирање на основните поими во истражувањето

**Образование**

Образованието е глобална категорија и педагошки процес, кој се состои од усвојувањето на нови научни знаења од целиот свет. Благодарение на секојдневните училишни сознанија, се развива интелектот, се развиваат способностите за вреднување и познавањето на различните вредности кај луѓето. Се запознаваат високоморални вредности, се оспособува индивидуата постепено, преку сите нивоа на образованија да стане независна единка. Само на овој начин, индивидуата ќе може по завршувањето на неговото образование да биде способна за креативно и активно учество во производствено – технолошките, научно, уметнички и општествени процеси во едно современо општество.

**Средно образование**

Во средното образование се остваруваат планови и програми за гимназиско и стручно образование. Средното образование се остварува во средни училишта, кои се организираат како јавни училишта – државни и општински, како и приватни училишта. Дејноста која се остварува во средното училиште е од јавен интерес и се врши како

јавна служба. Во стручното образование се запишуваат редовни и вонредни ученици кои завршиле основно образование. Стручното образование може да биде од тригодишно и четиригодишно траење, како и специјалистичко образование. Во стручното оспособување до двегодишно траење се вклучуваат и лица без завршено основно образование, но непосредно со стручно оспособување се завршува и пропишаната програма за основно образование.

## Лисабонска Декларација

Европскиот Совет одржа специјален состанок на 23-24 март 2000 год. во Лисабон, Португалија, со цел, усвојување на нова стратешка цел за Европската Унија и зајакнување на: вработувањето, економските реформи и социјалната кохезија, како дел од економијата базирана на знаење.

Лисабонската Декларација како стратешки цели за следната деценија ги има поставено следните задачи:

1. Европската Унија се соочува со огромна промена како резултат од глобализацијата и предизвиците на новото знаење – управувано од економијата. Овие промени влијаат на секој аспект на животот на луѓето и бараат радикална трансформација на европската економија.

2. Унијата мора да ги креира овие промени во начинот на согласност со своите вредности и концепти на општеството.

3. Брзото темпо на промени значи дека Унијата мора да дејствува. Оттука и потребата за ЕУ да постави јасна стратешка цел и да изгради програма базирана на знаења, подобра инфраструктура, подобрување на иновациите, економски реформи, модернизирање на социјалната заштита и образовните системи.

## 5. Генерална хипотеза

Практичното имплементирање на Лисабонската Декларација позитивно влијае врз подобрувањето на квалитетот на средното образование, како дел од македонскиот образовен систем.

### 5.1 Посебни хипотези

Практичното имплементирање на Лисабонската Декларација позитивно влијае врз интегрирањето на Р. Македонија во ЕУ.

Извршените реформи во образовниот систем во Р. Македонија позитивно влијаат врз подобрувањето на стандардите во средното образование.

Извршените реформи во средните училишта во Р. Македонија позитивно влијаат врз реорганизацијата на образовната администрација.

Извршените реформи во средните училишта во Р. Македонија позитивно влијаат врз осовременувањето на образовните институции со модерни наставни средства и компјутеризација на училиштата.

## 6. Методи и техники на истражување

Моја главна преокупација при изработка на овој магистерски труд ќе биде собирањето, анализирањето, споредувањето и толкувањето на податоците од размислувањата и пишувањата на голем број автори, во веќе постојната достапна теориска и истражувачка литература.

Во овој магистерски труд, според проблемот на истражување и тргнувајќи од целите на истражувањето, ќе се употреби дескриптивен метод (анкета) и методот на поимна анализа.

**Дескриптивен метод**

Примената на дескриптивниот метод (анкета) ќе се користи во средните училишта во Скопје и ќе трае во текот на учебната 2011 год. За таа цел, ќе се анкетираат по 100 професори и 100 ученици во средните училишта во Скопје. Ќе се распределат текстови, кои подоцна ќе се обработат, а потоа резултатите ќе се интрперетираат, со што ќе се добие една општа слика.

Како предмет на дискрипција ќе бидат следните прашања:

- Дали различните содржини на образовните програми и понудата на поголем избор и повеќе стручни насоки, се во склад со целите на Лисабонската Декларација и дали ја зголемуваат мотивираноста кај младите за да останат подолго во училиште.
- Дали и колку учениците во средните училишта во Р. Македонија се запознаени со Лисабонската Декларација во областа на образованието.
- Колку се запознаени учениците во средните училишта во Р. Македонија со програмите за мобилност на учениците (Да Винчи и Сократес) предвидени според Лисабонската Декларација.
- Дали учениците во средните училишта во Р. Македонија се запознаени со основните вредности врз кои почива и се темели Европската Унија.

Врз основа на тоа, во заклучокот на истражувањето ќе се изнесат воочените позитивни искуства кои се применуваат во сите средни училишта во Р. Македонија, во рамките на имплементирањето на Лисабонската Декларација.

Најпрвин ќе се распределат текстови на учениците и на професорите, кои подоцна статистички ќе се обработат, а потоа резултатите ќе се интерпретираат, со што ќе се добие една општа слика за имплементирањето на Лисабонската Декларација.

Врз основа на обработените податоци, ќе се извршат воочувања и споредувања по групи на испитаници.

**Поимна анализа**

Преку методот на поимна анализа, ќе се обидеме да ги презентираме и анализираме централните термини кои ги користиме во ова истражување: Лисабонската Декларација и Договорот од Мастрихт од 1999 год. договорот од Стокхолм од 2001 год. договорот од Барселона од 2002 год, "Националната Програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005-2015", употребата на 5-те репери и 16-те основни индикатори прифатени од Европскиот Совет (кои се всушност главните насоки предвидени со Лисабонската Декларација). Овие термини имаат широка употреба во сферата на образованието и затоа имаат повеќекратно значење. При истражувањето не се задржуваме само на нивна презентација, туку правиме обид за нивно аналитичко согледување.

Преку поимната анализа, ќе се обидеме да дадеме одговори на прашањата поврзани за Европската Унија, и тоа во делот на финансирањето на образованието, споредено со некои високо развиени земји (особено за САД и Јапонија); развојот на образовните системи во ЕУ, но и во однос на конкурентноста, вложувањата и динамичноста на економијата во моментов.

# V – ДЕЛ

# РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

## Резултати од анкетното истражување кај професори

**Графикон 1** Дали сте запознаени со реформите предвидени со Лисабонската Декларација во Вашето училиште?




Од графиконот 1 може да се види дека повеќе од половината професори не се запознаени, третина се делумно запознаени, а само 9% од професорите се запознаени со реформите предвидени со Л.Д. Непознавањето на целите и задачите предвидени со ЛД. претставува сериозен проблем, бидејќи тоа доведува до неразбирање и конфузност на предвидените мерки и реформи кои се донесуваат, но и на оние што ќе се донесат во иднина во средното образование. Тоа секако сериозно ќе се одрази и на квалитетот во извршувањето и спроведувањето на веќе започнатите проекти. Потребно е во најкус временски период да се преземат конкретни мерки од страна на Министерството за образование на РМ. со цел запознавање на сите предизвици кои стојат пред наставниот кадар. Всушност, професорите сè токму тие кои ги спроведуваат предвидените реформи и сè во директен контакт со самите ученици, а за кого се и највеќе наменети.

**Графикон 2** Дали сте запознаени со реформите предвидени со Лисабонската Декларација во Вашето училиште? Дали сте задоволни со воведувањето на активната настава во Вашето училиште?




Од графиконот 2 може да се забележи дека над 60% од професорите од сите три групи (незапознаени, делумно и запознаени со реформи) само делумно се задоволни од за реформите од ЛД.

Со воведувањето на активната настава во средното образование, започна да се применува еден сосема поинаков однос на наставник и ученик. Сè покажа дека сите наставници не се подготвени да ја напуштат водечката улога кои ја имаа претходно, и продолжија со стариот начин на изведување на наставата. Покрај овој недостаток, се покажува дека за изведување на квалитетна активна настава потребен е и поголем простор во училиштата, како и поголема креативност од самите професори во осмислувањето на наставните часови.

**Графикон 3** Дали сте запознаени со реформите предвидени со Лисабонската Декларација во Вашето училиште? Колку сте задоволни со поврзаноста на локалната самоуправа, државата и приватните фирми со Вашето училиште?




Од графиконот 3 може да се забележи дека најголемиот број на професорите (46% – 66,7%) од сите три групи (незапознаени, делумно и запознаени со реформи) се само делумно задоволни со поврзаноста на локалната самоуправа, државата и приватните фирми со нивното училиште.

Потребна е поголема инволвираност на приватните компании при изведувањето на практичната настава на учениците, бидејќи само на овој начин се добива квалитетен работен пристап и знаење. Сето ова бара поголема ангажираност на самото училиште, но и поголема помош од локалната самоуправа, која со децентрализацијата во средното образование доби поголеми овластувања. Таа, всушност, треба да биде посредник помеѓу училиштето и приватните компании, за добивање на што поквалитетни и постручни кадри.

**Графикон 4** Дали сте запознаени со реформите предвидени со Лисабонската Декларација во Вашето училиште? Колку сте задоволни од сегашните резултати од државната матура во Вашето училиште?




Најголем процент од професорите (над 60%) кои се запознаени со ЛД. се задоволни од резултатите од државната матура. Кај професорите кои не се запознаени со ЛД, подеднаков број се делумно (42%) и целосно (45,5%) задоволни од резултатите на државната матура.

Со воведувањето на државната матура, се покажаа и недоследности при оценувањето од страна на професорите. Сè покажа дека постои неизедначен критериум при давањето оцена од страна на некои професори, но и дека има ученици кои добиваат оцени кои не ги заслужуваат. Но од година во година, бројот на овие недоследности се намалува, што покажуваат и подобрените финални резултати од државната матура.

**Графикон 5** Дали сте запознаени со реформите предвидени со Лисабонската Декларација во Вашето училиште? Дали со воведувањето на децентрализацијата во образовниот систем во Р. Македонија на сите нивоа, се чувствува подобрување во квалитетот во Вашето училиште?




Од анкетираните професори кои одговориле дека се запознаени со ЛД. повеќе од половината чувствуваат подобрување во нивните училишта, наспроти 33% кои само делумно чувствуваат подобрување во нивните училишта. Професорите кои не се запознаени со Л.Д, во најголем број и речиси подеднакво се изјасниле дека чувствуваат делумно подобрување во нивните училишта (39%) и или не можат да се определат (34%). Децентрализацијата овозможи поголема корелација помеѓу училиштата и општините, бидејќи сега како одговорни за средните училишта, општините имаат поблиска и пореална претстава за потребите на самото училиште. Доколку се потребни поголеми инвестирања во училиштето, општината треба да застане како посредник и директно да преговара меѓу државата и училиштето.

**Графикон 6** Дали сте запознаени со реформите предвидени со Лисабонската Декларација во Вашето училиште? Дали во Вашето училиште се реализира меѓународна соработка со средните училишта од земјите во ЕУ?



Од графиконот 6 може да се забележи дека повеќе од половината професори од сите три групи (незапознаени, делумно и запознаени со реформи) се изјасниле дека во нивните училишта се реализира меѓународната соработка.

Меѓународната размена помеѓу средните училишта од ЕУ и РМ. не ги даваат посакуваните резултати. Причината е во недоволната информираност на самото училиште, кое не дава и не ги насочува учениците на начинот како да аплицираат за програмите кои овозможуваат меѓународна размена. Потребна е поголема едукација за постоечките проекти, кои овозможуваат единствено на ниво на училиште да се посети средно училиште во Европската Унија.

**Графикон 7** Дали сте запознаени со реформите предвидени со Лисабонската Декларација во Вашето училиште? Дали сте задоволни од досега извршените реформи во Вашето училиште?




Професорите од сите три групи (незапознаени, делумно и запознаени со реформи) на графиконот 7 во најголем број и речиси подеднакво се изјасниле дека се делумно или целосно задоволни со извршените реформи.

Извршените реформи дадоа позитивни резултати, инвестирајќи во инфраструктурата, компјутер за секој ученик во училиштето, новите учебници, новиот наставен план, задолжителното средно образование, бесплатниот превоз и др. Иако, некои промени на самиот почеток беа проследени со низа пропусти, сепак ова овозможува да се реализира поквалитетна и посовремена настава, која ќе ги следи тековите на образование во ЕУ, за што се стреми и нашето општество.

**Графикон 8** Колку сте задоволни од спроведувањето на “Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015” во Вашето училиште?




Од графиконот 8 се забележува дека најголемиот број (61%) на професорите само делумно се задоволни, споредено со професорите кои не можат да се определат (19%), не се задоволни (14%) или се многу задоволни (6%) од спроведувањето на Националната Програма.

Постојат извесни проблеми околу спроведувањето на НПРО во средните училишта. Тоа пред сè е поради немањето услови за изведување на активната настава (мал број на училници) во некои средни училишта, немање услови за обезбедување квалитетна практична работа, застарените нагледни средства, што е предуслов за изведување на квалитетна настава.

**Графикон 9** Колку сте задоволни од спроведувањето на “Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015” во Вашето училиште? - Како го оценувате воведувањето на задолжителното средно образование?




Од графиконот 9 се забележува дека една половина од групата на професори кои биле задоволни од спроведувањето на НП се изјасниле како задоволни, а другата половина како делумно задоволни од воведувањето на задолжителното средно

образование. Професорите кои не биле задоволни од спроведувањето на НП. во најголем дел (40%) се изјасниле дека не се задоволни ни од воведувањето на задолжителното средно образование.

Воведувањето на задолжително средно образование наиде на позитивни реакции кај сите инволвирани во образованието во РМ. Со тоа им се даде можност и на ранливите социјални групи да го продолжат своето понатамошно образование. Но, сепак се појавија и извесни проблеми. Бидејќи се зголеми бројот на ученици, училниците станаа претесни за да се изврши наставата, што резултира со изведување на неквалитетна настава, недоволен број на нагледни средства. Исто така, професорите немаат можност да му посветат доволно внимание на секој ученик одделно, што доведува, исто така, и до нереално оценување.

**Графикон 10** Колку сте задоволни од спроведувањето на "Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015" во Вашето училиште? - Дали компјутерите во Вашето училиште се поврзани во мрежа?




Од графиконот 10 може да се забележи дека дури 100% од професорите кои се задоволни од спроведувањето на НП се изјасниле дека компјутерите им се поврзани во мрежа. Кај професорите кои се делумно задоволни или незадоволни од спроведувањето на НП, 71% и 67% се изјасниле дека компјутерите им се поврзани во мрежа.

Во најголем број од средните училишта во РМ., компјутерите се поврзани во мрежа и придонесуваат за изведување на наставата според новите наставни програми. Ова овозможува полесно следење на наставата, нивното знаење, како и корегирања на учениците од страна на професорите.

**Графикон 11** Колку сте задоволни од спроведувањето на “Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015” во Вашето училиште? - Дали активната настава им помага на учениците за полесно совладување на наставната програма?




Над 60% од професорите кои одговориле дека се задоволни од НП биле задоволни како активната настава им помага на учениците. Повеќе од половината испитаници (53,3% и 57,1%) во другите две групи (делумно задоволни и незадоволни од НП) одговориле дека делумно се задоволни од тоа како активната настава помага во наставната програма.

Иако се појавија на самиот почеток низа недоследности при изведувањето на активната настава, сепак таа покажа ефективни резултати. Ученикот на овој начин е поактивен при изведувањето на наставата, самостојно размислува и одлучува за одредени прашања, што им помага за што полесно совладување на новата настава. Со тоа и професорите имаат полесна комуникација и сознанија за успешноста на нивната настава.

**Графикон 12** Колку сте задоволни од спроведувањето на "Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015" во Вашето училиште? - Дали со новиот наставен план неделниот фонд часови во вашето училиште е порастеретен?




Од графиконот 12 може да се забележи дека најголемиот дел (половината) од професорите кои се задоволни од спроведувањето на НП. сметаат дека новиот наставен план е порастеретен. За разлика, најголемиот број (половината) од професорите кои се незадоволни од спроведувањето на НП. сметаат дека новиот наставен план не е порастеретен.

Новиот наставен план донесе позитивни реакции и резултати. Намалениот вкупен фонд часови кај учениците во сите години, како и немањето на изборни предмети во прва година, јасно укажува дека новиот наставен план донесе значително растеретување кај учениците. Но, се појавија и низа недоследности со новиот наставен план. Кај сите професори нема подеднаква подготвеност за изведување на програмите и предметите кои се предвидени со него, немањето насекаде еднакви услови за реализација на изборните предмети, недоволниот број на училници, секако влиае врз функционирањето и реализацијата на новиот наставен план. Потребно е во најкус рок да се елеминираат овие недостатоци, бидејќи само на тој начин ќе може успешно да се реализираат усвоените и веќе започнати реформи во средното образование во РМ.

**Графикон 13** Колку сте задоволни од спроведувањето на “Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015” во Вашето училиште? - Дали постојат еднакви можности за вклучување на сите ученици во средното образование во Р.Македонија?




Од анкетираните професори над 60% кои одговориле дека се задоволни од спроведувањето на НП. биле задоволни и од можностите за вклучување на сите ученици во средното образование. За разлика, најголемиот број (половината) од професорите кои се незадоволни од спроведувањето на НП. биле незадоволни и од можностите за вклучување на сите ученици во средното образование.

Во Р. Македонија резултатите укажуваат дека постои поддршка на инклузивното образование. Воведувањето на бесплатните учебници, бесплатниот превоз за сите ученици се успешни мерки кои Министерството за образование ги воведе со цел вклучување на сите социјални групи во средното образование. Но, сепак постојат и низа недостатоци, кои треба што побрзо да се исправат. Така, постои генерално неразбирање за децата со пречки во развојот во редовните средни училишта. Во училиштата е евидентно немањето на доволен број вработени дефектолози, кои би работеле со таквите лица, како и необученоста на професорите за работа со деца со пречки во развојот.

За голем недостаток се смета дека повеќето средни училишта во РМ. не располагаат со услови за физички пристап и тоалети за учениците со пречки во развојот.

Поради тоа, Националната програма за развој на образованието “2005-2015” се повикува на ставање поголем акцент на обученоста на наставниците за обезбедување на образование за лица со посебни образовни потреби.

**Графикон 14** Колку сте задоволни од спроведувањето на "Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015" во Вашето училиште? - Дали сте задоволни со резултатите од новиот предмет "граѓанско образование" во Вашето училиште?




Од графиконот 14 може да се забележи дека над 80% од професорите кои одговориле дека се задоволни од спроведувањето на НП. биле задоволни од резултатите од новиот предмет, наспроти половината од делумно задоволните (49,2%) од спроведувањето на НП. Најголемиот број на професори кои се незадоволни од спроведувањето на НП (над 40%) не можеле да се определат дали се задоволни од резултатите од предметот.

Воведувањето на предметот "Граѓанско образование" е со цел да ги научи учениците како треба да парципираат во општеството, да знаат да се организираат, да го кажат своето мислење, и да научат како да ги користат институциите на системот. Но, иако за реализација на предметот се воведе нов учебник, сепак тој покажа и извесни слабости. Се истакнуваат методите и техниките кои се применуваат во учебникот, кои не се соодветни и дефинирани за успешна реализација, како и не можноста да се предава демократија, за кои реално, нема можност со класичен метод.

**Графикон 15** Дали сте подготвени на Вашите ученици да им ги објасните реформите/промените во Вашето училиште?




Од графиконот 15 може да се забележи дека подеднаков број професори одговориле дека делумно (39%) или целосно (35%) се подготвени да ги објаснат реформите, наспроти 20% од професорите кои не се подготвени да им ги објаснат реформите на учениците во нивното училиште.

Иако, оддамна се започнати реформите во средното образование во РМ. неинформираноста кај професорите за причините и начините за спроведените реформи во средното образование се основниот проблем, како за самите нив, така и за подетално објаснување за започнатите реформи и кај учениците. Сето ова доведува до конфузија и недоверба во промените, начинот на нивната реализација и некоординираност помеѓу образовните институции и професорите. Потребно е и да се вклучат во што поголем број професорите при одлучувањето и реализацијата на реформите во образовниот систем, за да може полесно да се спроведат и реализираат новите програми.

**Графикон 16** Дали сте подготвени на Вашите ученици да им ги објасните реформите/промените во Вашето училиште? - Дали сметате дека компјутерите како машина може да Ви помогне во изведувањето на наставата?




Од графиконот 16 може да се забележи дека голем дел од професорите кои се подготвени да ги објаснат реформите сметаат дека компјутерот целосно 56% или делумно (40%) им помага во наставата. Кај професорите кои не се подготвени или се само делумно подготвени за објаснување на реформите најголемиот број (57,1% и 70%) сметаат дека компјутерот понекогаш им помага во изведувањето на наставата.

Со поставувањето на компјутерите во сите средни училишта, значително се подобрија условите за изведување и реализација на наставата. Професорите преку посебен софтвер, изработен токму за полесна реализација и изведување на наставата, добија подобри услови за презентација, осмислување и креативност за полесно совладување на наставата кај учениците. Така на пример, професорите на часот по македонски јазик, можат преку Интернет заедно со учениците да се запознаат со авторот на одредена книга, да прочитаат одредена критика, но и учениците преку имеил да испраќаат есеи, семинарски до професорот. Исто така, во компјутерите се инсталирани работни страници за одредени предмети, а компјутерите можат да послужат и за презентација на разни проекти.

**Графикон 17** Дали сте подготвени на Вашите ученици да им ги објасните реформите/промените во Вашето училиште? – Дали во Вашето училиште има услови за спроведување на активна настава/интерактивна настава во Вашето училиште?




Од графиконот 17 подеднаков број од професорите кои се подготвени за објаснување на реформите во училиштето се задоволни (44,4%) или делумно задоволни (47,2%) од условите за активна настава. Над половината од професори кои не подготвени за објаснување на реформите во училиштето се делумно задоволни, а само четвртина од нив се целосно задоволни од условите за активна настава.

Реализацијата на активната настава во средното образование во РМ. се соочува со извесни потешкотии. Констатирано е дека има недоволен работен простор пред секој ученик (има компјутер на секоја работна маса), како и хроничен недостиг од нагледни средства во секое одделение посебно. Немањето доволен број на училници, односно големиот број на ученици во една училница е најголемиот проблем, бидејќи за изведување на активната настава потребен е поинаков распоред на работните маси.

Потребно е навреме да се преземат потребните мерки, за да може во целост успешно да се спроведе активната настава.

**Графикон 18** Дали сте подготвени на Вашите ученици да им ги објасните реформите/промените во Вашето училиште? – Дали сте задоволни од реализацијата на изборните содржини со новиот наставен план во Вашето училиште?




Од графиконот 18 анкетираните професори кои одговориле дека се чувствуваат подготвени да ги објаснат реформите во најголем број (44,4%) се задоволни или делумно задоволни (36,1%) од реализацијата на изборните содржини. За разлика, најголемиот број од професорите кои не се подготвени да ги објаснат реформите биле делумно задоволни (42,9%) или незадоволни (28,6%) од реализацијата на изборните содржини.

Изборните предмети имаат функција на продлабочување и проширување на знаењата на учениците. И покрај позитивните резултати од воведувањето на новиот наставен план и извршените промени, сепак може да се констатираат и извесни недоследности. Постои недоволна подготвеност на наставниот кадар за реализација на изборните содржини, а понекогаш поради непостоење на соодветна форма за реализација на изборните предмети, наставата се изведува и во неработни денови. Ова секако доведува до неможност на примената на изборните содржини, како и значително оптоварување на учениците.

**Графикон 19** Дали сте подготвени на Вашите ученици да им ги објасните реформите/промените во Вашето училиште? – Дали според Ваше мислење наставниците се доволно оспособени за реализација на новите наставни програми?




Од графиконот 19 може да се забележи дека професорите кои одговориле дека се подготвени да им ги објаснат реформите на учениците во најголем број се целосно (44,4%) или делумно (41,7%) оспособени за реализација на новите наставни програми. Исто така, најголем број од професорите кои не се подготвени да им ги објаснат реформите на учениците се целосно (42,9%) или делумно (28.6%) оспособени за реализација на новите наставни програми.

Со воведувањето на новите наставни програми, извршени се значителни измени и дополнувања, каде е констатирана поголема подготвеност на наставниот кадар за реализација на новите наставни програми. За таа цел, беа организирани континуирани семинари, бидејќи станува збор за имплементација на нова наставна програма. Професорите сега применуваат повеќе актуелни методи и техники на наставната работа, како и нови начини за следење и оценување на постигањата на учениците. Но, сетоа ова, бара и континуирана подготвеност и креативност од страна на професорите, со цел што поуспешно да ги реализираат новите наставни програми.

**Графикон 20** Како би го оцениле Вашето ниво на познавање на работа со компјутер?




Од графиконот 20 може да се забележат три приближно големи групи на професори во однос на познавањето на работа со комјутери. Така, 31% од професорите имаат многу големо познавање од компјутери (81% -100%), 29% се со познавање од 61% до 80% и 25% со познавање од 41% - 60% на работа со компјутер.

Со започнувањето на проектот "Компјутер за секој ученик" се започнаа континуирани обуки кај професорите со цел за полесно совладување на компјутерските вештини потребни за реализација на наставата. Иако на самиот почеток, имаше одредена одбивност за нивна употреба од страна на повозрасните професори, сепак се забележува дека тој проблем сега е надминат. Од страна на Министерството за образование на РМ. се организираа голем број курсеви за компјутери, со цел запознавање и обука со потребните алатки, програми и софтвери, кои им се потребни за полесно и покреативно изведување на наставата.

**Графикон 21** Како би го оцениле Вашето ниво на познавање на работа со компјутер? – Од кои следни апликативни програми имате познавања при работа на компјутер?




Од графиконот 21 може да се забележи дека групата со 81% – 100% познавање на компјутери има приближно познавање од работа со Word (33%), Excel (41,9%), Power Point (40,5%) и пребарување на интернет (36,4%), а 70% од испитаниците имаат познавања и од други апликативни програми Во групата со 61% - 80% познавање од компјутер, има приближно познавање од Word (30,9%), Excel (35,5%), Power Point (33,8%) и пребарување на интернет (31,2%).

Преку извршените обуки и курсеви кај професорите со потребните основни програми за реализација на документи, математички пресметки, реализација на презентации, користење на интернет, се забележува големо напредување и усовршување на компјутерските програми. Ова солидно познавање со работата на компјутерите дава надеж дека настанатите реформи предвидени со Лисабонската Декларација се извршуваат квалитетно и професионално.

## Заклучок од анкетниот прашалник со професорите

Имајќи го предвид фактот дека воведувањето на активната настава е предвидено во Лисабонската Декларација, добиените резултати од спроведената анкета покажуваат дека најголемиот дел од професорите се незадоволни од условите при изведувањето на прадавањата.

Причините се детектирани во немањето услови за изведување активна настава во некои средни училишта. Активната настава подразбира поинаков распоред и организација на просторот на училницата. Тоа подразбира дека наспроти вообичаените редици по двајца и системот "тил зад тил", учениците треба да седат еден до друг во мали групи. Потребно е таблата да се набљудува од сите можни агли, а работната маса и материјалот со задачите да претставува работно место за ученикот. Недоволниот работен простор за одвивање на активната настава укажува дека е потребно да се намали бројот на учениците во училницата и да се отворат поголем број на одделенија. Ова е неопходно за спроведување на современите методи предвидени со интерактивната настава од страна на професорите.

Доколку работите не се променат, ќе се доведе во прашање и оправданоста за воведувањето на активната настава во средните училишта во Р. Македонија.

Кога се говори за поврзаноста на локалната самоуправа, државата и приватните фирми со училиштата во средното образование, можеме да заклучиме дека процентот на задоволни професори не е на високо ниво, и има потреба за поголема меѓусебна подобра координираност помеѓу засегнатите страни. Доколку, на самиот почеток на нивното образование ги вклучат со изведување на практичната работа во нивните институции и компании, како и преку доделување на разни стипендии за нивно образување и усовршување, ќе се создадат високо мотивирани и образовани кадри. Со тоа, учениците ќе имаат веќе практична работа, која понатаму ќе даде и поголем квалитет во работата, а со тоа и самите работодаватели ќе имаат појасна слика за самите апликанти во нивните компании или институции.

Р. Македонија е една од првите поранешни Југословенски републики кое воведоа финансирање на образованието по ученик, како дел од процесот на децентрализација во земјата. Според ова, општините во 2008 год. добивале финансии за училиштата во средното образование според густината на популацијата, но оваа формула се напуштила. Потоа е воведен и коефициент за гимназиското образование, а во 2010 год. се дуплирала сумата по ученик. Основната сума која се издвоила во 2010 год. и покрај финансиската криза се зголемила за 20%. Врз основа од резултатите од анкетираните професори, призлегува дека професорите чувствуваат подобрување во квалитетот во

образовниот систем во нивното училиште. Можеме да заклучиме дека е потребно поголемо вложување од општините, а секако и порамномерно распределување на финансиските средства во сите општини каде има средни училишта.

Државната матура во Р. Македонија се спроведува 4 години по ред. Сите три години средната оценка на учениците е тројка. На самиот почеток од воведувањето на државаната матура во средните училишта, во 2008 год. резултатите беа многу незадоволителни. Од 92 средни училишта, 14 постигнаа среден успех - доволен 2, едно последно рангирано е без успех - недоволен 1.

Единаесет проценти од матурантите во средните училишта во Р. Македонија во 2011 год. не положија државна матура, односно имаат единица барем по еден предмет. Во анализите кои се споредени во 2011 год. со изминатите 2009/2010 се забележува пораст на средната оцена. Просечната оцена во 2011 год. за државната матура е 3,3 додека во 2010 год. е 2,98 и во 2009 год. 3,1. Во изминатите неколку години, Државниот испитен центар во соработка со Министерството за образование и наука ги анализираше деталите околу државната матура, вклучувајќи го и подобрувањето и усовршувањето на видот на тестот, околноста и содржините за полагање на државната матура.

Според резултатите од нашите истражувања, професорите во голем дел се задоволни од резултатите од државната матура и резултатите извршени од Државниот испитен центар кај учениците. Можеме да заклучиме дека има подобрување од воведувањето на државната матура.

Со добивањето на кандидатскиот статус за кандидат на Р. Македонија за членка во ЕУ во 2005 год. како и со добивањето на визната либерализација, се стекнаа подобри услови на македонските ученици во средното образование за посета на европските училишта и за соработка со нивните врсници од Европската Унија.

Во Европската Унија постојат агенции кои даваат поддршка на учениците преку размена на искуства и знаење, со цел подобрување на квалитетот и засилување на атрактивноста на стручното образование и обука. За таа цел, од страна на Р. Македонија е формирана Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, за промоција и спроведување на европските образовни програми. Како една од водечките програми за оваа цел, од Европската Унија се формирани програмите: Комениус, Леонардо да Винчи и др.

Знаејќи дека ЕУ преку Лисабонската Декларација настојува да го намали бројот на учениците кои го напуштаат образованието, во 2008 год. Р. Македонија воведе задолжително средно образование за сите ученици. Целта е да се намали сиромаштијата, невработеноста кај идните генерации преку продолжено и поквалитетно образование. Р. Македонија настојува да ги вклучи и маргинализираните групи во општеството, особено ромската популација. Од извршените досегашни

резултати на Државниот завод за статистика, стапката на запишани деца во средното образование изнесува 92%, додека стапката на ромските деца изнесува околу 65%. Така, во редовните средни училишта бројот на ученици на крајот на 2008/09 год. изнесува 93.154, од кои годината ја завршиле вкупно 24.210 ученици, во 2009/2010 год. вкупно се запишале 94.284 ученици, а завршиле 25.345. Во 2010/11 год. бројот се зголемил и изнесувал 101.2, а завршиле 104.7 ученици.

Можеме да заклучиме според резултатите дека проектот бесплатно средно образование успешно се спроведува и ги дава очекуваните резултати. Но, сепак мораме да ги забележиме и негативните последици од проектот. Зголемениот број на ученици предизвикува немање на доволен простор во училниците, а секако се рефлектира за квалитетно предавање на наставните содржини. Затоа е потребно Р. Македонија да обезбеди услови за нормално функционирање на наставата, и на тој начин да создаде просперитетно општество.

Според добиените резултати од извршеното анкетирање, професорите сметаат дека извршените реформи во образованието се на задоволително ниво, иако некои од нив сметаат дека не постои доволна корелација помеѓу државата и општините. Со ова, се создава бариера и неможност да се слушнат вистинските потреби на едно училиште, неопходни за нормално функционирање. Немањето на учебници веќе подолго време и принуденоста на импровизирање преку диктирање и фотокопирање претставува сериозен проблем. Исто така, проблем се јавува и со уништувањето на компјутерската техника (глувче, тастатура и сл.) од страна на несовесните ученици. Вршењето контроли од страна на професорите со цел да се зачуваат компјутерите, значително влијае на времето предвидено за настава, па поради тоа воочените проблеми треба што побрзо да се елиминираат.

На самиот почеток од воведувањето на активната настава професорите не ја прифатија со големо воодушевување оваа идеја, сметајќи на тој начин дека ќе ја изгубат водечката улога во односот професор – ученик, како и тоа дека нема да можат да воспостават контрола врз нив, бидејќи активната настава подразбира поголема инволвираност на самите ученици. Но, целата слика се измени откако во соработка со Министерството за образование и наука се организираа многубројни семинари каде беа објаснети новите начини на предавање, како и новата улога на професорите во однос на учениците. Од добиените резултати, можеме да заклучиме дека кај професорите преовладуваат позитивни реакции околу новиот начин на изведување на наставата, каде професорот го активира секој ученик, кој со неговото учество, квалитет и комуникација, на своевиден начин ја истакнува неговата индивидуалност. Преку поставување прашање, а не со готови одговори, преку воочување проблеми, бележење, издвојување на поими и сл. ученикот е во центарот на вниманието, а не како што беше претходно, главната улога да ја има професорот. Заедничката работа ги поттикнува учениците заедно да работат, да бараат меѓусебна помош и преку гледиштата на другиот да ги преиспитуваат своите ставови и заклучоци.

Со воведувањето на новиот Наставен план од страна на Бирото за развој на образованието се воведоа значителни промени во гимназиското образование. Намалувањето на вкупниот фонд часови во сите години, немањето на изборни предмети во прва година позитивно влијае за полесно и поефикасно совладување на програмите кај учениците.

Поради ова, измените во наставниот план позитивно се оценети од страна на анкетираните професори. Додека во некои училишта, особено во помалите места, се појавува сериозен проблем, бидејќи немаат услови за реализација на изборните предмети. Тие се групирани во три изборни подрачја: природно – математичко, јазично – уметничко и општествено – хуманистичко подрачје. Немањето доволен број на училници влијае негативно, бидејќи најмалиот број на ученици за кои може да се организира настава за една изборна комбинација изнесува 17 ученици, или половината од дозволениот број на ученици во една паралелка. Можеме да заклучиме дека постои и недоволна подготвеност на наставниот кадар за реализација на изборните содржини кои се однесуваат на урбаната култура, култура за заштита, одбрана, мир, толеранција, и здравственото осигурување.

Како дополнителна тешкотија треба да се истакне и несоодветната дефинираност во наставниот план, како и непостоење на соодветна форма за реализација на изборните предмети. Заради ова, оваа настава е третирана како задолжителна, во повеќе случаи се оценува (а се реализира и во неработни денови) што секако претставува оптоварување за учениците. Затоа е потребно континуирано образование на наставниот кадар, особено кога се работи за имплементација на новите наставни содржини.

Согледувањата покажуваат дека благодарејќи на извршените реформи во средното образование, има тренд кон целосен опфат на маргинализираните групи во општетството, особено на најранливата група – ромската популација. Задржувањето во воспитно – образовниот процес е подобрено, но се уште загрижува предвременото напуштање на училиштето поради мигрирање на семејствата кои се во потрага по егзистенција. Постигнувањата на децата Роми се подобруваат, но се уште се ниски во споредба со просечните постигања на останатите ученици. Р. Македонија во соработка со МОН им излезе во пресрет и на сите посиромашни ученици им обезбеди бесплатен автобуски превоз и бесплатни учебници во средното образование.

Во Р. Македонија, предметот "Граѓанско образование" се воведе во рамките на основното и средното образование, и тоа како посебен наставен предмет во четврта година во средните училишта, додека како дел од наставната содржина во гимназиското образование. Иако, за реализацијата на наставата е подготвен учебник кој ги задоволува сите критериуми за квалитет, треба да се истакнат и одредени слабости, а тоа се:

- Методите и техниките кои се применуваат не се соодветни за успешна реализација;

- Не можноста со класичен метод да се предава демократија, која подразбира активна вклученост на учениците преку изнесување свои заклучоци;

Воведувањето на компјутерите во Р. Македонија преку програмата "Компјутер за секое дете" е со цел модернизирање на образованието. Преку набавка на компјутерите во училиштата, воведени се 43 алатки, меѓу кои: програма за управување со училницата; програма за изработка на тестови; речници; сите апликации од пакетот се преведени на македонски и албански јазик. Исто така, преку програмите "Writer","Impress" и софтверот Едубунту, професорите добија подобрување на наставата, полесен и посовремен пристап на изучување. Можеме да заклучиме дека со компјутеризацијата значително се олесни работата на професорите, иако на самиот почеток имаше одреден отпор, особено кај повозрасните професори, кое влијаеше на интензитетот на совладување на компјутерските вештини потребни за настава. Секако, големо олеснување имаат професорите и со поголемото вмрежување на сите компјутери кои се наоѓаат во самата училница.

# Резултати од анкетното истражување кај учениците

**Графикон 22** Дали сте запознаени со основните вредности врз кои се темели ЕУ?




Од графиконот 22 се забележува дека повеќе од половината од учениците само делумно се запознаени со основните вредности на ЕУ, 39% од учениците не се запознаени, и само 8% се целосно запознаени со основните вредности на ЕУ.

Недоволната информираност со основните вредности на ЕУ укажува на потребата за нивно посистематско информирање преку континуирани наставни содржини. Доколку Република Македонија сака да влезе во ЕУ, треба да се посвети токму на учениците и да ја промовира потребата од заедничкото живеење со европските народи и нивните придобивки, како економски така и на културен план.

**Графикон 23** Дали сте запознаени со основните вредности врз кои се темели ЕУ? – Како го оценувате воведувањето на задолжителното средно образование?




Од анкетираните ученици од графиконот 23 може да се забележи дека над 60% ученици од сите три групи (целосно, делумно или не запознаени со основните вредности на ЕУ, позитивно го оценуваат воведувањето на задолжителното средно образование.

Задолжителното средно образование е високо прифатено од учениците, што говори за високата свест што ја покажуваат кон важноста на образованието и можноста на секој да му се овозможи да се здобие со потребна едукација. Знаејќи дека знаењето е моќ, и дека едно општество е посилно економски толку колку што има образовано население, се потврдува оправданоста од воведувањето на задолжителното средно образование во РМ.

**Графикон 24** Дали сте запознаени со основните вредности врз кои се темели ЕУ? – Дали сте задоволни од воведувањето на бесплатни учебници во училиштата?



Од графиконот 24 може да се забележи дека над 60% од сите ученици се задоволни од воведувањето на бесплатните учебници во училиштата. Иако на самиот почеток од воведувањето на бесплатните учебници постоеше недоверба во самиот проект, поради мислењето дека ќе дојде до несовесно оштетување на учебниците од страна на учениците, сепак проектот покажа позитивни резултати. Се воведоа построги мерки за чување на учебниците, што предвидуваат финансиска казна за оштетените учебници. Поради тоа, не изненадува големиот процент на неоштетени учебници на крајот на школската учебна година.

**Графикон 25** Дали сте запознаени со основните вредности врз кои се темели ЕУ? – Дали во вашето училиште со извршените реформи имате подобри услови (материјални и технички) за извршување на практичниот дел за одредени предмети?




Кај учениците кои се целосно запознаени со основните вредности на ЕУ, најголемиот број (37,5%) мислат дека делумно имаат подобри услови, една четвртина дека немаат и една четвртина дека имаат подобри услови за извршување на практичниот дел. Кај учениците кои не се запознаени со основните вредности на ЕУ најголемиот број (34%) мислат дека имаат подобри услови, додека една четвртина мисли дека немаат подобри услови за извршување на практичниот дел.

Овие резултати покажуваат дека условите за извршување на практичниот дел од наставата само парцијално се подобрени. Со оглед на тоа дека преземените реформи во образованието, во голем дел е ставен на практичната настава, станува јасно дека иако државата и приватниот сектор сега многу повеќе придонесат во опремувањето на лабораториите и просторот, сепак потребни се повеќе вложувања за практична обука на учениците.

**Графикон 26** Дали досега сте слушнале за терминот "Лисабонска Декларација"?




Од графиконот 26 може да се забележи дека половината од учениците не слушнале, додека помал дел 14% и 9% се изјасниле дека делумно слушнале за терминот ЛД.

Станува јасно дека има многу мало познавање за значењето и важноста на Лисабонската Декларација кај учениците. Потребно е нивно поголемо едуцирање и информирање. Познавањето на Декларацијата би им овозможила на учениците подобро разбирање и прифаќање на реформите, кои го опфаќаат средното образование, а воедно и поблиску до смислата и целта на создавањето на Европската Унија.

**Графикон 27** Дали според Вас реформите во средното училиште се резултат на Лисабонската Декларација?



Од резултатите на графиконот 27 се забележува дека најмал број ученици сметаат дека реформите се резултат на ЛД. (7%), наспроти 35% од учениците кои сметаат дека реформите во средното училиште не се резултат на ЛД.

Резултатите се очекувани, со оглед на тоа дека многу мал број на учениците ја познаваат Декларацијата. Затоа е потребно Министерството за образование преку професорите одржувајќи кратки предавања, да ги запознаат сите ученици во средните училишта кои се реформите и зошто е потребно целото општество, вклучувајќи го и средното образование во РМ. да продолжи со започнатите реформи.

**Графикон 28** Дали досега сте слушнале за терминот "Лисабонска Декларација"? – Дали според Вас реформите во средното училиште се резултат на Лисабонската Декларација?




Од графиконот 28 се забележува дека подеднаков број ученици кои слушнале за Лисабонската Декларација сметаат дека реформите се многу малку (44,4%) или половично (44,4%) се резултат на ЛД. Кај учениците кои не слушнале за Лисабонската Декларација најголем број (45%) се изјасниле дека реформите не се резултат на ЛД., а по една четвртина од нив дека се многу малку или половично резултат на ЛД.

Се забележува дека Декларацијата ја познаваат само декларативно, без да им биде укажано од страна на професорите за процесот на хармонизација на нашите и европските образовни реформи.

**Графикон 29** Дали според Вас реформите во средното училиште се резултат на Лисабонската Декларација? – Дали во Вашето училиште се реализира меѓународна размена на ученици со средните училишта од земјите во Европската Унија?




Од графиконот 29 може да се забележи дека половината од учениците кои сметаат дека реформите се резултат на ЛД. не се запознаени со реализацијата на меѓународната размена на учениците од земјите во ЕУ, а над 30% сметаат дека таа не се реализира. Во групата од ученици која се изјаснила дека реформите не се резултат на ЛД., околу 40% не се запознаени од реализацијата на меѓународната размена на учениците од земјите во ЕУ, една четвртина сметаат дека се реализира, а друга четвртина дека не се реализира меѓународната размена.

Се заклучува дека само мал од учениците ги користат придобивките од програмите предвидени за меѓународна размена на ученици во ЕУ. Затоа е потребно да се вложи што поголема ангажираност од самото училиште, информирајќи ги за предностите при учењето во европските земји. Знаејќи ги големите придобивки од посетата на европските училишта, од нивното големо искуство што го стекнуваат европските ученици со нивната разновидна и квалитетна практична настава, како и од изведувањето на наставата, потребно е да се интензивира меѓународната размена, со цел добивање на непроценливо искуство и знаење, кое подоцна ќе го применат во РМ.

**Графикон 30** Дали според Вас реформите во средното училиште се резултат на Лисабонската Декларација? – Колку сте задоволни од извршените инвестирања за подобро функционирање во Вашето училиште?




Од анкетираните ученици од графиконот 30 може да се забележи дека учениците генерално не се задоволни од извршените инвестирања за подобро функционирање во училиштето. Кај учениците кои сметаат дека реформите во нивното училиште целосно се резулутат на ЛД. најголемиот дел (над 65%) се многу малку задоволни од извршените инвестирања во училиштата. Кај учениците кои сметале дека реформите во нивното училиште не се резулутат на ЛД. подеднаков процент (над 25%) смета дека воопшто не е инвестирано или дека е само половично инвестирано за подобро функционирање во училиштата.

Се добива впечаток дека учениците очекуваат поголеми инвестирања во училиштата, што несоодветствува со досега реализираните активности. Се заклучува дека постои извесно забавување на започнатите реформи, недоволно инвестирање во училиштата каде вистински им е потребна тоа, особено во руралните места. Најголемиот проблем е во училиштата кои во зимскиот период имаат недостаток од финански средства за затоплување на училниците, разурнатата инфраструкура на училиштата, како и потребата од нов училишен инвертар.

Во областа со инвестирањето, мора да се продолжи со инвестирањето во средните училишта во РМ. од страна на државата и приватниот сектор, со цел подобрување на состојбите и продолжување на реформите.

**Графикон 31** Дали според Вас реформите во средното училиште се резултат на Лисабонската Декларација? – Дали во Вашето училиште постои програма за надарени и талентирани ученици?




Над една четвртина од сите групи испитаници не била запознаена со постоењето на програма за надарени и талентирани ученици. По една третина ученици смета дека постои програма за надарени и талентирани ученици и во двете групи кои се изјасниле дека реформите во средното училиште целосно се или воопшто не се е резултат на ЛД. Во групата која се изјаснила дека реформите многу малку се резултат на ЛД. најголемиот број ученици (44%) сметале дека не постои програма за надарени ученици во нивното училиште.

Резултатите укажуваат дека учениците генерално не се информирани за програмите на надарени и талентирани ученици или сметаат дека такви програми нема. Тоа ја потенцира потребата од подобро информирање, промоција и осмислување на современи програми за надарени ученици.

**Графикон 32** Дали според Вас реформите во средното училиште се резултат на Лисабонската Декларација? – Дали сте вклучени во новите содржини од страна на Вашите наставници?




Од графиконот 32 може да се забележи дека без разлика што изјавиле за врската меѓу реформите во средното училиште и Лисабонската Декларација, повеќе од

половината од учениците од сите групи се изјасниле дека половично се вклучени во новите содржини од страна на нивните наставници.

Се покажува дека постои делумна реализираност на новите наставни програми како резултат на несоодветна адаптација на наставниот простор, недефинираните наставни планови и неподготвеноста на наставниот кадар за реформи. Овие недостатоци потребно е брзо да се исправат, бидејќи тоа негативно делува врз квалитетот на извршувањето на започнатите реформи, а подоцна може да остави долгогодишни последици во средното образование во РМ.

**Графикон 33** Дали според Вас реформите во средното училиште се резултат на Лисабонската Декларација? – Дали во Вашето училиште со новите наставни програми се издвојува доволно време за извршување на практичниот дел за одредени предмети?




Од графиконот 33 може да се забележи дека и во групата која смета дека реформите се целосно резултат на ЛД. и од групата која смета дека реформите не се резултат на ЛД. најголем број ученици сметаат дека се издвојува доволно време за извршување на практичниот дел.

Со новиот наставен план реализиран од Министерството за образование на РМ. во соработка со Бирото за развој на образованието, зголемени се часовите предвидени за практичната настава. Причината е во се поголемата потребата од практична работа, со што на овој начин ќе се добие поголема стручност и искуство во одредена област во образованието кај секој ученик.

Овој позитивен тренд ја покажува заложбата на професорите и образовните институции од планирање доволно време за извршување на практичните наставни програми и покрај недостатокот на средства и простор за работа.

**Графикон 34** Дали според Вас реформите во средното училиште се резултат на Лисабонската Декларација? – Дали сте задоволни од извршените реформи во Вашето училиште?




Од графиконот 34 може да се забележи дека и во групата која смета дека реформите се целосно се резултат на ЛД. и од групата која смета дека реформите не се резултат на ЛД. најголем број ученици (65% и 42%) се изјасниле како задоволни од извршените реформи во нивното училиште.

Се забележува дека кај учениците постои извесно незадоволство од извршените реформи во училиштата. Затоа е неопходно да се знаат и нивните барања и очекувања од досега извршените реформи, но и следните што се предвидуваат. Нивните очекувања при извршувањата на реформите сѐ дека тие треба подобро и поорганизарано да се спроведуваат, бидејќи во краен случај, може да дојде до несоодветна и лошо спроведена реформа, која подоцна ќе се одрази негативно во нивното образование.

**Графикон 35** Колку сте запознаени со "Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015"?



Од графиконот 35 може да се забележи дека многу мал број од учениците (4%) се целосно запознаени со НП., една третина се делумно запознаени, додека над 50% се изјасниле дека не се запознаени со НП.

Ова укажува на многу мал процент на ученици кои имаат познавање на Националната програма за развој на образованието и потребата од нивно подобро информирање. Познавањето на Националната програма кај учениците би довело до подобро разбирање и прифаќање на реформите, кои го опфаќаат средното образование. Потребна е поголема корелација помеѓу МОН и професорите со цел успешно спроведување на реформите, бидејќи учениците се директно инволвирани во образованието и тие треба да знаат за идеите и реализацијата на НПРО.

**Графикон 36** Колку сте запознаени со "Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015"? – Дали сте задоволни со новата наставна програма?




Од графиконот 36 се забележува дека над 70% од учениците кои се целосно запознаени со НП. се задоволни од новата наставна програма. За разлика од нив, во групата на ученици кои не се запознаени со НП. 30% од учениците се незадоволни и 40% се само делумно задоволни од новата наставна програма.

Со измените и дополнувањата на новата наставна програма, растоварен е Наставниот план во смисла на намалување на бројот на наставните предмети, намален е вкупниот фонд на часови во сите години, а исто така, дефиниран е статусот и функцијата на одделни негови наставни подрачја, создадени се основни услови за поефикасна организација на воспитно – образовниот фонд во средните училишта во РМ. Со ова се потврдува успешноста од спроведената реформа со новата наставна програма.

**Графикон 37** Колку сте запознаени со "Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015"? – Дали сте задоволни од реализацијата на новите наставни програми?




Од графиконот 37 се забележува дека една половина од учениците кои се целосно запознаени со НП. се задоволни од реализацијата на новите наставни планови, додека другата половина не се запознаени со нивната реализација. Кај групата која не е целосно запознаена со НП, најголемиот број ученици (40%) се делумно задоволни од реализацијата на новите наставни програми.

Иако значително е подобрен квалитетот во реализацијата на наставата, сепак потребно е да се подобрат условите при изведувањето на новите наставни програми, особено при реализацијата на изборните предмети. Основен услов за успешно спроведување на наставата на изборните предмети е малиот број на ученици, за што се потребни повеќе училници, што во моментот недостасува речиси во сите средни училишта низ државата.

**Графикон 38** Колку сте запознаени со Националната програма за развој на образованието "2005 – 2015"? – Дали Вашето училиште располага со компјутери за сите ученици?



Од графиконот 38 може да се забележи дека над 70%, ученици кои се целосно запознаени со НП сметаат дека училиштето располага со компјутери за сите ученици, наспроти 60% кај учениците кои не се запознаени и 45% кај учениците делумно запознаени со НП. Големиот процент на сите ученици кој смета дека нивното училиште целосно располага со компјутери дава позитивен впечаток за заложбата на образовните институции од опремување на училиштата за современа настава.

Заради зголемување на ефикасноста на образовниот процес, во основните и средните училишта се инсталираа вкупно 17.818 персонални компјутери и 98.719 ЛЦД – монитори. Во сите средни училишта се инсталираа компјутери, но основниот проблем е во нивното оштетување. Мора да се пронајдат начини за нивна поефикасна заштита, бидејќи може да биде доведен во опасност и целиот проект "Компјутер за секое дете", што ќе има несогледливи последици на веќе започнатите реформи во средното образование во РМ.

**Графикон 39** Колку сте запознаени со Националната програма за развој на образованието "2005 – 2015"? – Дали компјутерите во Вашето училиште се поврзани во мрежа?




Од графиконот 39 може да се забележи дека најголемиот број ученици сметаат дека компјутерите во нивните училишта се поврзани во мрежа. Кај учениците кои се целосно запознаени со НП тој број е 100%, наспроти 50% кај учениците кои не се запознаени со НП. Една четвртина од учениците кои не се запознаени со НП. изјавиле дека компјутерите во нивните училишта не се поврзани во мрежа.

Генерално, компјутерите во средните училишта се поврзани во мрежа, што покажува за техничката подготвеност на училиштата во изведувањето на современата настава.

**Графикон 40** Колку сте запознаени со "Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015"? – Дали компјутерите во Вашето училиште се поврзани на Интернет?




Од графиконот 40 се забележува дека 75% од учениците кои се целосно запознаени со НП. изјавиле дека компјутерите во Вашето училиште се поврзани на Интернет, наспроти 70% од учениците кои не се запознаени со НП.

Во половина од средните училишта во РМ. има инсталирано широкопојасен интернет, што укажува дека поврзаноста треба да продолжи. Со употребата на интернетот се олеснува наставата како на професорите така и на учениците. Со креативно искористување на интернетот за целите на наставата, може значително да се зголеми нивото на квалитетот при изведувањето на наставните предмети.

**Графикон 41** Колку сте запознаени со "Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015"? – Дали сте вклучени во предавањата на новите наставни содржини од страна на Вашите наставници?



Од графикон 41 се забележува дека многу малку ученици се вклучени во предавањата на новите наставни содржини од страна на наставниците. Во групата на ученици запознаени со НП. половината се изјасниле дека многу малку се вклучени во новите содржини, а по една четвртина од нив дека воопшто не се или само половично се вклучени во предавањата. Кај учениците кои се не се запознаени со НП, 60% од испитаниците биле половично вклучени во предавањата.

Ова парцијално вклучување на учениците во предавањата на новите наставни содржини ја потврдува делумната реализираност на новите наставни програми поради несоодветна адаптираност на наставниот простор, недефинираните наставни планови и неподготвеноста на наставниот кадар за реформи.

**Графикон 42** Дали сте задоволни со реализацијата на новите наставни планови во Вашето училиште?




Од анкетираните ученици на графиконот 42 се забележува дека над 40% се задоволни од реализацијата, додека сличен број испитаници се делумно (26%) или не се задоволни (24%) од реализацијата на новите наставни планови во нивното училиште. Тоа укажува на потребата од поквалитетна реализација на реформите.

Со воведените реформи во наставните планови во средните училишта, се растоварени наставните програми и содржини, обезбедена е поголема самостојност и активност на учениците во образовниот процес. Но, сепак има и низа недоследности, кои се забележуваат при изведувањето на изборните програми, бидејќи за реализација на изборните предмети е потребен и поголем простор, што во моментот училиштата не се во можност да го обезбедат.

**Графикон 43** Дали сте задоволни со реализацијата на новите наставни планови во Вашето училиште? - Дали сте вклучени во предавањата на новите содржини од страна на Вашите наставници?




Од графиконот 43 може да се забележи дека над 80%, од студентите кои се потполно или делумно задоволни со реализацијата на новите содржини, биле делумно вклучени во предавањата на новите содржини, наспроти 66,7% во групата која е незадоволна од реализацијата на новите содржини. Резултатите покажуваат дека најголемиот број од сите групи анкетирани ученици се делумно задоволни од нивната вклученост во предавањата на новите содржини.

Тоа укажува на недоволната вклученост на учениците во интерактивната настава, но виновник треба да се бара и во обученоста на професорите за изведување на активната настава во средните училишта на РМ. што секако негативно ќе се одрази врз квалитетот на изведување на наставата и нејзиното совладување од страна на учениците.

## Заклучок од анкетниот прашалник со учениците

Со оглед дека промените во гимназиското образование најмногу се однесуваат на промените во Наставниот план и наставните програми, можеме да заклучиме дека се постигнати следните цели:

- воспоставени се соодветни мерки за растоварување на учениците:
- растоварување на Наставниот план;
- растоварување на наставните програми и содржини согласно психофизичките можности на учениците;
- обезбедена е поголема самостојност и активност на учениците во воспитно – образовниот процес.

Со реформите значително се растоварени учениците преку намалувањето на вкупниот фонд на наставни часови, како и преку поголема можност за избор на наставните предмети и содржини.

Воведувањето на компјутерите во средните училишта го приближија македонскиот ученик до современите процеси кои се одвиваат во средното образование во земјите на ЕУ. Проектот компјутеризација во училиштата успешно е спроведен, а во прилог е фактот дека 90% од учениците во Р. Македонија користат компјутери во нивните училишта.

Меѓутоа, и покрај позитивните реакции кај учениците, сепак проектот е проследен и со низа проблеми како што се: негрижата кај несовесните ученици кои ја оштетуваат компјутерската опрема (глувчиња и тастатура и сл.); немањето соодветна заштита на самите компјутери во училиштата (безбедносни камери), како и несоодветна електрична мрежа, кои можат да предизвикаат несакани последици во училиштата поради големиот број на компјутери.

Немањето на Интернет во поголемиот број средни училишта е секако сериозен недостаток, бидејќи со негово правилно искористување тој може да послужи за збогатување на знаењето и креативноста. Недостигот од простор на работната маса е исто така недостаток, бидејќи во услови кога не се користат компјутерите, учениците не се во можност да ги користат учебниците и работните тетратки.

Имајќи ги предвид резултатите од нашето анкетно истражување на учениците, можеме да заклучиме дека нивото на познавање на извршени реформи во нивното

училиште не е на многу високо ниво. Повторно се заобиколени учениците, кои треба да знаат кои се и какви ќе бидат промените во нивното образование, бидејќи сепак, се работи за нешто што директно влијае во нивната едукација, која подоцна може да им се одрази позитивно или негативно во нивното понатамошно продолжување во високото образование или при работата. Затоа е потребно преку трибини, класните часови, флаери и сл. да се запознаат сите со "Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015".

Од спроведената анкета кај учениците се забележува дека тие имаат многу мало или воопшто никакво познавање за Лисабонската Декларација. Тоа наведува дека ниту професорите (и тие се многу малку запознаени), ниту Министерството за образование и наука, ниту останатите образовни институции, како Бирото за развој на образованието и др. не ги информирале дека спроведувањето на реформите во средното образование се поттикнати токму од Лисабонската Декларација, каде во делот за образование прецизно се утврдени мерките и реформите кои се предвидени за добивање на едно квалитетно и успешно образование.

Можеме да заклучиме дека многу мал дел од учениците знаат дека во нивното училиште постои и функционира меѓународна размена на ученици со нивните врсници од земјите на ЕУ. Доколку сакаме да се доближиме и во иднина да бидеме дел од големото европско семејство, потребно е државата преку Министерството за образование и наука преку семинари, квизови и проекти, да им ја доближи претставата за Европската Унија, но не само теоретски туку и на начин што ќе обезбедува присуство на што поголем број на ученици во Унијата. Затоа е потребно да се вложи што поголема ангажираност и на самото училиште, бидејќи тоа е еден од начините да покажаме дека нашите ученици се рамноправни со знаење со учениците од ЕУ, каде основната идеја на ЕУ е токму идејата за интегрирање на сите луѓе во неа.

Откривањето и работата со талентираните ученици во средното образование според нашата спроведена анкета е на многу ниско ниво. Затоа е потребно:

- формирање на специјални тимови за откривање на талентирани ученици;
- дефинирање на критериумите за избор и посебни наставни програми за развој на нивните способности и
- преку тестирање на учениците да се препознаат талентираните ученици.

Учениците во средното образование во Р. Македонија во најголем дел не се запознаени со вредностите врз кои се темели Европската Унија, но сепак даваат до знаење дека ги почитуваат хуманистичките принципи и принципот на еднаквост кај

сите луѓе. Тоа го покажуваат со позитивните одговори во спроведена анкета, одговарајќи дека без разлика на социјалната разлика меѓу учениците, сите треба да добијат еднаква шанса да се запишат и завршат средно образование.

Државата воведе бесплатен автобуски превоз и користење на бесплатни учебници. Но, се појавија и извесни проблеми со немање учебници во некои училишта. Проблемот се појави поради доцнењето на новата наставна програма во некои стручни училишта, како и поради извесни грешки од авторите на новите учебници. Од наведеното, можеме да заклучиме дека е потребна поголема корелација меѓу институциите, како и со авторите на самите учебници кои се одговорни за појавувањето на овие недостатоци, а секако треба да се побара и одговорност, бидејќи овие случувања негативно делуваат врз учениците.

# ЗАКЛУЧОК

Република Македонија се соочува и ќе се соочува и во иднина со решавање на низа значајни прашања. Основна цел во овој случај е зајакнувањето на човечките ресурси на државата како квалитет кој ќе овозможи оптимално решавање на овие прашања.

Вклучувањето на младите и возрасните во образовните и истражувачките процеси на соработка со земјите од Европската Унија и останатите земји во светот, може да придонесе за решавање на одредени проблеми на нашата земја, на внатрешен и надворешен план. За таа цел, се настојува да се изградат јасни механизми за национална и интернационална соработка и нова архитектура на вредности која треба да ги задоволи барањата на развојните процеси и меѓународната сосработка од една страна, и да помогне во решавањето на внатрешните проблеми во државата, од друга страна. Ваквите настојувања треба да резултираат со остварување на соништата на секој граѓанин за напредување во кариерата во согласност со неговите животни определувања.

Р. Македонија има потреба за добро информирани и едуцирани граѓани, како и за една способна работна сила, со цел да изгради општество на иднината основано на знаење. За оваа цел, образованието треба да ни биде главен приоритет за во иднина.

Средното образование во Р. Македонија сè уште не е во рамките на Европските стандарди. Со изготвувањето на "Националната програма за развој на образованието 2005-2015" се дадоа нови согледувања и поттик за надминување на целокупната состојба на образовниот систем Р. Македонија.

Состојбата покажа дека претстојат многу предизвици со цел да се подобри и издигне на едно повисоко ниво образовниот систем на нашата држава, а во конкретниот случај тоа е средното образование.

Средното образование е составен и неделив елемент од развојот на секоја земја, што е особено важно во подготвувањето на секој ученик за предизвиците кои ги носи високото образование. Без квалитетно и ефикасно средно образование, ниедна земја, вклучувајќи ја и Македонија не може да очекува и настојува дека може да напредува

во свет на компјутери, интернет, на брзо и динамично општество, каде се бара добро образование, обучени луѓе кои ќе можат да се носат со предизвиците на сè поизразената глобализација и несигурното економско опкружување во целиот свет.

Современите општествени и економски промени се меѓусебно поврзани. Тие истакнуваат две подеднакво важни цели на филозофијата на успешно и квалитетно образование, а тие се: промовирање на поединецот во општеството како активен граѓанин и промовирање на можностите за вработување.

Средното образование кое е во потрага и напредок по знаења, претставува огромно културно и научно богатство за поединците и општеството. Средното образование треба да игра клучна улога во взаемното разбирање и толеранција, како и во создавањето на взаемна доверба помеѓу луѓето и нациите и разноличностите во образовните системи во земјите членки на ЕУ.

Речиси сите Европски земји имаат направено услови за обезбедување успешно и квалитетно образование врз основа на Лисабонската Декларација, како и висок степен на соработка и вмрежување. Тие услови и цели треба да ги создаде и Р. Македонија.

За да имаме едно квалитетно средно образование, потребно е надминување на веќе утврдените недоследности и слабости и започнување на реформи во средното образование, а воедно и во целиот образовен систем во Р. Македонија.

Како земја кандидат во Европската Унија, нашата држава уште во 2000 год. со утврдените критериуми поставени во Лисабонската Декларација, почувствува дека е должна да ги следи препораките (иако не сме приморани) кои се дадени од страна на Европската Комисија.

Нашата држава има низа недоследности во делот на финансирањето на образованието, каде според Лисабонската Декларација потребно е секоја земја – членка на ЕУ да издвојува 3% од БДП на државата. Но, во последниот извештај на Европската Комисија за 2011 год. за Р. Македонија се вели дека има недоволно издвоено финансиски средства за потребите на образованието. Сето тоа крајно неповолно ќе се одрази и во спроведувањето на започнатите реформи во средното образование. Ако се знае дека најголемиот процент од средствата од буџетот за образование оди за плати за професорите, тогаш тешко може да се говори за сериозно самостојно инвестирање во образованието во Р. Македонија.

Понатаму, како позитивен ефект од спроведените реформи можеме да го истакнеме воведувањето на децентрализацијата во образовниот систем. Речиси без никакви проблеми, средните училишта преминаа во рацето на локалната власт, каде се очекува дека децентрализацијата ќе ја зајакне и педагошката, административната и финансиската автономија на средните училишта.

Што се однесува до спроведувањето на програмата за Доживотно учење, кое е највероjатно најважниот предизвик со коишто се соочуваат земјите во ЕУ, според статистичките податоци, нашата држава следејќи ги целите на Лисабонската Декларација, бележи значително подобрување кај стапката на учество кај возрасните во образованието, иако е тоа далеку од просекот на ЕУ, каде целта на Декларацијата е зголемување на 12,5%.

Во делот на информатичко – комуникациските истражувања – ИКТ, Р. Македонија има значителен исчекор. Со огромните вложувања во компјутеризацијата на сите средните училишта низ државата, нашата држава се вброи во самиот врв во ЕУ во употребата на информатичко – комуникациски технологии. Особено голем акцент се стави на обуката на учениците и наставниците во успешното совладување на компјутерските техники.

Се создаде е-дневник, кој ќе биде од огромна корист на професорите, но и на самите родители, кои во секој момент ќе имаат целосен увид во оцените на своите деца. Како недостаток во спроведувањето на целосната компјутеризација во средните училишта се појавува немањето на безбедносни системи за заштита на самите компјутери, како и немањето на доволно силен електричен напон во некои од училиштата, особено во руралните средини.

Со усвојувањето на “Националната Програма за развој на образованието 2005-2015” се детектирале причините за долгогодишната некоординираност на образованието со пазарот на трудот, каде со децении се образувале вишоци на кадри, кои не се вклопувале во потребите на пазарот на трудот. Но, според препораките на Лисабонската Декларација, “Националната Програма за развој на образованието 2005-2015” (НПРО) предвидува образовните услуги да го напуштат светот на формализирани стандарди на сметка на актуелните потреби на стопанството и овозможување на функционална поврзаност со пазарот на трудот. Позитивни влијанија

се очекуваат и со воведувањето на едногодишните, двегодишните и потсредното образование.

Сетоа ова ќе овозможи на оние кои сакаат да работат, да имаат и минимална обученост.

Следејќи ги упатствата и препораките на Европската Унија усвоени во Лисабонската Декларација, Р. Македонија значителен напредок постигна и во намалувањето на ученици кои прерано го напуштаат средното образование. За да го спречи понатамошното осипување на учениците, нашата држава воведе задолжително средно образование. Тоа секако позитивно ќе влијае, особено преку воведувањето на бесплатното средно образование, кое вклучува бесплатни учебници и бесплатен превоз до училиштата. Овој потег секако треба да се поздрави, кој сигурно ќе придонесе зголемување на интересот за продолжување на образованието кај оние ученици кои поради недостаток на доволно финансиски средства не можат да продолжат со понатамошното образование.

Со воведувањето на новиот наставен план во средните училишта во Р. Македонија од страна на Бирото за развој на образованието, се доби растеретување и рационализација на наставниот план, се намали бројот на наставните предмети и на вкупниот фонд на часови во сите години во средното образование.

Со подобрувањето на квалитетот во средното образование во Р. Македонија предвиден во Лисабонската Декларација, се воведоа и екстерни матурски испити. Потребата од промени произлегла и од воочените слабости на постојните испити на крајот на средното образование.

Воведувањето на Државната матура ќе им послужи на учениците да видат дали и колку се спремни за понатамошното продолжување на образованието и воедно ќе им ги укаже евентуелните слабости во делот на нивното образование.

И покрај воочените слабости, но и позитивни резултати, Р. Македонија треба храбро и одлучно да ги спроведе до крај започнатите реформи во целиот образовен систем, бидејќи само на тој начин ќе покаже дека ги почитува своите граѓани, но и дека се стреми да биде достојна земја – членка на ЕУ, која се стреми да создаде модерно образование спремно за 21 век.

**Користена литература**


Ангелоска – Галевска, Н.1998. *Квалитативни истражувања во воспитувањето и образованието.* Битола: Киро Дандаро

Адамческа,Снежана.1996. *Активна настава.* Скопје: Легис

Ballantine. H.J.1983. *The Sociology of Education. New Jersey: Prentice – Hall, Inc. Englewood Sliffs*

Биро за развој на образованието на Р.М. 2004. *Социологија за III година.* Скопје: Просветно дело АД.

Биро за развој на образованието на Р.М. 2005. *Социологија за IV година.* Скопје: Просветно дело АД.

________________ .2006. *Социологија за I година (економско – правна и трговска струка.* Скопје: Просветно дело АД

Вајденфелд, Вернер., Веселс Волфанг.2003. *Европа од А до Ш – Прирачник за европска интеграција.* Bonn: Europa Union Verlag GmbH

Гоцевски, Трајан.2010.*Образовните системи во Европската Унија.* Куманово:Македонска ризница

Dirkem, Emil.1981. *Vaspitanje I sociologije.* Beograd: Zavod za udzbenike

Domenak, Zhan Mari. 1991. *Evropa: Kulturni izazov.* Beograd: Biblioteka XX

Георѓиевски, Т.П.1999. *Социологија на образованието.* Скопје: Веда

Ѓеоргиевски, Петре Т.1994.*Социологија на образованието (Филозофски факултет, Институт за социологија,* Скопје: Веда

Галевска – Ангелевска,Наташа. 1998. *Квалитативни истражувања во воспитанието и истражувањето.* Битола: Киро Дандаро

Ивковиќ, Миомир. 1999. *Образовање у друштвеном контектсту.* Ниш: Студентски културни центар

Ивковиќ, Момир .1992. *Настанак и развој социологије образзовања, теме 1 – 2.* Ниш: Градина

Mulkey. M. L.1993. *Sociology of Education, Theoretical and Empirical Investigations.* New York: Harcourt Brace Jovanovich College Publisher

Marjoribanks K.1985. *Sociology of education: The International Encyclopedia of Education.* Oxford: Pergamon

Meigham. R.1994. *A Sociology of Education. London: Cassel Education Ltd*

Матевски, Зоран. 2001. *Граѓанско образование, прирачник за наставници во средните училишта. Скопје: Биро за развој на образованието*

________________.2000. *Масмедиумите и наставата.* Скопје: Здружение на социолозите на Р. М.

Министерство за образование и наука Биро за развој на образованието.2003. *Гимназиското образование во Република Македонија (состојби, проблеми, промени).* Скопје

OECD.2007. *Learning for Tomorrow's Worlds – First Results from PISA 2003*

Ottaway, A.K.C. 1970. *Education and Society: An Introduction to the Sociology of Education.* London: Routledge & Keagan Paul

Пецаковска, Сузана и Споменка Лазаревска. 2009. *Долг е патот до општество базирано на знаење: Македонскотообразование во светло на реперите и индикаторите на "Образование и обука 2010"* – Програма за работа на Европската комисија: Фондација Институт отворено општество – Македонија. Скопје: Кома лаб

Панзова, Виолета.2003. "*Науката како занает*". Филозофски факултет. Куманово:Македонска ризница

Parelius,Robert J and Ann.1987.*The Sociology of Education.* NJ: Prentice-Hall

Rabow, Jerome and Thomas Robischon.1972.*The Public School: Organizational and Teacher Goals. London: Longman*

Реџепи, Л., Андонова – Митревска, Т., Самарџиќ – Јанкова, Т. 2004. *ПИСА 2000 – Постигања на учениците во Република Македонија,.* Скопје: *Биро за развој на образованието*

Река, Блерим., Ибрахими, Арта.2004. *Европскиот Институции, политиката и правото на Европската Унија.* Тетово: Арбериа Дизајн

Sandro Goci. 2003. *Evropska Vlada.* Beograd: HMG

Ибрахими,Арта.2003. *Политички институции на Европската Унија:Европска Комисија.* Скопје: Логос - А

Ивановиќ, Станоје. 1985. *Современите потреби и насоченото образование.* Београд: БИГЗ

Ilic, Gordana. 2004. *Reforme Evropske Unije.* Beograd: IGP "Prometej"

Ташева, Марија.1992. *Социологија на образованието*. Скопје: (предавања одржани на ПА "Св. Климент Охридски". Скопје)

Langran, Pol.1976. *Uvod u permanentno obrazovanje*. Beograd: BIGZ

Cifrič, Ivan.1990. *Ogledi iz sociologije obrazovanja*. Zagreb: Školske novine

Kuzmanovska, I. Janevski, V., Stojanova, V. and Kemicieva – Panovska, A.2007. *Report on Macedonian education policy and priorities in the light of the EU's Policy Directions, ETF report, unpublished paper*

Kjosev,S.,Mojsovska – Blazevski, N.,Corcoran,T., Popova, N., Fetsi, A.,Nikolovska, M., Nielsen, S. and Helmut, Z.2005. *Labour Market Review of Former Yugoslav Republic of Macedonia, European training Foundation,* Turin: New Books

Коковиќ, Драган.1994.*Социологија образовања:друштво и едукациски предизвик*. Нови Сад: Матица Српска

Жоглев, Златко.2002. *Социологија на образованието.* Битола: Киро Дандаро

Хараламбос, Мајкл.1989. *Увод у социологију.* Загреб: Глобус

Hurn.Cristopher J. 1985. *The Limits and Possibilities of Schooling: an introduction to the sociology of education. Inc. Boston – London – Sydney – Toronto*

Haralambos. M.& Holborn. M.2000. Sociology: *Themes and Perspectives.* London: Collins

**Програми и закони:**

Биро за развој на образованието на Р. Македонија.2001. *Граѓанско образование, прирачник за наставниците во средните училишта.* Скопје

Биро за развој на образованието на Р. Македонија.2001. *Граѓанско образование, прирачник за средни стручни училишта.* Скопје

________________ .2004. *Меѓуетничка соработка во сферата на образованието – пример за дијалог меѓу невладиниот сектор и државните институции.* Социолошка ревија (број 1 – 2, 2004 год.). Здружение на социолозите на Р. Македонија. Скопје

______________.2010. *Имплементација на образованието и обука 2010 "Програма за работа, Работна група за Подобрување на образованието на наставниците и обучувачите"*. Скопје

Влада на Република Македонија, Министерство за образование и наука на Р. Македонија 2006. *Национална програма за развој на образованието 2005 – 2015*

Влада на Република Македонија. 2008. *Програма за работа на Владата на РМ за периодот 2008 – 2011*

Government of the Republic of Macedonia. *2008. Ministry of Education and Science, Development and State of Adult Learning and Education, National report of the Republic of Macedonia*

Државен Просветен Инспекторат.2010. *Квалитетот на воспитно – образовниот процес во основните и во средните училишта Република Македонија 2009/10*

Државен Испитен Центар.2009. *Концепција за матура и за завршен испит во средното образование со четиригодишно траење во Република Македонија.* Скопје

Влада на Р.М. 2008. *Децентрализацијата во Македонија (рамномерен развој и образование – состојби и перспективи)*

Државен завод за статистика.2007. *Статистички годишник на Република Македонија*

Европска комисија.2003. *Имплементација на образованието и обука 2010; Програма за работа, работна група за подобрување на образованието на наставниците и обучувачите.* Скопје: Тековен извештај од Европската комисија. Генерален директорат за образование и култура

EUROSTAT.2007. Pocketbook on Candidate and Potential Candidate Countries – 2007 edition

European Commission.2007. *Strategic report on the renewed Lisbon strategy for growth and jobs: launching the new cycle 2008 – 2010: Keeping up the pace of change, Communication from the Commission to the Spring European Council 803 final. Brussels*

European Commission DG EAC .2007. *The Key Competences for Lifelong Learning – European Reference Framework, Office for Official Publications of the European Communities. Luxembourg*

European Commission.20078 *Progress Towards the Lisbon Objectives in Education and Training, Indicators and Benchmarks 2008.* Commission staff working document

European Commission.2008.*Western Balkans: Enhancing the European Perspective, Communication from the Commission to the European Parliament and the Council, COM* (2008). Brussels

Eurydice.1995. *Key Data on Education in the European Union*. Brussels: EC

Eurydice.1997. *Key Data on Education in the European Union*. Brussels: EC

European Council.2008. *Council Decision 2008/212/EC of 18 February 2008 on the principles, priorities and conditions contained in the Accession Partnership with the Decision 2006.57/EC*

*EUROSTAT.2008. European Union Labour Force Survey – Annual results 2007*

Финансирање на децентрализираното образование во Македонија. 2011. *Преглед на националниот систем на распределба*. Центар за интердисциплинарно моделирање ICM Варшавски Универзитет.

IBE.1999. *World data on Education CD – Rom. UNESCO*

МОН. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 – 2015 со придружни програмски документи. Скопје

Метаморфозис. 2010. *Употребата на компјутери и интернет во образовниот систем на РМ*

Собрание на Република Македонија. 2005. *Национална стратегија за развој на информатичко општество и акционен план*. Скопје

Tyler,William.1998. *School Organization: a Sociological Perspective.* CROOM HELM. London&Sydney

UNESCO. 2007. *International Standard Classification of education.* ISCED1997. November 1997

Закон за средното образование.2000.Службен весник на Република Македонија бр. 64/2000 од 3 август

Закон за средното образование. Службен весник бр. 52/2002

Закон за изменување и дополнување на законот за средното образование. Службен весник бр. 40/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005

Коминике од Комисијата на Европската Заедница: Ефикасно инвестирање во образование и обука – императив за Европа

OSCE.2006. *Summary Report on the Findings of the survey on the implementation of the process of decentralization.* OSCE Spillover Monitor Mission to Skopje

World Bank; OSI. 2007. *Decade Watch: Roma Activists Assess the Progress of the Decade of Roma Inclusion, 2005 – 2006.* Budapest

World Bank.2008. *Public Expenditure Review Report for Macedonia 2008, World Bank Report No.42155 – MK*

Hadzishce A. and Velkovski Z. 2005. World Bank. Tertiary Education and Innovation System in Macedonia, report: World Bank

**Документи:**

CEC.2001. *Realising the European Union's Potential: Consolidating and Extending the Lisbon Strategy. Communication from the Commission, COM (2001.) 79 final of 7/03/2001.*

Commision staff working document.2010. *Lisbon Strategy evaluation document final*

*CESIS. 2007. The Lisbon Agenda From 2000 To 2010 Paper No.106*

European Commission DG EAC. 2005. *Study on Access to Education and Training, Basic Skills and Early School Leavers (Ref. DG EAC 38/04) Final Report PDF.* London

European Union's Potential: *Consolidating and Extending the Lisbon Strategy. Council document No. 6455/01*

Европска Комисија. 2003. *Работна програма: Подобрување на образованието на наставниците и обучувачите ПДФ.* Брисел

Komisija na evropskite zaednici. 2001. *Konkretnite idni celi na edukativniot system PDF.* Brisel

Komisija na evropskite zaednici.2003. *Efikasno investiranje vo obrazovanie i obuka: Imperativ za Evropa* PDF. Brisel

Social Protection Committee .2001. *Report on Indicators in the Field of Poverty and Social Exclusion. Council document No. 13509/01*

Social Protection Committee. 2002. *European Union's Potential: Consolidating and Extending the Lisbon Strategy. Council document No. 6455/01*

Веб страни:


http://www.bro.gov.mk/?q=nastavni-planovi

http://www.ec.europa.eu/education/policies/2010/doc/jir_concil_final.pdf

http://www.ibe.unesco.org/en/access-by-country/europe-and-north-america/the-former-yugoslav-republic-macedonia/profile-of-education.html

http://www.matura.gov

http://www.uis.unesco.org?TEMPLATE/pdf/isced/ISCED_A.pdf

http://www.unesco.org/uil/en/UILDF/nesico/confintea/Tfyrom.pdf

http://www.ec.europa.eu?education/pdf/doc282_en.pdf

http://www.epp.eurostat.ec.europe.eu/cache/ITY_OFFPUB/KS-PF-08/EN/KS-PF-08-001-EN.PDF

http://www.ec.europa.eu.education/policies/2010/doc/progress08/report_en.pdf

http://www.ec.europa.eu/dgs/education_culture/publ/pdf/llearning/keycomp_en.pdf

http://www.register.consiliu.europa.eu/pdf/en/07/st10/st10083.en07.pdf

http://www.ec.europa.eu.growthandjobs/pdfeuropean-dimension-200712-annual-progres-report/en.pdf

http://www.pravo.org.mk/download/ZAKONI/Sub/Sredno_obrazovanie (precistentekst)_2002.pdfza_Struchno_obrazoanie_i_obuka_117_18092008.pdf

http://www.pisa.oecd.org

http://epp.eurostate.ec.europa.eu/cache/ITYOFFPUB/KS-QA-08-027/EN/KS-QA-08-027-EN.PDF

http://www.finance.gov.mk/mk/budzet/budzet_2009-final.pdf

http://www. mtsp.gov.mk/WBStorage?files/strategija.pdf

http://www.npro.edu.mk/dokumenti/strategija-mk.pdf

http://www.bro.gov.mk/podracje/ispiti/megunarodni/PISA-Izvestaj-makedonski.pdf

## Анкетен Прашалник

**Училиште__________________________________**

**Вид на образовната програма________________**

**Пол______________________________________**

**Година на школување_______________________**

## Анкета

**(за ученици)**

**1. Дали сте запознаени со основните вредности врз кои се темели Европската Унија?**

а) Не сум запознаен

б) Делумно

в) Целосно

**2. Дали досега сте слушнале за терминот "Лисабонска Декларација" ?**

а) Не сум сигурен

б) Не

в) Делумно

в) Да

**3. Дали според Вас, реформите во средните училишта се́ резултат на Лисабонска Декларација?**

а) Многу малку

б) Делумно

в) Не

г) Целосно

**4. Колку сте запознаени со “Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015”?**

а) Не сум запознаен

б) Делумно

в) Не

г) Целосно

**5. Како го оценувате воведувањето на задолжителното средно образование?**

а) Не сум сигурен

б) Негативно

в) Позитивно

**6. Дали сте задоволни со новата наставна програма?**

а) Не сум запознаен

б) Делумно

в) Не

г) Да

**7. Дали сте задоволни со реализацијата на новите наставни планови во Вашето училиштето?**

а) Не сум запознаен

б) Не сум задоволен

в) Делумно

г) Потполно

**8. Дали имате забелешки од страна на наставниците, од начинот на организацијата и реализацијата на наставата, според новите наставни планови?**

а) Имам забелешки

б) Не можам да се определам

в) Воопшто немам забелешки

**9. Како го оценувате воведувањето на задолжително средно образование?**

а) Не сум сигурен

б) Негативно

в) Позитивно

**10. Дали сте задоволни од воведувањето на бесплатните учебници во училиштата?**

а) Воопшто не сум задоволен

б) Не можам да се определам

в) Делумно сум задоволен

г) Целосно сум задоволен

**11. Како го оценувате воведувањето на државната матура?**

а) Воопшто не сум задоволен

б) Не можам да се определам

в) Делумно сум задоволен

г) Целосно сум задоволен

**12) Дали Вашето училиште располага со компјутери за сите ученици?**

а) Не сум запознаен

б) Делумно

в) Недоволно

г) Целосно

**13. Дали компјутерите во Вашето училиште се поврзани во мрежа?**

а) Не сум запознаен

б) Делумно

в) Не

г) Да

**14. Дали компјутерите во Вашето училиште се поврзани на Интернет?**

а) Не сум запознаен

б) Делумно

в) Не

г) Да

**15. Дали во Вашето училиште се́ реализира меѓународна размена на ученици со средните училишта од земјите во Европската унија?**

а) Не сум запознаен

б) Делумно

в) Не

г) Да

**16. Колку сте задоволни од извршените инвестирања за подобро функционирање на Вашето училиште?**

а) Не сум запознаен

б) Многу малку

в) Делумно

г) Целосно

**17. Дали во Вашето училиште постои програма за надарени и талентирани ученици?**

а) Не сум запознаен

б) Делумно

в) Не

г) Да

**18. Дали сте вклучени во предавањата на новите содржини од страна на Вашите наставници?**

а) Не, воопшто

б) Делумно

б) Активно учествуваме

г) Пасивно учествуваме

**19. Дали во Вашето училиште со новите наставни програми, сé издвојува доволно време за извршување на практичниот дел за одредени предмети?**

а) Не сум запознаен

б) Делумно

в) Не

г) Да

**20. Дали во Вашето училиште со извршените реформи имате подобри услови (материјално и технички) за извршување на практичниот дел за одредени предмети?**

а) Не сум запознаен

б) Делумно

в) Не

г) Да

**21. Дали сте задоволни од извршените реформи во Вашето училиште?**

а) Не сум запознаен

б) Делумно

в) Не

г) Да

## Анкетен Прашалник

**Училиште________________________________**

**Вид на образовната програма_______________**

**Пол______________________________________**

**Година на предавање______________________**

## Анкета

**(за професори)**

**1. Дали сте запознаени со реформите предвидени со Лисабонската Декларација во Вашето училиште?**

а) Не сум запознаен

б) Делумно

в) Не

г) Да

**2. Колку сте задоволни од спроведувањето на "Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015", во Вашето училиште?**

а) Не сум информиран

б) Не сум задоволен

в) Делумно

г) Многу сум задоволен

**3. Како го оценувањето воведувањето на задолжително средно образование?**

а) Не можам да се определам

б) Не сум задоволен

в) Делумно

г) Многу сум задоволен

**4. Дали сте подготвени на Вашите ученици да им ги објасните промените/реформите во Вашето училиште?**

а) Не можам да се определам

б) Не се чувствувам подготвен

в) Делумно

г) Подготвен сум

**5. Која ИТ (информатичка опрема), ја поседува Вашето училиште?**

а) Видео бим

б) Прожектор

в) Принтер

г) Скенер

**6. Дали компјутерите во Вашето училиште се поврзани во мрежа?**

а) Не сум информиран

б) Делумно

в) Не

г) Да

**7. Како би го оцениле Вашето ниво на познавање на работа со компјутер?**

а) 0 – 20%

б) 21 – 40%

в) 41 – 60%

г) 61 – 80%

д) 81 – 100%

**8. Од кои следни апликативни програми имате познавања при работа на компјутер? (можни се од 0 до 5 одговори)**

а) Microsoft Word

б) Microsoft Excel

в) Power Point

г) Било која програма за пребарување по интернет

д) Некоја друга апликативна програма (наведете која)

**9. Дали сметате дека компјутерот како машина, може да Ви помогне во изведувањето на настава?**

а) Не сум сигурен

б) Не

в) Понекогаш

г) Да

**10. Дали сте задоволни од воведувањето на активна настава (интерактивна настава), во Вашето училиште?**

а) Не можам да се определам

б) Воопшто не сум задоволен

в) Делумно

г) Целосно

**11. Дали активната настава им помага на учениците за полесно совладување на наставната програма?**

а) Не можам да се определам

б) Воопшто не сум задоволен

в) Делумно

г) Целосно

**12. Дали во Вашето училиште има услови за спроведување на активна настава?**

а) Не можам да се определам

б) Воопшто не сум задоволен

в) Делумно

г) Целосно

**13. Колку сте задоволни со поврзаноста на локалната самоуправа, државата и приватните фирми со Вашето училиште?**

а) Не можам да се определам

б) Воопшто не сум задоволен

в) Делумно

г) Целосно

**14. Колку сте задоволни од досегашните спроведени резултати од Државната матура во Вашето училиште?**

а) Не можам да се определам

б) Воопшто не сум задоволен

в) Делумно

г) Целосно

**15. Дали со новиот наставен план е порастеретен неделниот фонд часови во Вашето училиште?**

а) Не можам да се определам

б) Воопшто не сум задоволен

в) Делумно

г) Целосно

**16. Дали сте задоволни од реализацијата на изборните содржини со новиот наставен план во Вашето училиште?**

а) Не можам да се определам

б) Не сум задоволен

в) Делумно

г) Задоволен сум

**17. Дали според Ваше мислење, наставниците се́ доволно оспособени за реализација на новите наставни програми?**

а) Не можам да се определам

б) Не се оспособени

в) Делумно

г) Оспособени се

**18. Дали постојат еднакви можности за вклучување на сите ученици во средното образование во Р. Македонија?**

а) Не сум сигурен

б) Не

в) Делумно

г) Да

**19. Дали сте задоволни со резултатите од ново воведениот предмет "граѓанско општество", во Вашето училиште?**

а) Не сум информиран

б) Не сум задоволен

в) Делумно

г) Задоволен сум

**20. Дали се́ чувствува подобрување во квалитетот на сите нивоа, со воведувањето на децентрализацијата во образовниот систем во Р. Македонија, во Вашето училиште?**

а) Не можам да се определам

б) Воопшто не сум задоволен

в) Делумно

г) Задоволен сум

**21. Дали во Вашето училиште сé реализира меѓународна соработка со средните училишта од земјите во Европската унија?**

а) Не сум сигурен

б) Не

в) Делумно

г) Да

**22. Дали сте задоволни од досега извршените реформи во Вашето училиште?**

а) Не сум сигурен

б) Не

в) Делумно

г) Да